д-р Елизабета Џамбаска | д-р Александра Лозаноска

# ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА



# ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ Св. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

# ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

**д-р Елизабета Џамбаска**
**д-р Александра Лозаноска**

**Скопје, 2023 година**

***Издавач:***

Економски институт – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ул. „Пролет“ бр. 1, 1000, Скопје
Република Северна Македонија

***За издавачот:***

проф. д-р Зоран Јаневски

***Уредници:***

проф. д-р Елизабета Џамбаска
проф. д-р Александра Лозаноска

***Рецензенти:***

проф. д-р Верица Јанеска
проф. д-р Наташа Трајкова Најдовска

***Јазична редакција:***

Раско Лозаноски

***Компјутерска обработка:***

Европа 92 - Кочани

***Печати:***

Европа 92 - Кочани

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

331.5:330.34:[616.98:578.834(497.7)

ЕКОНОМСКИОТ развој и пазарот на работна сила во Република Северна Македонија во услови на ковид-19 пандемијата [Електронски извор] / Елизабета Џамбаска, Александра Лозаноска. - Текст во пдф формат, содржи 152 стр., илустр. - Скопје : Универзитет Св. „Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт - Скопје, 2023

Начин на пристапување (URL):
http://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/02/Ekonomski-razvoj-vo-uslovi-na-Kovid19.pdf.
- Тираж 100. - Фусноти кон текстот. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 17.02.2023 год

ISBN 978-608-4519-31-7

а) Пазар на работна сила -- Економски развој -- Ковид 19 -- Македонија
COBISS.MK-ID 59406341

## *Содржина*

Предговор ........ 11

Вовед ........ 13

I. ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ........ 17

1. Промени на економскиот раст и развојот пред Ковид-19 пандемијата ........ 17
2. Инфлацијата во претпандемискиот период ........ 25
3. Особености на пазарот на работната сила во периодот пред Ковид-19 кризата ........ 29
    - 3.1 Промени на пазарот на работната сила во преттранзиционоиот период ........ 30
    - 3.2 Особеностите на работоспособниот контингент во периодот 2000-2019 година ........ 34
    - 3.3 Промените во вработеноста во претпандемискиот период ........ 37
    - 3.4 Карактеристики на невработеноста во периодот пред Ковид-19 кризата ........ 49
4. Продуктивноста и нејзиното значење за економијата на Република Северна Македонија ........ 56
5. Квалитетот на живот во Република Северна Македонија, анализиран преку индикаторите за човеков развој ........ 64

II. ПРОМЕНИТЕ ВО МАКРОЕКОНОМИЈАТА КАКО РЕЗУЛТАТ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ........ 74

1. Пандемијата во Република Северна Македонија и макроекономските предизвици ........ 74
2. Економскиот раст во услови на пандемија ........ 76
3. Влијанието на Ковид-19 кризата врз инфлацијата ........ 90
4. Промени на пазарот на трудот во услови на Ковид-19 пандемијата ........ 93
5. Продуктивноста во периодот на здравствената криза ........ 103
6. Квалитетот на живот во Република Северна Македонија во периодот на пандемијата ........ 105

III. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ВЛИЈАНИЕТО ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТАВРЗ РАБОТАТА И ЕКОНОМИЈАТА ..... 112
1. Методолошки приод и примерок на истражувањето ..... 112
2. Анализа на резултатите од анкетното истражување ..... 113
2.1. Демографските и социоекономските карактеристики на испитаниците ..... 113
2.2. Промени на работното место предизвикани од пандемијата ..... 115
2.3. Социоекономски промени на индивидуално ниво како резултат на кризата ..... 118
2.4. Мерки за надминување на последиците предизвикани од пандемијата ..... 121
Заклучок и препораки ..... 124
Библиографија ..... 141
Прилог 1 Анкетен прашалник ..... 146

## *Содржина на табели*

*Табела број 1*: Стапката на инфлацијата во Република Македонија во периодот 1991-1999 година ..... 26
*Табела број 2:* Бројната состојба и промените на вкупно, работоспособно и активно население во Република Македонија, за 1953, 1961, 1971, 1981 и 1988 година ..... 31
*Табела број 3:* Стапката на активност на населението и општата стапка на активност на работоспобниот контингент, 2000-2010 година ..... 34
*Табела број 4:* Бројот на вработени и стапките на вработеност, 2000-2010 година ..... 37
*Табела број 5:* Бројот и структурата на вработените според нивото на образованието, 2010 и 2019 година ..... 42
*Табела број 6:* Бројот на вработените според секторите на дејност, 2010-2019 година ..... 44
*Табела број 7:* Бројот на вработените според занимањата, 2010-2019 година ..... 47

*Табела број 8:* Стапките на невработеност според возраста,2010-2019 година ........................................ 53

*Табела број 9:* Долгорочната невработеност, според полот, *2010-2019 година*..........................................................................55

*Табела број 10:* Пресметка на вкупната факторска продуктивност во периодот 2000- 2020 година ........................................................... 60

*Табела број 11:* Продуктивноста на претпријатијата според Анкетата на претпријатијата на Светска банка 2019 година.................................. 62

*Табела број 12:* Продуктивноста на претпријатијата според секторот во 2009, 2013 и 2019 година .................. 62

*Табела број 13:* Продуктивноста на претпријатијата според големината на претпријатието во 2009, 2013 и 2019 година............................................ 63

*Табела број 14*: Продуктивноста на претпријатијата според извозната ориентација во 2009, 2013 и 2019 година.......................................................................... 63

*Табела број 15:* Индексот на човековиот развој за селектирани земји ........................................................ 67

*Табела број 16:* Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста, 2010-2019 година ............................ 68

*Табела број 17:* Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста за селектирани земји ................................................. 69

*Табела број 18:* Индексот на човековиот развој според полот за селектирани земји во периодот 2010-2019 ................................................ 70

*Табела број 19:* Стапките на активност, вработеност и невработеност, според полот, 2019-2021 година........................................................... 93

*Табела број 20:* Стапките на вработеност и невработеност, според возраста, 2019-2021 година........................................................... 95

*Табела број 21:* Бројот на вработените и невработените, 2020-2021 година (квартални податоци) .............................................. 98

*Табела број 22:* Стапките на активност на населението по возрасни групи, 2020 и 2021 година (квартални податоци) ............................................ 101

*Табела број 23:* Активно население според школската подготовка,2020 и 2021 година (квартални податоци) ... 102

*Табела број 24:* Индексот на човековиот развој за селектирани земји, 2019-2021 година ... 106

*Табела број 25:* Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста за селектирани земји, 2019-2021 година ... 107

## Содржина на графикони

*Графикон број 1:* Бруто домашниот производ и стапката на економски раст во периодот 2001 – 2019 година ... 20

*Графикон број 2:* Учеството на секторите во БДП во периодот 2001-2019 година ... 22

*Графикон број 3:* Учеството на јавната и приватната потрошувачка во периодот 2001-2019 година ... 23

*Графикон број 4:* Извозот и увозот на добра и услуги, изразено како учество на БДП периодот 2001-2019 година ... 24

*Графикон број 5:* Бруто-инвестициите како % од БДП во периодот 2001-2019 година ... 24

*Графикон број 6:* Стапката на инфлацијата во периодот 2000-2019 година ... 28

*Графикон број 7:* Бројната состојба на работоспособното население (15-64 години), 2010-2019 година ... 36

*Графикон број 8:* Стапките на активност на населението (15-64 години) според полот, 2010-2019 година ... 36

*Графикон број 9:* Стапката на вработеност, според полот, 2010-2019 година ... 40

*Графикон број 10:* Стапката на вработеност, според возраста, 2010-2019 година ... 41

*Графикон број 11:* Стапката на вработеност на лицата од 25 до 64 години според највисокото ниво на образование, 2010-2019 година ... 43

*Графикон број 12:* Учеството на вработените според дејноста во вкупната вработеност, 2010-2019 година ... 46

*Графикон број 13:* Стапката на неформалната вработеност, 2010-2019 година ........ 49
*Графикон број 14:* Стапките на невработеност, 2000-2010 година ........ 50
*Графикон број 15:* Стапката на невработеност според пол, 2010-2019 година ........ 52
*Графикон број 16:* Стапката на невработеност според нивото на образованието, 2010-2019 година ........ 54
*Графикон број 17:* Продуктивноста на трудот во периодот 2012-2019 година ........ 57
*Графикон број 18:* Индексот на човековиот развој, 2010-2019 година ........ 66
*Графикон број 19:* Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој според полот, 2010-2019 година ........ 71
*Графикон број 20:* Индексот на родовата нееднаквост, 2010-2019 година ........ 72
*Графикон број 21:* Стапката на економскиот раст, 2019-2021 година ........ 77
*Графикон број 22:* Учеството на определени сектори во БДП според производствениот метод, 2019-2021 година ........ 79
*Графикон број 23:* Приватната и јавната потрошувачка, 2019-2021 година ........ 80
*Графикон број 24:* Извозот и увозот, 2019-2021 година ........ 81
*Графикон број 25:* Бруто-инвестициите, 2019-2021 ........ 81
*Графикон број 26:* Стапката на економскиот раст, 2020-2021 година, (квартални податоци) ........ 82
*Графикон број 27:* Приватната и јавната потрошувачка, 2020-2021 година, (квартални податоци) ........ 84
*Графикон број 28:* Извозот и увозот на стоки и услуги, 2020-2021 година (квартални податоци) ........ 86
*Графикон број 29:* Бруто-инвестициите во 2020 и 2021 година, (квартални податоци) ........ 87
*Графикон број 30:* Индустриското производство, 2020 и 2021 година (квартални податоци) ........ 88
*Графикон број 31:* Учеството на секторите во БДП, 2020 и 2021 година (квартални податоци) ........ 89
*Графикон број 32:* Стапката на инфлацијата 2019-2022 ........ 91

*Графикон број 33:* Индексот на цените 2020-2021 година (квартални податоци) ........................................ 92
*Графикон број 34:* Стапките на вработеност и невработеност, според образованието, 2019-2021 година.... 96
*Графикон број 35:* Активно население за периодот 2020-2021 година, (квартални податоци) ........................... 97
*Графикон број 36:* Стапката на вработеност, 2020-2021 година (квартални податоци) ............................ 99
*Графикон број 37:* Стапката на невработеност, 2020-2021 година (квартални податоци) ............................. 100
*Графикон број 38:* Продуктивноста на трудот, 2019 - 2021 година..................................................... 103
*Графикон број 39:* Продуктивноста на трудот, 2020-2021 година (квартални податоци) ........................................ 104
*Графикон број 40:* Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој според полот, 2019 – 2021 година.................................................. 109
*Графикон број 41:* Индексот на родовата нееднаквост, 2019 – 2021 година.................................................. 110
*Графикон број 42:* Возрасната структура на испитаниците........ 113
*Графикон број 43:* Структурата на испитаниците според секторот во кој работат..................................... 114
*Графикон број 44:* Образовната структура на испитаниците .... 114
*Графикон број 45:* Оценка на испитаниците за интензитетот на промените на работните места како резултатна Ковид-19 пандемијата .................. 116
*Графикон број 46:* Порастот во продуктивноста на фирмата/институцијата................................ 117
*Графикон број 47:* Промените во материјалната состојба на семејствата на испитаниците ..................... 119
*Графикон број 48:* Перцепција на вработените за промените на цените на производите и услугите предизвикани од пандемијата............................ 119
*Графикон број 49:* Ставовите на испитаниците за влијанието на пандемијата врз различни аспекти на нееднаквост ........................................ 121
*Графикон број 50:* Мислењата на испитаниците за мерките на Владата за надминување на последиците предизвикани од пандемијата ........................... 122
*Графикон број 51:* Дали фирмата/институцијата користела мерки од Владата за надминување на последиците од Ковид-19 кризата? ........... 123

## *Предговор*

Монографијата насловена „Економскиот развој и пазарот на работна сила во Република Северна Македонија во услови на Ковид-19 пандемијата" претставува сублимиран приказ на состојбите во економијата на Република Северна Македонија, со фокус на економскиот развој и пазарот на работна сила пред и за време на Ковид-19 кризата.

Почетокот на пандемијата, во март 2020 година, не навестуваше дека долго ќе трае и дека ќе се случуваат големи промени во функционирањето на економиите. Погледнато од денешна перспектива, свесни дека борбата со вирусот кој ја предизвика оваа светска пандемија е сè уште неизвесна и без предвидлив крај, па според тоа, мораме да учиме како да се опстојува со секојдневното присуство на вирусот меѓу нас. Особено значајно е да се согледаат и да се надминат проблемите кои се одразија врз економијата и нејзиното функционирање.

Изминатиот период, од речиси две години, во кој го спроведувавме ова истражување беше и сè уште е исполнет со големи промени и случувања, како во глобални рамки, така и во економијата на Република Северна Македонија. Кон проблемите, присутни поради Ковид-19 пандемијата кои ја обременија економијата, се надоврзаа нови, предизвикани од воениот конфликт помеѓу Украина и Русија и енергетската криза која го зафати целиот свет. Целта на истражувањето беше да се анализира економскиот развој и пазарот на работната сила и промените кои се случуваа токму во овие области на макроекономското функционирање на економијата на Република Северна Македонија, предизвикани од Ковид-19 кризата. Презентираните податоци во Монографијата даваат една сеопфатна слика на состојбата со макроекономските промени со кои се соочи македонската економија. Особено значајни се аспектите на анализа кои се однесуваат на продуктивноста и квалитетот на живот. Исто така, со анализата на спроведената анкета се согледуваат перцепциите и ставовите на вработените за промените на нивните работни места, како и во секојдневното живеење, предизвикани од пандемијата.

Комплексноста на проучуваната проблематика во оваа студија укажува на можноста за идни, дополнителни и попродлабочени истражувања на одделните аспекти на економскиот раст и пазарот на работната сила и влијанието на Ковид-19 пандемијата врз нив.

Издавач на Монографијата е Економскиот институт – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Рецензенти на трудот се д-р Верица Јанеска, редовен професор на Економски институт-Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и д-р Наташа Трајкова Најдовска, вонреден професор на Економски факултет-Прилеп, при Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола. На двете рецензентки им изразуваме огромна благодарност за соработката и посветеното внимание при оценката на Монографијата, како и за нивните дадени сугестии кои ни беа од особена корист за подобрување на содржината.

Автори:

д-р Елизабета Џамбаска
д-р Александра Лозаноска

# Вовед

Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 е присутна и без можности за предвидувања кога би завршила. Освен големиот негативен ефект кој истата го предизвика врз здравјето и здравствената состојба на населението во цел свет, пандемијата имаше и ќе има големо неповолно влијание врз економиите. Ваквите негативни ефекти беа забележани и во Република Северна Македонија. Анализата на тековната состојба на македонската економија тоа го потврдува.

Целта на истражувањето во оваа Монографија е да се согледа влијанието на Ковид-19 пандемијата врз економскиот развој и пазарот на работната сила во Република Северна Македонија. Имајќи ја предвид комплексноста на истражуваната проблематика, без претензии на сеопфатност, а во рамки на расположливите податоци, во трудот се идентификуваат дел од последиците кои ги предизвика пандемијата врз македонската економија, односно врз економскиот развој и пазарот на работната сила. Со оглед на тоа дека во анализата е вклучен и периодот пред промената на уставното име на земјата, во соодветните делови се користи името Република Македонија.

Анализата се однесува на макроекономските услови пред и за време на пандемијата во Република Северна Македонија, со фокус на економскиот раст и развој и пазарот на труд. Постојните статистички податоци, на годишно и квартално ниво, покажуваат значајни промени и намалувања на макроекономските индикатори како резултат на пандемијата. Намалената економска активност во Република Северна Македонија, продуцирана од значителното намалување на домашната и надворешната побарувачка во време на пандемијата, најмногу ги погоди: производствениот сектор, туризмот, трговијата и недвижностите, како и менаџирањето во овие сектори. Истовремено, таа наметна огромни предизвици за креаторите на политиките.

Сите овие промени во голема мера влијаеја и на перцепциите и ставовите на вработените за тоа како Ковид-19 пандемијата се одрази врз животниот стандард, работата, продуктивноста и економијата. За таа цел беше спроведено анкетно истражување

преку online анкета за да се добијат мислењата и ставовите на вработените во Република Северна Македонија за последиците од пандемијата во претходно наведените области. Резултатите од анализата на добиените одговори на анкетниот прашалник се ставени во контекст на теоретските сознанија и досегашните истражувања, а во насока на идентификување на можни начини за надминување на настанатите проблеми и последици од Ковид-19 кризата. Истите се анализирани и се презентирани во третиот дел на трудов.

Врз основа на анализата на одделни макроекономски индикатори и добиените одговори од анкетното истражување, трудов дава сублимирани идни насоки со кои можат да се управуваат и да се надминуваат економските последици од пандемијата. Постојат неколку неопходни насоки кон кои мерките на макроекономската политика треба да бидат насочени со цел опоравување на економијата и поттикнување на економскиот раст во следниот период. Зголемувањето на продуктивноста е главна цел. Дигитализацијата на бизнис- процесите од секаков вид ќе ја зголеми продуктивноста на работењето, што би се рефлектирало со повисока продуктивност во економијата. Поради тоа, неопходни се мерки и активности кои ќе ја поттикнат примената на дигитализацијата и тоа како со практична, така и со финансиска поддршка. Исто така, потребни се инвестиции во човечки капитал со кои ќе се зголемат квалификациите на работната сила, вклучувајќи неопходни и соодветни промени во формалното и неформалното образование. Сепак, најголем ризик за Република Северна Македонија е пролонгирањето на пандемијата, забавувањето на економската активност, како и интензивирањето на енергетската криза, со што би се отежнало опоравувањето на економијата и поттикнувањето на економскиот раст.

Монографијава се состои од три дела. Првиот дел се однесува: на анализа на економскиот раст, на инфлацијата, на пазарот на работната сила, на продуктивноста и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија за периодот пред Ковид-19 пандемијата. Во зависност од достапноста на податоците, периодот на анализа се движи од 1991 до 2019 година. Во посебно поглавје од овој дел е разработена продуктивноста, со фокус на продуктивноста на трудот и пресметки на вкупната факторска продуктивност, со цел да се утврди придонесот на факторите на производство. Во рамки на овој дел се анализира и квалитетот на животот врз основа на индикаторите за човеков развој.

Во вториот дел од Монографијава фокус е ставен на промените кои се случија во македонската економија во првите две години од Ковид-19 пандемијата (2020 и 2021 година). Најпрвин анализата на податоците е направена на годишно ниво, споредувајќи ја состојбата во пандемиските години со 2019 година. Потоа, во составот на овој дел, преку анализа на квартални податоци за економскиот раст, инфлацијата и пазарот на работната сила подетално се анализираат промените во економијата кои се случија како последица на здравствената криза. Аналогно на структурата на анализата во првиот дел и овде се прави преглед на промените во продуктивноста и квалитетот на животот во Република Северна Македонија во пандемиските години.

Во третиот дел претставени се наодите од анкетното истражување за мислењата на вработените за промените со кои се соочија на своите работни места, но и во секојдневното живеење, предизвикани од Ковид-19 пандемијата. Анкетниот прашалник се состои од три групи на прашања. Првата група на прашања ги опфаќа оние кои се однесуваат на демографските и социоекономските карактеристики на вработените. Прашањата за промените на работните места на испитаниците за време на пандемијата се поместени во втората група на прашања. Во третата група се вклучени прашања за улогата на државата во справувањето со социоекономските последици од пандемијата. Преку заклучните согледувања се даваат определени насоки и препораки за надминување на проблемите кои настанаа во економијата како последица на здравствената криза.

Добиените сознанија од истражувањето покажуваат дека предизвиците со кои се соочува македонската економија се многубројни. Неопходно е одржување на макроекономска стабилност, зауздување на инфлацијата, намалување на непродуктивните јавни расходи, зголемување на капиталните инвестиции, но и поттикнување на инвестициите на приватниот сектор. Фокус треба да се стави на поддршка на попродуктивните сектори во економијата кои создаваат поголема додадена вредност, како и на оние индустриски гранки кои ќе бидат носители на економското заздравување. Исклучително битно е да се зголеми продуктивноста преку инвестиции во човечки капитал, преку поттикнување на истражувањето и развој на нови технологии, како и со поголема дигитализација на работните процеси. За поефикасно функционирање на пазарот на работната сила треба да се преземат мерки кои ќе овозможат да се намали неусогласеноста

на понудата и побарувачката на работна сила и недостатокот на квалификувани работници. Тоа значи дека ќе треба да се прават промени во формалното и неформалното образование и да се прилагодуваат образовните програми на потребите на пазарот на труд. Истражувањето покажа дека емиграцијата во странство, особено на младото и средовечното население е фактор кој дополнително негативно се одразува на пазарот на работна сила, а со тоа и на економскиот раст. При креирањето на одделните политики и мерки неопходно е да се има предвид демографската структура на населението во земјата, особено во контекст на намалувањето на работоспособното население и работната сила, и интензивното стареење на населението. Пандемијата, а и анализата покажаа дека се потребни реформи и подобрување на здравствениот сектор, но и мерки за поголема поддршка на земјоделското производство. Ова особено се наметнува како проблем со постојната воена и енергетска криза, кои доведоа до недостиг на храна. Сепак, факт е дека опоравувањето на македонската економија и поттикнувањето на економскиот раст дополнително се условени од пролонгирањето на пандемијата, забавувањето на економската активност, зголемувањето на инфлацијата, како и интензивирањето на енергетската криза.

Методолошкиот приод во истражувањето се базира на користење на повеќе научноистражувачки методи, како што се: историскиот метод, методот на анализа и синтеза, метод на индукција и дедукција, статистички метод, компаративен метод и други. За анализата се користеа податоци на годишно и квартално ниво: од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, Народна банка на Република Северна Македонија, Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Светска банка и базата на податоци на Обединети нации. За потребите на истражувањето се користеа домашни и меѓународни публикации и консултирана е литература релевантна за предметот на истражување.

# I. ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ПАЗАРОТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

Во овој дел од трудот, како дел од анализата се прави осврт на состојбата со економскиот раст и пазарот на работната сила во годините од осамостојувањето на државава, имено од 1991 до 2019 година. Притоа, улогата и значењето на продуктивноста и квалитетот на живот претставен преку индикаторите на човеков развој, исто така се инкорпорирани во овој дел од Монографијава. Согледувањето на овие аспекти во подолг временски период овозможува да се идентификуваат реалните предизвици со кои се соочи економијата на Република Северна Македонија во пресрет на сите глобални општествени и политички промени. Воедно, ваквиот пристап овозможува да се увиди потенцијалот на економијата да се справи со различни внатрешни и надворешни фактори на ризик, како што е и Ковид-19 пандемијата.

## 1. Промени на економскиот раст и развојот пред Ковид-19 пандемијата

Република Северна Македонија прослави 31 година од својата независност. Периодот на самостостојна држава, беше исполнет со многу политички и економски промени, кои придонесоа за големи промени во секојдневното живеење. Пред да се осамостои како независна економија, таа беше дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Во периодот на 90-тите години, македонската економија беше планскопазарна, која се карактеризираше со :

- доминација на општествената сопственост, при што околу 90 % од претпријатијата беа во општествена сопственост;
- ниско ниво на економска развиеност;
- висока невработеност;
- големо учество на тешката индустрија и земјоделството;
- општествена и политичка нестабилност во земјата и во регионот кон крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години.

Истражувањето подготвено за Светската банка[1] дава податоци според кои Република Македонија[2] била најсиромашната република во СФРЈ. Сè до 1997 година, статистички показатели на економскиот раст биле бруто-општествениот производ (БОП), општествениот производ (ОП) и националниот доход (НД). БОП ја покажувал вкупната вредност на домашното производство и услугите во текот на една година, сметајќи ги и трошоците за суровини и материјали и вредноста на полупроизводите и недовршените производи. Најзначаен показател за домашното производство било општествениот производ (ОП), кој ја претставувал вкупната вредност на произведените добра и услуги во период од една година, исклучувајќи ги суровините и материјалите како и недовршените производи и полупроизводите. Но, овој показател ја вклучувал депрецијацијата на капиталот. Показател кој ја исклучувал вредноста на депрецираниот капитал е националниот доход (НД), кој всушност ја претставува новосоздадената вредност во економијата во текот на една година. Според пресметката на овие показатели, БОП на Република Македонија бил за 36,6 %[3] понизок од просекот на поранешната Југославија.

Сопственоста, како што споменавме, беше доминантно општествена. Се карактеризираше со постоење на големи и средни претпријатија и мал дел приватна сопственост како мали претпријатија. Оттаму, една од задачите на Република Македонија во периодот на транзицијата беше приватизацијата на постојните претпријатија и создавање услови за формирање мали и големи претпријатија во приватна сопственост кои ќе бидат пазарно ориентирани.

Како резултат на општественото планирање, Република Македонија била индустријализирана економија и во 1990 година индустрискиот сектор учествувал со 47 % во БДП. Значително високо е и учеството на услугите кое изнесувало 45 % од БДП. Учеството на земјоделството во БДП било 8,5 %. Пазарната инфраструктура

---

[1] Maja Micevska, Dimitar Eftimoski and Tatjana Petkovska Mircevska, "E*conomic Growth of the Republic of Macedonia: Experiences and Policy Recommendations*", World Bank Global Research Project, May 2002

[2] За годините пред промената на уставното име на земјата се користи Република Македонија

[3] Maja Micevska, Dimitar Eftimoski and Tatjana Petkovska Mircevska, "*Economic Growth of the Republic*.....op.cit., p.6

била на повисоко ниво во споредба со останатите транзициски економии. Ваквата состојба во економијата, споредена со другите транзициски економии, претставувала поволност за успешно спроведување на транзицијата. Меѓутоа, постоеја реални политички и економски предуслови кои претставуваа пречка за успешно спроведување на процесот на транзиција. Со цел да се постигне вертикална интегрираност на производството, раководствата на СФРЈ извршиле поделба на производството по одделни републики. Така, Република Македонија произведувала инпути кои се користеле за понатамошно производство во другите републики на СФРЈ. Оваа вертикална интегрираност на производството претставуваше негативност во периодот на транзиција за Република Македонија, нагласувајќи ја преголемата зависност од поранешните републики во СФРЈ.

Осамостојувањето на Република Македонија, по спроведениот референдум на 8 септември 1991 година, беше проследено, не само со предвидените економски реформи, туку и со етнички тензии и меѓународни проблеми на државата (ембарго од страна на Грција и забрана за користење на името Република Македонија). Албанското малцинство во Република Македонија и борбата за независност на Косово претставуваа извор на етнички конфликти. Тензиите се интензивираа во февруари 2001 година кога етничките конфликти меѓу Македонците и Албанците ескалираа во северозападниот дел на земјата, блиску до границата со Албанија и Косово.

Од економска перспектива, по осамостојувањето во 1991 година, Република Македонија доживеа голем пад на БДП, ја либерализира и ја отвори економијата и започна да применува сложени пазарно ориентирани структурни реформи. Промените во стапката на економски раст во периодот од осамостојувањето до 2001 година илустративно го одразуваат овој транзициски период. Сè до 1995 година, македонската економија бележеше негативни стапки на раст на БДП (-6,2 % во 1991, -6,6 % во 1992 и -7,5 % во 1993 година).[4] Во 1996 година, за првпат по осамостојувањето, беше остварена позитивна стапка на раст и овој тренд на позитивни

---

4 Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички годишник 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2009, 2011 година, Соопштение бр. 3.1.5.06, бр. 3.1.12.06, Статистички преглед, Национална економија и финансии 3.4.11.01 677, Народна банка на РМ

стапки на раст продолжи до 2001 година, кога поради воениот конфликт дојде до опаѓање на економската активност и негативна стапка на раст од -3,1 %.

Трендот на раст на БДП започнува од 2002 година и се одвива со бавно темпо, при што во 2007 година ја достигнува највисоката вредност од 6,5 % . Овој тренд на раст е прекинат во 2009 година при што стапката на раст од 5,5 % во 2008 падна на негативна -0,4 % во 2009 година (Графикон број 1). Ова намалување беше последица на големата, светска, финансиска и економска криза која започна во 2008 година во САД и набрзо се прошири во земјите од Европската Унија, а реперкусии почувствуваа скоро сите економии во светот.

*Графикон број 1: Бруто домашниот производ и стапката на економски раст во периодот 2001 – 2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Статистички годишник 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2009, 2011 година, Соопштение бр. 3.1.5.06, бр. 3.1.12.06, Статистички преглед, Национална економија и финансии 3.4.11.01 677, Народна банка на РМ;*

Генерално економскиот раст е позитивен со исклучок на некои определени осцилации на намалувања во 2012, 2016 и 2017 година. Растот, кој е присутен во периодот од 2012 до 2019 година не беше доволен да создаде стабилна основа за одржливост. Имено, економскиот раст не е доволен за да овозможи стабилност на економијата и отпорност кон шокови, предизвикани, како од внатрешни, така и од надворешни фактори. Впрочем, неодржливиот и нестабилен раст не продуцира соодветно ниво на економски развој во македонската економија.

Во пресметките на БДП според производниот метод се определува придонесот на секој сектор според Номенклатурата на дејности во создавањето на истиот. На Графикон број 2, сликовито е прикажано учеството на секој сектор, при што секторите кои се прикажани на графиконот со линии, се оние кои имаат најголем придонес во БДП.

Најголемо учество во БДП создава трговијата на големо и мало, при што на Графиконот се прикажани заедно со транспортот и дејностите за складирање (Е, Ж и З). Притоа, учеството на овој сектор се движи од 13,5 % во 2001 година, до 19,3 % во 2019 година. Рударството, вадење камења, снабдување со електрична енергија и друго (Б, В, Г и Д) е застапено со учества од 13,3 % (2009 година) до 18,6 % (2018 година). Придонесот на индустријата (В) во БДП во анализираниот период се движи од најниско 9 % во 2000 година, до најмногу 13,3 % во 2018 и 2019 година. Земјоделството, шумарството и рибарството покажуваат најниско учество од 7,9 % во 2017 година и највисоко до 11,6 % во 2004 година, додека учеството на градежништвото во анализираниот период се движи од околу 5 % до 6 %.

*Графикон број 2: Учеството на секторите во БДП во периодот 2001-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика, податоци според Националната класификација на дејности, НКД Рев.2, МАКСтат база на податоци, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef, (пристапено на 10.11.2020 година)*

**Ревидирани податоци за периодот 2000-2012 година*

*1) Претходни податоци за 2017 година*

Пресметката на БДП, според расходниот метод, овозможува анализа на компонентите кои го детерминираат економскиот раст. Така, анализата на приватната и јавната потрошувачка, обемот на извоз и увоз, како и бруто-инвестициите во една

економија се показатели за тоа како и со кои мерки може да се влијае на агрегатната побарувачка, која по дефиниција треба да одговара на агрегатната понуда и да ја стимулира истата со што се придвижува економскиот раст.

На Графикон број 3 се презентирани учествата и трендот на движење на јавната и приватната потрошувачка според расходниот метод на пресметка на БДП во Република Северна Македонија. Периодот од 2006 до 2017 година доминантна е јавната потрошувачка. Во 2018 и во 2019 година поттикот на агрегатната побарувачка произлегува од приватната потрошувачка.

*Графикон број 3: Учеството на јавната и приватната потрошувачка во периодот 2001-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Улогата и значењето на надворешната трговија во една економија се согледува преку учеството на увозот и извозот на добра и услуги. Република Северна Македонија е мала и отворена економија, која е зависна од надворешно-трговската размена со останатите економии. Во периодот од 2001 до 2019 година постои една урамнотежена состојба во која трендовите на извозот и увозот на добра и услуги се поклопуваат (Графикон број 4).

*Графикон број 4: Извозот и увозот на добра и услуги, изразено како учество на БДП во периодот 2001-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Последната компонента на БДП според расходниот метод се бруто-инвестициите. Според трендот прикажан на Графикон број 5, бруто-инвестициите нерамномерно осцилираат од позитивни во негативни вредности. Највисокото процентуално учество на бруто-инвестициите во БДП е во 2008 година и изнесува 22,3 %, додека најниско е во 2005 година кога бруто-инвестициите се негативна вредност -9,2 %.

*Графикон број 5: Бруто-инвестициите како % од БДП во периодот 2001-2019 година*



*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Анализата на економскиот раст на Република Северна Македонија за периодот по осамостојувањето (1991 до 2019) покажува периодични осцилации на позитивни и негативни промени на растот. Притоа, најмали вредности како резултат на намалена економска активност се евидентирани во 2001 година како последица на воениот конфликт во земјата, потоа, во 2009 година кога економијата се соочи со финансиската и економска криза. Трговијата е доминантен сектор во креирањето на БДП, а потоа следуваат преработувачката индустрија и градежништвото. Агрегатната побарувачка главно е детерминирана од јавната потрошувачка, а извозот и увозот забележуваат пад во 2018 и 2019 година. Оттаму, може да се констатира дека иако е присутен позитивен тренд на економски раст, сепак, истиот не е одржлив и не е доволен за остварување на повисоко ниво на економски развој.

## 2. Инфлацијата во претпандемискиот период

Еден од најгорливите проблеми денеска во светската економија е проблемот на инфлацијата. Како последица на пандемијата и условите на работење со нарушени синџири на снабдување и ограничено движење на производи и услуги, економиите мораат да се справуваат со инфлацијата и проблемите кои ги предизвикува истата. Дополнително, може да се каже дека воениот конфликт на Украина и Русија, како и проблемите со енергетската криза предизвикаа изразени промени во нивото на цени на големо и мало и ја интензивираа инфлацијата.

Хронолошки анализирано, Република Македонија најголеми стапки на инфлација бележи во периодот по осамостојувањето. Веднаш по декларирањето на независноста во 1991 година, либерализацијата на цените и надворешната трговија, како и недостигот од контрола на монетарните агрегати, предизвикаа процес на хиперинфлација, која на крајот од 1992 година изнесуваше околу 1.500 %. Во Табела број 1 се прикажани годишните стапки на инфлација пресметани според CPI (Consumer Price Index).[5]

[5] Почнувајќи од јануари 2014 година, структурата на индексот на трошоците на животот (CPI) престана да се објавува според националната класификација. Сега се објавува само според COICOP, класификација на личната потрошувачка по намена, т.е. како индекс на трошоци на живот. Трошоците за животот според класификацијата COICOP ја покажуваат структурата на потрошувачката на домаќинствата, односно трошоците за храна, облека, домување, здравје, образование и сл., како важни индикатори за националната благосостојба. Нејзината примена ќе обезбеди широк спектар на компаративни податоци што се од општ интерес и се неопходни за меѓународна споредливост на податоците.

*Табела број 1: Стапката на инфлацијата во Република Македонија во периодот 1991-1999 година*

| Година | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на инфлација CPI | 110,8 | 1.511,30 | 362 | 128,3 | 15,7 | 2,3 | 2,6 | -0,1 | -0,7 |

*Извор: Министерство за финансии, Билтени на Министерството за финансии бр. 9/10 2002 година, бр. 4-6 2004 година, бр. 3-4 2006 година, https://finance.gov.mk/ %d0 %b8 %d0 %bd %d0 %b4 %d0 %b8 %d0 %ba %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %be %d1 %80 %d0 %b8- %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %be %d0 %b5 %d0 %ba %d1 %86 %d0 %b8 %d0 %b8/, пристапено на 20.9.2022 година*

Македонските власти под менторство на ММФ многу брзо ја согледаа важноста од воспоставувањето монетарна дисциплина и потребата од монетарна реформа. Воспоставувањето на монетарен ред и спроведувањето стабилизациски програми се случуваше во многу неповолна околина. Воените конфликти помеѓу некои од Југословенските републики, како и настојувањата на Република Македонија за меѓународно признавање и членство во ООН, без кое не е возможна никаква помош од меѓународните финансиски институции (ММФ, Светската банка), претставуваа отежнати околности за спроведувањето на стабилизациските програми. Основна цел на стабилизациската политика беше намалување на двоцифрената месечна стапка на инфлација на едноцифрена стапка на инфлација.[6]

Македонскиот денар претставуваше валута која немаше покритие ниту со злато, ниту со странски средства на плаќање. Со одделувањето на Македонија од поранешна Југославија, меѓународните девизни резерви останаа во сопственост на Народната банка на Југославија. Но, и покрај тоа, како најпогоден начин за зауздување на инфлацијата и за воведување стабилност, беше воведувањето на фиксен режим на девизниот курс. Фиксниот девизен курс беше избран за да воведе дисциплина во политиката на побарувачката, но и како инструмент за стекнување кредибилитет.

Цените, освен на производите и услугите што задоволуваат основни потреби како енергија, транспорт, комуникации и јавни добра, беа целосно либерализирани. Во 1995 година

[6] Џамбаска Е., *Економски ефекти на фискалната политика*, Докторска дисертација, Економски факултет-Скопје, 2013 година

Народната банка на Република Македонија го воведе сидрото на фиксниот девизен курс – германската марка (DM). Официјалните известувања за девизниот курс како монетарна цел, Народната банка почна да ги објавува во 1997 година. Таргетирањето на стапката на девизниот курс ги доведе во хармонија стапките на раст на монетарните агрегати со оние во земјата со чија валута се врзува девизниот курс – Германија. Од 2002 година врзана валута станува еврото, а Европската Унија „валутно подрачје".

Во март, 1993 година Република Македонија стана членка на Светската банка (СБ), а во април, истата година членка на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и на Организацијата на обединетите нации (ООН). Ова ѝ овозможи на земјата да соработува и да користи помош од меѓународните финансиски институции и да спроведе структурни стабилизациски реформи кои започнаа да се применуваат во 1994 година и во прво време беа поддржани од ММФ, ИБРД и ИДА во износ од 80,7 милиони специјални права на влечење (СПВ).

Како резултат на спроведените програми на стабилизација, во 1995 година се постигна намалување на стапката на инфлација, од 128,3 % во 1994 година на 15,7 % во 1995 година. Стапката на инфлација продолжи да опаѓа до 1999 година кога изнесуваше -0,7 %, кога и економијата го почувствува депресивното влијание на дефлацијата.

Податоците за стапката на инфлација во периодот од 2000 до 2019 година се прикажани на Графикон број 6. Во 2000 година таа бележи пораст и од негативна -0,7 % во 1999 година, изнесува 5,8 %. Од 2001 година кога изнесувала 5,5 %, стапката на инфлација се намалува и 2002 година е 1,8 % и 1,2 % во 2003 година. Инфлацијата се намали на 0,4 % во 2004 година и на 0,5 % во 2005 година што може да се забележи од графиконот. Заклучокот е дека стапката на инфлација во периодот од 2000 до 2019 година е ниска и не покажува некои драстични промени, освен во 2008 година во период на светската финансиска криза, кога е евидентирана стапка на инфлација од 8,3 %.

*Графикон број 6: Стапката на инфлацијата во периодот 2000-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Министерство за финансии Република Северна Македонија, пристапено на 3.2.2022*

Република Македонија спроведе ефикасна стабилизациска политика, за која показател е одржувањето на ниската стапка на инфлација, во период од 1996 до 2019 година. Имено, постигната макроекономска стабилност, како неопходен услов за остварување на економски раст и развој на економијата, се покажа како недоволна. БДП како показател за остварената економска активност во истиот временски период, не покажува значителен раст на економската активност. Ниската стапка на инфлација не овозможила заживување на економската активност. Впрочем, највисока стапка на економски раст на реалниот БДП е остварена во 2007 година кога изнесувала 6,5 %.

Успешното справување со инфлацијата беше придружено со значително зголемување на невработеноста. Сè до 1995 година, CPI инфлационата стапка беше негативно поврзана со бројот на невработени во економијата. Корелацијата помеѓу овие две варијабли изнесуваше -89.[7] Ова е само проста корелација, но и други фактори, како отпуштања на работници поради приватизациите на претпријатијата,

[7] Micevska M., Eftimoski D.,Petkovska Mircevska T., „*Economic growth og the Republic of Macedonia: Experiences and Policy Recomendations*", Wold Bank Global Research Project, 2002, p. 16

намалената инвестициска активност поради војните во соседствата, придонесоа за зголемување на невработеноста во Република Македонија. Сепак, оваа корелација ни покажува дека намалувањето на стапката на инфлација под 5 % годишно, не е посакувано поради ефектот врз невработеноста.[8] Податоците за транзицискиот период ни покажуваат дека макроекономската политика, водена во споменатиот период, им посветила големо внимание на монетарните варијабли, каде што се постигнати и високи резултати, за разлика од реалните варијабли кои беа запоставени.

## 3. Особености на пазарот на работната сила во периодот пред Ковид-19 кризата

Анализата на пазарот на трудот има за цел да се добијат релевантни сознанија за промените во вкупниот обем, карактерот и особеностите на активното население и двете компоненти – вработеноста и невработеноста, коишто во голема мера ги определуваат насоките за преземање на соодветна политика на вработување и можните мерки на политиката на пазарот на трудот, како и за поттикнување на економскиот раст и развој.

Релевантни информации за промените во обемот и карактеристиките на вработеноста и невработеноста може да се добијат од различни извори на податоци: Пописи на населението; Анкета за работна сила (АРС); Финансиски извештаи; Фонд за здравствено осигурување; Фонд за пензиско и инвалидско осигурување. Сепак, АРС е единствениот извор кој дава детални информации за демографските и социоекономските карактеристики на работната сила.

Во таа смисла, со истражувањето се опфатени обемот и динамиката на вработеноста, како и структурните карактеристики на вработените (според пол, возраста, школската подготовка, дејноста и занимањето). Во однос на невработеноста, пак, анализата се однесува на промените во обемот и структурните белези на невработените според полот, возраста, школската подготовка и должината на невработеност. Методолошкиот приод во овој дел од трудов е определен од расположливите статистички податоци. Притоа, анализата на вработеноста и невработеноста се базира на податоците од Анкетата за работната сила на Државниот завод за статистика на Република Македонија (АРС) и се однесува за

8 Исто

периодот 2000-2019 година. За потребите на истражувањето направен е краток преглед и на состојбите на пазарот на работната сила кои се случувале во преттранзиционоиот период, користејќи ги податоците од Пописите на населението.

### *3.1 Промени на пазарот на работната сила во преттранзиционоиот период*

Промените во демографскиот развој на Република Македонија во преттранзиционоиот период битно влијаеја на големината на работоспособниот контингент и приливот на активното население. Тоа се манифестираше преку порастот на населението и промените во неговата старосна структура, посебно на делот од населението на работоспособна возраст. Овие промени имаа свои временски и просторни карактеристики, така што влијанието на демографските фактори врз порастот на работоспособното и активното население беше различно во одделни временски периоди и одделни подрачја. Промените и структурата само на активното население, пак, во најголема мера беа условени од социоекономските фактори.

Податоците од Пописите на населението покажуваат дека во периодот 1953-1961 година вкупното население во земјата се зголемило за 7,8 %, а работоспособното за 8,2 % (Табела број 2). Интензитетот на порастот е многу поизразен во следниот десетгодишен период (1961-1971 година), кога овие показатели изнесуваат 17,2 % и 25,2 %, респективно. Во следната деценија продолжил трендот на пораст на овие категории на население, но, со многу посмирена динамика. Така, во периодот 1971-1981 година, вкупното население во земјата се зголемило за 15,9 %, а работоспособното за 21,1 %, респективно по години. Различниот интензитет на промени покажува дека порастот на вкупното и на работоспособното население се намалувал под влијание на природното и механичкото движење на населението. Притоа, значајно е да се укаже дека големината и промените во порастот на новите генерации работоспособно население во Република Македонија е условен од високиот фертилитет во годините по Втората светска војна и умерениот фертилитет комбиниран со опаѓачки морталитет на живородените деца во доцните педесетти и раните шеесетти години. Истовремено, големината на излезот од работоспособниот контингент во еден дел била под влијание на кохортите кои поминале низ двете светски војни, а во друг,

како резултат на оние кои биле родени за време на балканските и за време на Првата светска војна.[9]

*Табела број 2: Бројната состојба и промените на вкупно, работоспособно и активно население во Република Македонија, за 1953, 1961, 1971, 1981 и 1988 година*

| | Број | | | | | Пораст/намалување (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1988 | 1961/ 1953 | 1971/ 1961 | 1981/ 1971 | 1988/ 1981 |
| Вкупно население* | 1304514 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 1976000 | 7,8 | 17,2 | 15,9 | 3,5 |
| Работоспособно население* | 729453 | 789037 | 987899 | 1196413 | 1337000 | 8,2 | 25,2 | 21,1 | 11,8 |
| Активно население | 531903 | 554374 | 630346 | 750357 | | 4,2 | 13,7 | 19,0 | |
| Стапка на искористеност на работоспособниот контингент | 72,9 | 70,3 | 63,8 | 62,7 | | | | | |
| Општа стапка на активност | 40,8 | 39,4 | 38,3 | 39,3 | | | | | |

** Вкупното и работоспособното население ги опфаќа лицата на привремена работа во странство Извор: Пресметано според податоци на SZS - Popis stanovništva 1953, knjiga I i knjiga III, СЗС - Попис на населението 1961 година, СЗС - Попис на населението 1971 година, СЗС - Попис на населението 1981 година, СЗС-СГЈ 1981, 1988, 1989*

Порастот на работоспособниот контингент во преттранзициониот период, имаше релативно големо влијание на понудата на работната сила, истовремено создавајќи значаен притисок на пазарот на работната сила. Имајќи ги предвид долгорочните последици на демографските трендови и нивното влијание врз формирањето на работната сила, значајно е да се согледаат промените и во апсолутниот пораст на работоспособниот контингент. Посматрано по меѓупописни периоди, приливот на работоспособното население просечно годишно изнесува: 7.448 лица (1953-1961 година), 19.886 лица (1961-1971), 20.851 лице (1971-1981 година).

Расположливите податоци за активното население покажуваат дека големи промени се забележани и во релативниот пораст и во просечниот годишен пораст на активното население. Тој изнесува: 4,2 %, односно 2.809 лица (1953-1961 година), 13,7 %, односно 7.597 лица (1961-1971) и 19,0 %, односно 12.007 лица (1971-1981

[9] Wertheimer B. Alica, Rašević M., *Uticaj demografskog faktora na formiranje radne snage u Jugoslaviji*, Demografski, socijalni i ekonomski aspekti radne snage i zaposlenosti, Materijali sa naučnog skupa održanog 2 i 3 Novembra 1989 godine u Skopju, MANU, Skopje, 1991, str. 134

година). Интензитетот на пораст на активното население беше детерминиран од појдовната основа и условите за економското активирање на работната сила, односно од структурата на стопанството, посебно од учеството на земјоделството и можноста за поголема апсорпција на работната сила, како и мошне различниот степен на активност на женската работна сила итн.

Ваквиот пораст беше неизбежен, бидејќи од една страна брзиот пораст на работоспособното население траеше повеќе од две децении, а од друга страна, во услови на радикални промени во економијата, вишоците на работната сила во традиционалните активности и значителен продуктивен дел на истите, побарале решение во модерните сектори. Исто така, сè поголемата економска активност на женската работна сила доведе до нарушување на односот на потенцијалната и актуелната понуда на работна сила. Притоа, токму во рамките на актуелната понуда на работната сила настана диспропорција помеѓу оние кои активно обавуваат работа и оние кои бараат вработување, како и до несовпаѓање на лицата кои продуктивно ја обавуваат својата работа и оние кои тоа го прават делумно.[10]

Во овој контекст, мошне значаен индикатор претставува и степенот на користење на работоспособниот контингент. Според расположливите податоци од Табела број 2, стапката на искористеност на работоспособниот контингент имала тенденција на континуирано намалување и тоа од 72,9 % (1953 година), на 70,3 % (1961), потоа на 63,8 % (1971) и во 1981 година на 62,7 %. Големината на индикаторот за искористеноста на работоспособниот контингент, како демографска рамка од која може да се регрутира нова работна сила, го определува обемот на демографските резерви на работната сила или т.н. потенцијални резерви на работна сила. Податоците за периодот 1953-1981 година, покажуваат дека дојде до зголемување на демографските резерви на работна сила во земјата, од околу 198 илјади во првата на околу 446 илјади лица во последната анализирана година. Тоа значи дека ако во 1953 година претставувале 27,1 % од вкупното работоспособно население, во 1981 година се зголемија на 37,3 %. Степенот на користење на женскиот работоспособен контингент во Република Македонија, според состојбата во 1981 година, бил понизок од тој на мажите и изнесувал 50,3 %. Тоа значи дека демографските резерви биле поголеми кај женското население.[11]

[10] Wertheimer B. Alica, Rašević M., *Uticaj demografskog faktora na formiranje radne snage*……op.cit., str.134

[11] Димитриева Елка, *Движење на резервите на работна сила во услови на стопанска експанзија и стопанска стагнација (на примерот на Југославија во*

Потенцијалната понуда на работната сила растеше побрзо од актуелната понуда на работната сила, што ја потврдува важноста на социјалните и економските фактори во формирањето на работната сила. Притоа, нивното делување не е еднонасочно, ниту во склад со демографските фактори. Така, развојот на образованието влијаеше на намалувањето на економското активирање на работната сила и ја зголемуваше застапеноста на жените во вработеноста. Истовремено, развојот на социјалното осигурување беше предуслов за побрз излез на постарото население од работната сила.

Во модерните сектори дошло до структурна неусогласеност меѓу понудата и побарувачката, особено изразена во намалување на побарувачката. Тоа предизвика пораст на невработеноста и интензивирање на емиграцијата, односно заминувањето на привремена работа во странство. Од друга страна, пак, економската политика не се водеше во согласност со специфичностите на демографскиот развој. Тука, пред сè, се мисли на економската реформа од шеесеттите години, при чие конципирање не се имаше предвид фактот дека токму во втората половина на шеесеттите години, на работоспособна возраст доаѓаат бејби-бум генерациите. Исто така, економската политика го занемари и развојот на трудоинтензивните гранки во стопанството, особено во регионите кои се соочија со огромна понуда на работната сила.[12]

Податоците од Пописите на населението во периодот 1981-1994 година покажуваат дека промените кај вкупното и работоспособното население во Република Македонија се одвиваа со различен обем и динамика. Така, во периодот 1981-1994 година вкупното население се зголемило за 7,6 %, а работоспособното население за 10,7 %. Како резултат на промените кои се случија по започнувањето на транзицијата, односно во меѓупописниот период 1994-2002 година, овие показатели изнесуваат 3,9 % и 7,0 % респективно. Оттаму, може да се констатира дека во последните две децении дојде до постепено намалување на влијанието на развојот на населението (природното и механичкото движење на населението) врз приливот на новите генерации на работоспособна возраст.

---

*70-тите и 80-тите години)*, Труд од научниот собир: Демографски и социјални аспекти на работната сила и вработеноста, одржан на 2 и 3 ноември во Скопје, МАНУ, Скопје, 1991 година, стр.222

[12] Лозаноска А., *Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија*, докторска дисертација, Економски институт-Скопје, 2013 година

### 3.2 Особеностите на работоспособниот контингент во периодот 2000-2019 година

Во рамки на овој сегмент од истражувањето, анализата на пазарот на работна сила, се однесува на последните две децении пред пандемијата. За таа цел се користат податоците од АРС. Притоа, треба да се нагласи дека овие податоци прогресивно ја губеа својата валиданост, заради тоа што се базираа на проценки на населението, кои не ја вклучуваа емиграцијата на населението во странство. Во периодот 2000-2010 година работоспособното население се зголемило за 7,5 %, а неговиот прилив изнесува околу 9.200 лица просечно годишно (Табела број 3). И покрај евидентните осцилации во порастот на работоспособното население од година во година, забележливо е значителното намалување на неговиот пораст во периодот по 2006 година. Во истиот временски интервал, активниот контингент забележа пораст од околу 11.400 лица просечно годишно, при што неговиот обем во 2010 во однос на 2000 година е поголем за 15,7 %.

*Табела број 3: Стапката на активност на населението и општата стапка на активност на работоспособниот контингент, 2000-2010 година*

| | **Работоспо-собно население (15-64)** | **Активно население (15-64)** | **Неактивно население (15-64)** | **Општа стапка на активност на населението*** | **Општа стапка на активност на работоспособниот контингент** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2000** | 1346921 | 804049 | 542871 | **52,9** | **59,7** |
| **2001** | 1369327 | 845888 | 523441 | **55,5** | **61,8** |
| **2002** | 1359203 | 812649 | 546551 | **52,6** | **59,8** |
| **2003** | 1388600 | 850900 | 537700 | **54,5** | **61,3** |
| **2004** | 1404606 | 825210 | 579396 | **52,2** | **58,8** |
| **2005** | 1416744 | 860027 | 556720 | **54,1** | **60,7** |
| **2006** | 1421180 | 883967 | 537214 | **55,1** | **62,2** |
| **2007** | 1432852 | 899257 | 533596 | **55,7** | **62,8** |
| **2008** | 1434801 | 911602 | 523198 | **56,3** | **63,5** |
| **2009** | 1439483 | 921055 | 518427 | **56,7** | **64,0** |
| **2010** | 1447957 | 930074 | 517883 | **56,9** | **64,2** |

** Општата стапка на активност на населението се пресметува како учество на работната сила во работоспособното население од 15 и повеќе години*

*Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.2.08/410 (2001), Бр. 2.4.2.21/429 (2002), Бр. 2.4.3.13/453 (2003), Бр. 2.4.5.02/494(2004), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.8.06 (2007), Бр. 2.4.9.12/632 (2008), Бр. 2.4.10.04/651 (2009), Бр. 2.4.11.09/692 (2010)*

Мошне важен показател при анализата на активното население е општата стапка на активност на населението. Од податоците во Табела број 3 може да се забележи дека оваа стапка во периодот од 2000 до 2010 година е поголема од 50 %, а со мали отстапувања во одделни години, има тенденција на пораст. Имено, од 52,9 % во првата таа се зголемила на 56,9 % во последната опсервирана година. Тоа значи дека повеќе од половина од работоспособното население старо 15 и повеќе години во земјата е активно.

Општата стапка на активност на работоспособниот контингент,[13] пресметана како соодност на економски активното население (вработени и невработени) на работоспособна возраст (15-64 години) во вкупното работоспособно население (15-64 години), во периодот 2000-2010 година покажува различни движења. Така, до 2003 година нејзината нумеричка вредност осцилира, а почнувајќи од 2004 година таа има тенденција на континуиран пораст, односно од 58,8 % се зголемува на 64,2 % (2010 година).

Спротивно на речиси континуираниот пораст на активното население, неактивниот дел од работоспособното население (со определени исклучоци во 2002, 2004, 2005 и 2006 година) бележи намалување. Ваквите промени ги потврдуваат и стапките на активност на работоспособниот контингент кои укажуваат на намалување на апсолутниот обем и релативното учество на економски неактивното население на работоспособна возраст. Тоа значи дека според податоците од Анкетата за работна сила, во анализираниот период дошло до значително намалување на демографските резерви на работната сила во Република Македонија. Сепак, нивниот обем останува релативно голем и според состојбата во 2010 година достигнува околу 518.000 лица. Овие податоци покажуваат дека во Македонија е мошне нагласен т.н. хистереза ефект кој имплицира повлекување на дел од работоспособното население од економска активност.

Во следниот десетгодишен период (2010-2019 година) дојде до намалување на вкупното работоспособно население (15-64 години) за повеќе од 7.000 лица, (Графикон број 7). Притоа, активното население се зголеми за 24.500 лица, додека неактивното население се намали за над 31.600 лица.

---

[13] Ќурчиев А., Димитриева Е., Јовановиќ А., Јанеска В., Лозаноска А., *Демографски терминолошки речник*, Економски институт-Скопје, 2012 година стр. 142

*Графикон број 7: Бројната состојба на работоспособното население (15-64 години), 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Стапката на активност на вкупното население (15-64 години) во анализираниот период, иако со определени осцилации, се зголемила од 64,2 % на 66,3 % (Графикон број 8). Кај мажите, пак, иако во определени години растела и во 2017 достигнала највисока вредност од 78,4 %, сепак во 2019 година се намалила на 77,3 %.

*Графикон број 8: Стапките на активност на населението (15-64 години) според полот, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Движењето на вредноста на овој индикатор кај жените осцилира, иако претежно има тенденција на пораст. Притоа, во 2019 година таа достигнува 54,1 %, што претставува зголемување за повеќе од 4 процентни поени во однос на 2010 година.

Податоците од Анкетата за работна сила, го потврдуваат намаленото влијание на демографските трендови врз приливот на работоспособното население и формирањето на работната сила. Овие промени во последната деценија кореспондираат и со процесот на стареење на населението во Република Македонија.

### *3.3 Промените во вработеноста во претпандемискиот период*

Вработеноста на населението е значаен показател за состојбите на пазарот на трудот. Промените во вработеноста во Република Северна Македонија во последните две децении укажуваат на сигнификантни движења. Според податоците од АРС, во периодот 2000-2010 година, бројот на економски активното население, односно на вкупно вработените се одликува со поголеми или помали осцилации, а од 2006 година бележи значителен и континуиран пораст. Просечниот број на вкупно вработените во овој временски интервал изнесува околу 578 илјади лица (Табела број 4).

*Табела број 4: Бројот на вработени и стапките на вработеност, 2000-2010 година*

| | **Работоспособно население (15 години и повеќе)** | **Вработени (15 години и повеќе)** | **Стапка на вработеност*** | **Работоспособно население (15-64)** | **Вработени (15-64)** | **Стапка на вработеност**** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | 1534256 | 549846 | **35.8** | 1346921 | 542920 | **40.3** |
| 2001 | 1554420 | 599308 | **38.6** | 1369327 | 853204 | **62.3** |
| 2002 | 1566954 | 561341 | **35.8** | 1359203 | 549493 | **40.4** |
| 2003 | 1579500 | 545100 | **34.5** | 1388600 | 535200 | **38.5** |
| 2004 | 1594557 | 522995 | **32.8** | 1404606 | 516269 | **36.8** |
| 2005 | 1607997 | 545253 | **33.9** | 1416744 | 536334 | **37.9** |
| 2006 | 1618482 | 570404 | **35.2** | 1421180 | 562938 | **39.6** |
| 2007 | 1628635 | 590234 | **36.2** | 1432852 | 582604 | **40.7** |
| 2008 | 1633341 | 609015 | **37.3** | 1434801 | 601883 | **41.9** |
| 2009 | 1638869 | 629901 | **38.4** | 1439483 | 623127 | **43.3** |
| 2010 | 1648522 | 637855 | **38.7** | 1447957 | 630154 | **43.5** |

** Стапката на вработеност според ILO се пресметува како учество на вработените стари 15 и повеќе години во работоспособното население старо 15 и повеќе години*

*** Стапката на вработеност според Eurostat се пресметува како учество на вработените од 15 до 64 години во работоспособното население од 15 до 64 години*

*Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.2.08/410 (2001), Бр. 2.4.2.21/429 (2002), Бр. 2.4.3.13/453 (2003), Бр. 2.4.5.02/494(2004), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.8.06 (2007), Бр. 2.4.9.12/632 (2008), Бр. 2.4.10.04/651 (2009), Бр. 2.4.11.09/692 (2010)*

Стапката на вработеност (пресметана според ILO[14]) имала тенденција на намалување (со исклучок на 2001 година) се до 2004 година, кога изнесува 32,8 %. Потоа, започнува нејзиниот континуиран пораст и во 2010 година таа достигнува 38,7 %. Пресметките на стапката на вработеност според Eurostat,[15] пак, покажуваат дека во анализираниот период нивните нумерички вредности биле поголеми за околу 4-5 процентни поени. Според овие пресметки стапката на вработеност во 2010 година изнесувала 43,5 %. Независно од разликите, според двете методологии на пресметување, може да се оцени дека во овој период постојната стапка на вработеност била мошне ниска.

Стапките на вработеност, во целиот анализиран период се поголеми кај мажите од оние на жените. Овој индикатор кај мажите имал најголема вредност во 2009 (47,5 %), а најмала во 2004 година (40,2 %). Кај жените, пак, стапката на вработеност е најголема во 2001 и 2011 година (30,9 %), а најмала во 2004 година (25,4 %). Стапките на вработеност на жените во Република Македонија, и покрај намалувањето на разликите, покажуваат дека вработеноста на жените беше и остана значително помала од онаа на мажите.[16]

Овој индикатор, анализиран според петгодишни старосни групи, има најмала нумеричка вредност кај помладото население (од 15-24 години), кое сè уште е во процес на образование. Притоа, таа бележи тренд на пораст од 2006 до 2009 година, а потоа се намалува. Сличен тренд на промени е карактеристичен и за стапката на вработеност на младите 25-29 години. Она што треба да се истакне е дека кај работоспособното население на возраст 25-29 и 30-34 години се забележува пораст на стапката на

[14] Стапката на вработеност според ILO се пресметува како учество на вработените стари 15 и повеќе години во работоспособното население старо 15 и повеќе години

[15] Стапката на вработеност според Eurostat се пресметува како учество на вработените од 15 до 64 години во работоспособното население од 15 до 64 години

[16] Лозаноска А., *Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија*, Докторска дисертација, Економски институт-Скопје, 2013 година, стр. 133 и Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.2.08/410 (2001), Бр. 2.4.2.21/429 (2002), Бр. 2.4.3.13/453 (2003), Бр. 2.4.5.02/494 (2004), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.8.06 (2007), Бр. 2.4.9.12/632 (2008), Бр. 2.4.10.04/651 (2009), Бр. 2.4.11.09/692 (2010)

вработеност од 36,7 % (2000) на 47,9 % (2010 година), односно од 49,3 % на 56,5 %, респективно.[17]

Што се однесува до стапките на вработеност според школска подготовка тие се најмали кај лицата со ниско ниво на образование. Со значително поголема стапка се карактеризираат лицата со средно образование, која, почнувајќи од 2004 година има и тенденција на пораст и во 2010 година изнесува 47,3 %. Најголема вредност стапката на вработеност има кај лицата со високо образование, која во периодот 2000-2010 година бележи тренд на намалување од 64,5 % на 63,7 %. Во последните години намалувањето на стапката на вработеност на лицата со високо образование во Република Македонија е условено од големиот пораст на бројот на лицата кои завршуваат високо образование.[18]

Трендот на пораст на вработеноста продолжува и по 2010 година и вкупната вработеност на населението (15-64 години) во 2019 година изнесува повеќе од 788 илјади лица, што претставува пораст од 25 % во однос на 2010 година. Бројот на вработени мажи се зголемил од 387 илјади (2010) на речиси 472 илјади лица (2019 година) или за речиси 22 %, додека интензитетот на пораст на вработени жени е поизразен, при што нивниот број во набљудуваниот период пораснал за околу 30 %, достигнувајќи вредност од околу 317 илјади лица.

Стапката на вработеност (15-64 години) се карактеризира со тренд на пораст, при што од 43,5 % (2010) се зголемила на 54,7 % (2019 година). Според пол, кај мажите овој пораст е од 52,8 % на 64,4 %, респективно по години, додека кај жените од 34,0 % на 44,7 %, што укажува на поизразени промени кај женското население (Графикон број 9).

[17] Исто., стр. 134
[18] Исто., стр. 136-137

*Графикон број 9: Стапката на вработеност, според полот, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Во однос на вработеноста на населението според возраста, податоците покажуваат дека бројот на вработени се зголемува кај сите старосни групи, со исклучок на младите од 15 до 19 години. Намалувањето на вработеноста кај оваа старосна група е резултат на воведувањето на задолжителното средно образование. Порастот на вкупниот број на вработени е најизразен кај лицата на возраст од 35 до 39 години (за 40,3 %), 40-44 години (за 26,4 %) и 30-34 (за 24,4 %), како и кај оние од старосните групи 55-59 години (за 41,4 %) и 60-64 години (за повеќе од 87,7 %). Кај првите три старосни групи најголем е и апсолутниот број на вработени.[19]

Стапките на вработеност според возраста укажуваат на значајни разлики помеѓу одделните старосни групи (Графикон број 10). Највисока е стапката на вработеност кај лицата од старосната група од 25 до 49 години, која од 55,7 % (2010) се зголемила на 67,2 % (2019 година). Релативно висок пораст се забележува и кај повозрасното население 50-64 години, и тоа од 42,6 % на 51,9 %, респективно. Нешто помало е зголемувањето на стапката

[19] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

на вработеност кај младото население (15-24 години) за 5,3 процентни поени, при што во 2019 година таа достигнува 20,7 %. Набљудувани според пол и возраст, стапките на вработеност беа и останаа поголеми кај мажите и тоа кај сите старосни групи. Притоа, кај мажите во периодот 2010-2019 година стапката на вработеност најмногу се зголемила кај лицата од старосната група од 50-64 години (од 55,2 % на 66,3 %), додека кај жените кај оние стари 25-49 години (од 45,5 % на 57,8 %).

*Графикон број 10: Стапката на вработеност, според возраста, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

И покрај позитивните промени во стапките на вработеност, тие сè уште се значително под просечните стапки на вработеност во ЕУ, дури и во услови кога стапките на невработеност во земјата се намалуваат. Сè уште релативно ниските стапки на вработеност, меѓу другото, се резултат на евидентно засиленото иселување во странство, особено на младата популација. Бидејќи во државата нема официјална регистрација на оние кои заминуваат од државата, стапките на вработеност се пресметуваат во однос на вкупното работоспособно население, иако еден дел од него реално не е дел од пазарот на трудот во земјата.

Во однос на образовната структура на вработените, во анализираниот период забележителни се промени, како кај вкупното население,

така и по пол. Имено, значително се намали апсолутниот број на вработените лица со ниско ниво на образование[20] (за 11 %) и нивното учество во вкупниот број на вработени (за 7,1 процентен поен). Кај другите нивоа на образование во периодот 2010-2019 година дојде до зголемување на овие вредности. Апсолутниот број на оние со средно ниво на образование се зголеми за 31,3 %, а учеството за 2,7 процентни поени, додека на вработените со високо ниво на образование[21] за 50,7 %, односно 4,4 процентни поени, следствено (Табела број 5).

*Табела број 5: Бројот и структурата на вработените според нивото на образованието, 2010 и 2019 година*

| | 2010 | | | 2019 | | | 2010 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | **637856** | **391923** | **245933** | **797651** | **477437** | **320214** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| Ниско ниво на образование | 158369 | 101132 | 57237 | 141480 | 93742 | 47738 | 24.8 | 25.8 | 23.3 | 17.7 | 19.6 | 14.9 |
| Средно ниво на образование | 342436 | 217241 | 125195 | 449664 | 285276 | 164388 | 53.7 | 55.4 | 50.9 | 56.4 | 59.8 | 51.3 |
| Високо ниво на образование | 137051 | 73550 | 63501 | 206507 | 98419 | 108088 | 21.5 | 18.8 | 25.8 | 25.9 | 20.6 | 33.8 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Стапките на вработеност, во рамки на оваа анализа се посматраат за категоријата вработени на возраст од 25 до 64 години според највисокото стекнато ниво на образование. Притоа, стапката на вработеност според сите стекнати нивоа на образование (ISCED класификација) се карактеризира со пораст (Графикон број 11). Тој е најизразен кај лицата со средно ниво на образование (ниво 3-4), од 58,4 % (2010) на 68,1 % (2019 година).

[20] Ниското ниво на образование ги опфаќа лицата без образование, со незавршено основно образование и со основно образование.
[21] Високо ниво на образование ги опфаќа лицата со завршено више и високо ниво на образование.

*Графикон број 11: Стапката на вработеност на лицата од 25 до 64 години според највисокото ниво на образование, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работа сила (различни години), https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=3&rbr=288*

Кај вработените со терцијарно образование (ниво 5-6) стапката на вработеност се зголемила од 73,9 % на 78,8 %, респективно по години. Нивните стапки на вработеност истовремено имаат и највисоки вредности во целиот анализиран период. Најмал пораст на стапката на вработеност се забележува кај лицата со основно и незавршено основно образование (ниво 0-2), од 33,4 % (2010) на 38,4 % (2019 година).

Во однос на промените во вработеноста според Националната класификација на дејности, НКД Рев.2, достапните податоци на Државниот завод за статистика покажуваат дека во анализираниот период бројот на вработени лица е зголемен во сите сектори, освен во секторот на земјоделството, шумарството и рибарството и секторот на снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (Табела број 6).

*Табела број 6: Бројот на вработените според секторите на дејност, 2010-2019 година*

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **637855** | **645085** | **650554** | **759054** | **797651** |
| Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 120597 | 120893 | 112623 | 119337 | 111033 |
| Рударство и вадење на камен | 4964 | 5316 | 5636 | 6509 | 6587 |
| Преработувачка индустрија | 122356 | 125206 | 126892 | 150820 | 157831 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 10689 | 10366 | 10614 | 10324 | 10610 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 9571 | 12704 | 10146 | 14120 | 17214 |
| Градежништво | 41060 | 39961 | 41024 | 56263 | 56036 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 94084 | 90891 | 92822 | 108726 | 112624 |
| Транспорт и складирање | 31336 | 30388 | 30411 | 39134 | 44410 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 22246 | 23574 | 23507 | 30964 | 34333 |
| Информации и комуникации | 10578 | 9598 | 11231 | 12995 | 15348 |
| Финансиски дејности и дејности за осигурување | 8907 | 10588 | 9110 | 8095 | 10627 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 440 | 547 | 813 | 1330 | 2093 |
| Стручни, научни и технички дејности | 13306 | 15248 | 16486 | 17332 | 18480 |
| Административни и помошни услужни дејности | 9275 | 6914 | 10408 | 14612 | 20651 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 44558 | 43884 | 43915 | 52900 | 53425 |
| Образование | 39085 | 40333 | 42514 | 44696 | 46186 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 34171 | 35230 | 36091 | 42760 | 45279 |
| Уметност, забава и рекреација | 8395 | 10309 | 10066 | 12334 | 17773 |
| Други услужни дејности | 10173 | 10701 | 13821 | 13059 | 14875 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 1408 | 1511 | 1344 | 863 | 665 |
| Дејности на екстериторијални организации и тела | 656 | 923 | 1080 | 1881 | 1571 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Сепак, мора да се има предвид дека секторот земјоделството, шумарството и рибарство има големо учество во вкупната вработеност кое во 2019 година изнесува 13,9 %, додека апсолутниот број на вработени е над 111 илјади лица. Значителен дел од нив, односно близу 38.500 лица или 34,7 % се неплатени семејни работници.

Во анализираната деценија, најголем дел од вработените биле ангажирани во Преработувачката индустрија, при што нивниот апсолутен број од 122.356 лица (2010) се зголемил на речиси 158 илјади лица (2019 година), што е пораст од 29 %. Мошне висока е застапеноста на вработените од овој сектор во вкупната вработеност, при што во 2019 година таа изнесува 19,8 % (Графикон број 12). Во групата сектори: Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Дејностите за сместување и услуги за храна, дошло до мошне голем пораст на бројот на вработени (за 43.701 лице во периодот 2010-2019 година). Притоа, вкупниот број на вработени во 2019 година изнесува 191.367 лица, додека нивното учество во вкупната вработеност е 24 %. Со забележително учество во вкупната вработеност (18,1 % во 2019 година) се издвојува групата сектори: јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; образование; и дејности на здравствена и социјална заштита. Во последната набљудувана година во овие сектори работеле близу 145 илјади лица, додека зголемувањето на вработеноста во однос на 2010 година е за 23 % или за повеќе од 27 илјади лица. Овие промени укажуваат дека најголем пораст на нови вработувања е реализиран во јавниот сектор.

*Графикон број 12: Учеството на вработените според дејноста во вкупната вработеност, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Анализата на вработеноста според занимањата укажува дека во периодот 2010-2019 година најголем дел од вработените биле концентрирани во занимањата: стручњаци и научници; работници во услужни дејности, работници во продавници и на пазарни продажби; и ракувачи и составувачи на машини и постројки. Притоа, во 2019 година нивното учество во вкупниот број на вработени изнесува 14,7 %; 17,8 % и 14,7 %, респективно (Табела број 7).

*Табела број 7: Бројот на вработените според занимањата, 2010-2019 година*

| | 2010 | 2012 | 2014 | 2016 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **637856** | **650554** | **690188** | **723550** | **759054** | **797651** |
| **Воени занимања** | 5788 | 4920 | 5757 | 6910 | 6039 | 5943 |
| **Членови на законодавни извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори** | 42078 | 34287 | 28257 | 34213 | 29556 | 23266 |
| **Стручњаци и научници** | 68327 | 95144 | 92754 | 110736 | 113171 | 117172 |
| **Техничари и сродни работници** | 60030 | 63413 | 60615 | 63210 | 74880 | 80376 |
| **Службеници** | 47820 | 36876 | 38902 | 43568 | 39708 | 47087 |
| **Работници во услужни дејности, работници во продавници и на пазарни продажби** | 91301 | 106118 | 110637 | 117106 | 127368 | 142155 |
| **Стручни земјоделски работници** | 2762 | 9639 | 27969 | 42672 | 59174 | 66269 |
| **Занимања за неиндустриски начин на работа во производство** | 80071 | 77362 | 79057 | 89418 | 96393 | 103952 |
| **Ракувачи и составувачи на машини и постројки** | 75660 | 79880 | 100218 | 95907 | 107505 | 116858 |
| **Елементарни занимања** | 164019 | 142915 | 146022 | 119810 | 105260 | 94573 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Во опсервираниот период вкупниот број на вработени во, речиси, сите занимања е зголемен, со исклучок на членови на законодавни извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори; службеници и елементарните занимања. Ваквиот пораст е најмногу нагласен кај стручните земјоделски работници (за над 63,5 илјади лица); работници во услужни дејности, работници во продавници и на пазарни продажби (за речиси 51 илјада лица) и кај стручњаците и научниците (за безмалку 49 илјади лица).

Значителниот број на вработени во земјоделството и неговиот раст во определени години, првенствено се должи на политиките за субвенционирање на земјоделското производство, пристапот до поповолни кредити и субвенционирање на трошоците за откуп на добиток и за одгледување насадни култури, како и на политиките насочени кон поттикнување на претприемништвото, меѓу кои е и поедноставувањето на процедурите за започнување бизнис. Во 2019 година 57,6 % од вработените во земјоделството се стручни земјоделски работници, додека речиси целото преостанато население (35,5 %) ангажирано во оваа дејност е со елементарни занимања, кои значат поседување на основно образование. Споредено со 2010 година кога овие бројки беа 3,6%

и 91,7 %, респективно, се потврдува значителното зголемување на квалификуваните работници во земјоделството.

Секторот на трговија на големо и мало, со вработување на 14,1 % од вкупното вработено население во 2019 година, може да се смета за важен сектор за одржување на актуелните позитивни трендови на пазарот на трудот. Ваквата состојба се должи на релативно ниското ниво на капитал по вработен, пониското ниво на потребни вештини, нископлатените работни места и големиот број на мали трговски фирми. Ако се земе предвид дека во последната деценија на македонскиот пазар влегоа бројни нови брендови и трговски марки, како и големи трговски синџири, тоа ја зголеми побарувачката на работници за трговија на мало, но и бројот на вработени во овој сектор. Оттаму, во 2019 година доминантно занимање (повеќе од 55,9 %) на вработените кои работат во секторот на трговија на големо и мало се работници во услужни дејности, работници во продавници и на пазарни продажби.

Трендот на пораст на бројот на вработени во преработувачката индустрија во последните неколку години, меѓудругото, е резултат на структурните промени во индустрискиот сектор, предизвикани од работењето на новите производствени капацитети, особено во технолошко-индустриските развојни зони. Растот на бројот на вработени беше поттикнат и од макроекономските политики кои беа насочени кон јакнење на врските помеѓу финансискиот сектор и реалната економија, посебно за време на финансиската криза. Оттаму, во однос на вработеноста во преработувачката индустрија според занимања, во 2019 година 46,2 % од вработените се ракувачи и составувачи на машини и постројки, а 25 % се занимања за неиндустриски начин на работа во производство, имајќи ги предвид машинските оперативни процеси вклучени во оваа дејност.

Податоците за неформалната вработеност во Република Северна Македонија покажуваат дека бројот на неформално вработени лица се намалил од 166.814 (2010) на 128.026 лица (2019 година) или за 23,3 %. Уделот на неформално вработените во вкупната вработеност, исто така се намалил и тоа од 26,2 % на 16,1 %, респективно (Графикон број 13). Независно од ваквите промени, бројот на неформално вработени лица беше и остана релативно висок.

*Графикон број 13: Стапката на неформалната вработеност, 2010-2019 година*




** Учество (во %) на неформално вработените во вкупниот број на вработени*
*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години*

Што се однесува до неформалната вработеност по пол, мажите беа и останаа побројни, а нивната стапка на неформална вработеност беше повисока. Така, во 2010 година стапката изнесуваше 27,0 % (мажи) и 24,7 % (жени), додека во 2019 година се намали на 18,1 % и 13 %, респективно. Во однос на структурата на неформално вработените според старост, во 2019 година 45 % од неформалните вработени биле на возраст од 25-44 години, додека 21,8 % биле од возрасната група 45-54 години.[22]

### *3.4 Карактеристики на невработеноста во периодот пред Ковид-19 кризата*

Невработеноста во Република Северна Македонија се карактеризираше со тенденција на постојан пораст во период од неколку децении, достигнувајќи го својот врв во периодот на транзиција. Денес, иако невработеноста е намалена, сепак, е еден од главните проблеми во државата. Во периодот 2000-2010 година бројот на невработените се зголемил од 261.711 (2000) на 323.934 лица (2005 година). Од 2006

[22] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, МакСтат база на податоци, Формална и неформална вработеност, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

година нивниот број бележи континуирано намалување, при што во 2010 година апослутниот број на невработени изнесувал 300.439 лица. Стапката на невработеност, пак, пресметана според Методологијата на ILO, се зголемувала од 2000 до 2005 година и тоа од 32,2 % на 37,3 % (Графикон број 14). Од 2005 година, нејзината вредност започнува да опаѓа и во 2010 година изнесува 32,0 %. Стапката, пак, на невработеност според Eurostat покажува нешто повисоки стапки на невработеност.

*Графикон број 14: Стапките на невработеност, 2000-2010 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.2.08/410 (2001), Бр. 2.4.2.21/429 (2002), Бр. 2.4.3.13/453 (2003), Бр. 2.4.5.02/494 (2004), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.8.06 (2007), Бр. 2.4.9.12/632 (2008), Бр. 2.4.10.04/651 (2009), Бр. 2.4.11.09/692 (2010)*

Стапките на невработеност според пол во периодот 2000-2010 година и кај мажите и кај жените, и покрај манифестираните осцилации бележат намалување. Тие во текот на целиот период се повисоки кај жените. Притоа, стапките на невработеност кај мажите се движат во интервал од 29,5 % (2001) до 37,0 % (2003 година), а кај жените од 30,8 % (2010) до 38,4 % (2005 година).

Стапките на невработеност по одделни старосни групи во анализираниот период бележат значајни промени. Така, се забележуваат позитивни промени на овој показател кај лицата на возраст од 15 до 19 години, чии стапки на невработеност се намалиле и тоа од 60,7 % (2000) на 59,3 % (2010 година). Тренд на намалување, со исклучок во 2002 и 2003 година, е карактеристичен

и за стапките на невработеност на старосните групи 20-24 и 25-29 години. Притоа, во 2010 година тие изнесуваат 52,3 %, односно 39,4 %. Стапките на невработеност на овие три старосни групи имаат највисока нумеричка вредност во споредба со другите старосни групи, што значи дека невработеноста на младите во Република Македонија беше и остана мошне сериозен проблем.

Што се однесува на стапките на невработеност според школската подготовка, податоците од Анкетата за работна сила покажуваат дека во периодот 2000-2010 година се забележуваат осцилации во нивната нумеричка вредност. Притоа, кај лицата со ниско ниво на образование, стапката на невработеност во 2010 година ја достигнува вредноста од 2000 година (околу 40 %). Кај невработените со средно ниво на образование и покрај флуктуирачките движења стапката на невработеност се намалила од 32,6 % (2000) на 32,1 % (2010 година). Во овој период со најголема негативна промена во насока на зголемување се издвојуваат стапките на невработеност на лицата со високо образование и тоа од 17,8 % (2000) на 21,8 % (2010 година). Состојбата кај невработените лица со високо образование е исклучително неповолна, бидејќи една петтина од работната сила со овој степен на образование е надвор од економска активност. Тоа значи огромна загуба на човечки капитал, особено преку континуираната емиграција на високообразованите лица. Одливот на мозоци од земјава е најголемиот трошок од порастот на долгорочната невработеност на лицата со високо образование.[23]

Во следниот десетгодишен период, бројот на невработени лица според податоците од АРС од 300.439 лица во 2010 година се намали на 166.363 лица во 2019 година. Податоците на Агенцијата за вработување (АВРМ), пак, покажуват дека во 2010 година бројот на регистрирани невработени изнесувал 321.341 лице. Почнувајќи од 2013 година, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, во евиденцијата на АВРМ невработените се категоризирани како невработени лица и други лица кои бараат работа. Врз основа на оваа категоризација, во декември 2013 година бројот на невработени изнесувал 96.200 лица, додека на оние други лица кои бараат работа 121.658. Во декември 2019 година овие бројки респективно достигнале вредност од 101.748 и 87.463 лица.

[23] Лозаноска А., *Социо-економски аспекти на невработеноста* ……..оп.цит, стр. 163-164

Податоците од Анкетата за работна сила покажуваат дека стапката на невработеност, во периодот 2010-2019 година континуирано се намалуваше и од 32 % достигна до 17,3 % (Графикон број 15). Вредноста на овој индикатор кај мажите се намалила од 31,9 % (2010) на 16,5 % (2019), додека на жените од 32,2 % на 18,4 %, респективно. Притоа, во текот на целиот временски интервал стапката на невработеност на жените беше повисока од онаа на мажите и се намалуваше со послаб интензитет.

*Графикон број 15: Стапката на невработеност според пол, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години*

Стапките на невработеност по старосни групи во Табела број 8 покажуваат дека во опсервираниот период, тие се намалиле кај сите старосни групи. Во 2019 година стапката на невработеност била највисока за невработените од старосните групи 15-19 години (37,5 %), 20-24 години (35,3 %) и 25-29 години (27 %), а најниска кај оние на возраст од 60-64 години (9,1 %).

*Табела број 8: Стапките на невработеност според возраста, 2010-2019 година*

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 32.0 | 31.4 | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | 20.7 | 17.3 |
| **15-19** | 59.3 | 58.6 | 58.7 | 62.3 | 63.5 | 46.1 | 58.9 | 58.0 | 61.7 | 37.5 |
| **20-24** | 52.3 | 54.4 | 53.0 | 49.7 | 51.0 | 47.6 | 46.1 | 44.6 | 42.6 | 35.3 |
| **25-29** | 39.4 | 40.6 | 41.5 | 40.5 | 39.3 | 39.0 | 35.2 | 33.9 | 31.4 | 27.0 |
| **30-34** | 31.4 | 30.1 | 29.6 | 29.5 | 28.9 | 25.0 | 23.2 | 23.6 | 23.4 | 18.5 |
| **35-39** | 28.9 | 26.1 | 29.4 | 25.8 | 21.2 | 22.9 | 20.6 | 16.9 | 13.5 | 13.0 |
| **40-44** | 27.7 | 26.0 | 24.5 | 22.3 | 21.0 | 19.6 | 18.6 | 17.2 | 14.1 | 13.2 |
| **45-49** | 25.0 | 23.6 | 23.0 | 19.0 | 20.7 | 18.7 | 17.8 | 14.9 | 15.0 | 13.4 |
| **50-54** | 24.1 | 24.0 | 23.6 | 22.1 | 22.1 | 21.0 | 16.3 | 16.4 | 15.6 | 13.7 |
| **55-59** | 27.0 | 27.3 | 25.8 | 23.9 | 21.3 | 21.5 | 18.6 | 18.6 | 17.0 | 13.3 |
| **60-64** | 29.7 | 30.4 | 23.7 | 24.4 | 26.0 | 19.3 | 16.1 | 12.8 | 16.8 | 9.1 |
| **65 +** | 6.3 | 6.8 | 9.4 | 7.4 | 6.8 | 0.0 | 1.1 | 1.2 | 1.5 | 0.3 |
| **15-24** | 53.7 | 55.3 | 53.9 | 51.9 | 53.1 | 47.3 | 48.2 | 46.7 | 45.4 | 35.6 |
| **55-64** | 27.8 | 28.2 | 25.1 | 24.1 | 22.7 | 20.9 | 17.7 | 16.6 | 16.9 | 11.8 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години*

Стапката на невработеност на младите (15-24) иако се намалила од 53,7 % (2010) на 35,6 % (2019 година), сè уште се смета дека е многу висока. Од друга страна, пак, стапката на невработеност на постарото население (55-64) се намалила од 27,8 % на 11,8 %, респективно.

Високата невработеност кај младите може да биде и причина и последица на масовното иселување во странство од страна на квалификувани млади лица. Врз основа на податоците од земјите на дестинација, сегашните емигранти од Република Северна Македонија веќе сочинуваат 25 % од нивното население, а нивниот број континуирано се зголемувал во изминатата деценија. Притоа, овие иселени лица претставуваат околу 32 % од високо квалификуваното население во земјата. Анализата на податоците од LinkedIn покажува дека најчести емигранти се работниците со менаџерски, истражувачки и лидерски вештини (претежно со когнитивни и интерперсонални вештини), така што нивното заминување е сериозна загуба во однос на растот на продуктивноста во земјата.[24]

Податоците за невработеноста според образованието, покажуваат дека стапката на невработеност според сите ISCED нивоа на

[24] The World Bank, Report No: AUS0001042, *Finding Solutions to Youth Unemployment in North Macedonia*, July 2019, p. 9

образование во периодот 2010-2019 опаѓа, но овој пад е позабележителен за основно ниво на образование (ниво 0-2) и средно ниво на образование (ниво 3-4) и тоа за 15,6 односно 15,5 процентни поени, респективно, додека за само 7,5 процентни поени кај оние со терцијарно ниво на образование (ниво 5-6) (Графикон број 16). Како резултат на ваквите промени во 2019 година стапката на невработеност изнесувала 23,2 % (ниво 0-2), 16,6 % (ниво 3-4) и 14,3 % (ниво 5-6).

*Графикон број 16: Стапката на невработеност според нивото на образованието, 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години*

Долгорочната невработеност (невработеност подолга од една година) во изминатата деценија иако се карактеризира со намалување, сепак сѐ уште е мошне висока (Табела број 9). Во 2019 година процентуалната застапеност на долгорочно невработените во вкупната невработеност достигнала вредности од 75,9 % (вкупно), 78 % (мажи) и 73,2 % (жени). Во однос, пак, на уделот на долгорочно невработени лица според времетраењето на нивната невработеност, тој се зголемил кај оние кои се невработени помалку од една година од 16,7 % (2010) на 24,1 % (2019) и невработените кои чекаат работа од една до две години од 11,7 % на 18,4 %, респективно. Значајно намалување се забележува во учеството на лицата невработени повеќе од четири години и тоа од 63,2 % (во

првата) на 47,1 % (во последната анализирана година). Стапката на долгорочна невработеност е намалена за повеќе од половина, при што кај вкупното долгорочно невработено население од 26,7 % (2010) дошла на 13,1 % (2019 година), кај мажите од 26,7 % на 12,9 % и кај жените од 26,7 % на 13,5 %, респективно по години.

*Табела број 9: Долгорочната невработеност, според полот, 2010-2019 година*

| | **Процентуална застапеност на долгорочната невработеност*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
| **Вкупно** | 83.3 | 82.6 | 82.1 | 82.5 | 83.4 | 81.6 | 80.9 | 77.9 | 74.7 | 75.9 |
| **Мажи** | 83.7 | 83.6 | 83.0 | 82.7 | 83.6 | 82.5 | 82.5 | 77.5 | 73.7 | 78.0 |
| **Жени** | 82.7 | 81.0 | 80.7 | 82.2 | 83.1 | 80.2 | 78.2 | 78.6 | 76.4 | 73.2 |
| | **Стапка на долгорочна невработеност**** | | | | | | | | | |
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
| **Вкупно** | 26.7 | 25.9 | 25.5 | 23.9 | 23.4 | 21.3 | 19.2 | 17.4 | 15.5 | 13.1 |
| **Мажи** | 26.7 | 26.6 | 26.1 | 24.0 | 23.1 | 22.1 | 20.1 | 17.6 | 15.7 | 12.9 |
| **Жени** | 26.7 | 24.9 | 24.5 | 23.8 | 23.8 | 20.1 | 17.8 | 17.2 | 15.2 | 13.5 |

** Учество на долгорочно невработените (повеќе од една година) во вкупниот број на невработени*

*** Учество на долгорочно невработените лица (повеќе од една година) во вкупната работна сила*

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години*

Долгорочната невработеност е карактеристична и за младите, придонесувајќи за нивните високи стапки на невработеност. Потребно е подолго време за младите да најдат добра и стабилна работа. Истражувањата покажале дека на младите им треба во просек околу 31 месец (две и пол години) од времето кога ќе завршат со своето образование до вработување на работно место кое ги задоволува нивните потреби и одговара на стекнатите вештини и нивото на образование. Учеството на долгорочно невработените помеѓу младите, кои активно бараат работа повеќе од 12 месеци, се движи во интервал од 65 до 85 % од вкупниот број на невработени, во зависност од достигнатото ниво на образование.[25]

25 Ibid., p. 11

## 4. Продуктивноста и нејзиното значење за економијата на Република Северна Македонија

Анализата на продуктивноста која е презентирана во овој дел од трудов, е особено значајна од аспект на креирање на насоки кон кои мерките на макроекономската политика треба да бидат насочени за опоравување на економијата и поттикнување на економскиот раст во следниот период.

Продуктивноста е индикатор за користењето, односно искористеноста на инпутите за создавање нова додадена вредност во економијата. На долг рок, продуктивноста е детерминирана од иновациите, инвестициите во физички капитал, како и инвестициите во човечки капитал. Непосредно, но не помалку значајно влијание врз продуктивноста има опкружувањето во кое работат претпријатијата, како што се: пазарните структури, инфраструктурата, институционалната рамка и квалитетот на управувањето.

Постојат два основни начини за мерење на продуктивноста: трудова продуктивност и вкупна факторска продуктивност. Кога зборуваме за продуктивноста на трудот, продуктивноста претставува вкупен производ (бруто-домашен производ-БДП) добиен со единица ангажиран труд. Според оваа дефиниција се земаат предвид економски активните лица, наместо бројот на часови како мерило на вклученоста на трудот.

Според тоа, показателот за продуктивност на трудот во Република Северна Македонија, кој се пресметува годишно и квартално, е пондериран збир на продуктивност на ниво на сектор како соднос помеѓу додадената вредност на еден сектор и бројот на вработени лица. Во анализата се користи базата на податоци на Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Северна Македонија. Ваквата методологија за пресметување на индикаторот за продуктивност на трудот има неколку недостатоци. Како најзначајни би ги потенцирале: нецелосната опфатност изразена преку тоа што не се вклучени неформално вработените, потоа не се вреднува квалитетот на вложениот труд, кој зависи од нивото на образование, обуката и здравјето на работниците, како и не се мери интензитетот на вложениот труд, односно не ги зема предвид различните работни аранжмани.

*Графикон број 17: Продуктивноста на трудот во периодот 2012-2019 година*




*Извор: Народна банка на Република Северна Македонија, https://www.nbrm.mk/bilteni.nspx*
** Годишни стапки на раст во ( %). Почнувајќи од октомври 2018 година, историските податоци за продуктивност се сменети со нова пресметка на продуктивноста, каде што вкупната продуктивност се пресметува како пондериран збир на пресметаната продуктивност на ниво на индивидуален сектор. Во рамките на секој сектор, продуктивноста се пресметува како соодност помеѓу додадената вредност во тој сектор и бројот на вработени лица. Пресметките се изработени во Дирекција за монетарна политика и истражување на НБРСМ.*

На Графикон број 17 е прикажан показателот за продуктивноста на трудот во Република Северна Македонија за периодот 2012-2019 година. Продуктивноста на трудот во анализираните години има највисоко ниво во 2014 година и изнесува 3,2. Најниска вредност е забележана во 2017 година. Заклучокот е дека вредноста на продуктивноста на трудот во сите анализирани години е ниска.

Историски гледано, различни фактори влијаеле и ја зголемувале продуктивноста на трудот. Зголемувањето на продуктивноста на трудот е поттикнато од иновациите, подоброто образование и инвестициите во физички капитал. Иновациите и инвестициите во приватниот сектор бараат соодветно макроопкружување кое го поттикнува растот во економијата, развиени и ефикасни

институции и примена на политики за поддршка, вклучително и политики кои промовираат макроекономска стабилност и владеење на правото. Секако, растот на продуктивноста се поттикнува со производство на софистицирани и сложени производи и услуги со повисока додадена вредност кои се наменети за извоз и на тој начин се овозможува меѓународната технолошка дифузија.[26]

Демографската структура на населението е еден од најзначајните фактори кои влијаат на продуктивноста. Промените во старосната структура на населението директно влијаат на продуктивноста на трудот. Развојот на техниката и технологијата, како и сè поголемата нивна примена во процесите на работење претставува предуслов за зголемување на продуктивноста. Токму затоа промените во старосната структура на вработените, односно поголемото учество на постари работници во вкупниот број на вработени е сериозен предизвик за зголемувањето на продуктивноста. Така, најстарите вработени често имаат потешкотии со употребата на новите технологии, како и со дигитализацијата на работните процеси.

Вкупната факторска продуктивност (TFP) е вториот начин на пресметување на продуктивноста во една економија. Истата се пресметува според моделот на економски раст на Солоу (Solow), каде економскиот раст е функција на трудот, капиталот и продуктивноста. При овие пресметки, се определува учеството на трудот и капиталот, додека придонесот на продуктивноста се добива како резидуален остаток во равенката, и најчесто се среќава и во литературата е познат како резидуален остаток во моделот на Солоу.

Декомпонираната производна функција од која ја започнуваме анализата е:

$$Y = AK^{1/3}L^{2/3}$$

Истиот израз може да се напише и како:

$$\frac{dY}{Y} = \frac{dA}{A} + 0.33\frac{dK}{K} + 0.67\frac{dL}{L}$$

[26] Hausmann R., Hwang J., Rodric D., „*What you export matters*", CID Working Papers Series 2005, Harvard University, Cambridge, MA, 2005

каде што $dY / Y; dA / A; dK / K; dL / L$ се процентна стапка на промена за некој период (1 година), односно $dX / X = (X_t - X_{t-1}) / X_{t-1}$.[27]

Според дадената формула се мери растот на производството, капиталот и трудот, како и на придонесот на капиталот и трудот во однос на економскиот раст. Продуктивноста А го претставува резидуалот (TFP). Еден од негативните аспекти на оваа методологија за определувањето на продуктивноста е фактот што остатокот на продуктивност (TFP) не може дополнително да се разложи и да се согледа од што всушност е истата детерминирана.

Според теоретските сознанија, вкупната продуктивност на факторите се менува од различни причини. Најчесто детерминанта на зголемената продуктивност е зголеменото ниво на знаење кое доведува до промени и подобрувања во методите на производство. Многу други фактори, како што се образованието и државната интервенција, го зголемуваат резидуалот. На пример, повисоките државни расходи го подобруваат квалитетот на образованието. Оттука, ова ги зголемува квалификациите на работната сила и нивната продуктивност, што доведува до зголемување на производството.

Пресметките за вкупната факторска продуктивност во Република Северна Македонија се однесуваат на периодот од 2000 до 2020 година. Просечната стапка на раст на БДП изнесува 4,97 %, додека просечните стапки на раст на вработеноста и на физичкиот капитал изнесуваат 1,86 % и 6,17 %, соодветно. Според пресметките, придонесот на вработеноста (трудот) за економскиот раст изнесува 2,04 %, на физичкиот капитал (интензитетот на користење на капиталот) 1,25 %, а резидуалот кој го претставува придонесот на продуктивноста врз економскиот раст изнесува 1,69 % (Табела број 10).

[27] Eftimoski, D., Petrevski G., *Analysis of the source of economic growth in the Republic of Macedonia in transition period*, Economic development, Journal of the Institute of Economics, year 5 no. 1-2-3, Skopje, 2003, p. 124

*Табела број 10: Пресметка[28] на вкупната факторска продуктивност во периодот 2000- 2020 година*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Просечна стапка на раст на БДП | 4,97% | Придонес на капиталот | 1,25% |
| Просечна стапка на раст на трудот | 1,86% | Придонес на трудот | 2,04% |
| Просечна стапка на раст на капиталот | 6,17% | Вкупна факторска продуктивност | **1,69%** |
| | | **Просечна стапка на раст на БДП** | **4,97%** |

*Извор: Сопствени пресметки, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef; (пристапено на 28.9.2022)*

„Ниската продуктивност укажува на неодржливоста на растот во Република Северна Македонија. Пред сѐ, постигнатите стапки на економски раст се резултат на интензивното користење на трудот и капиталот. Исто така, реалниот раст на БДП се финансира со зголемениот јавен долг во последната деценија. Ниската продуктивност значи намалена и недоволна инвестиција во образованието и истражувањето и развојот што директно влијае на квалитетот на човечкиот капитал".[29]

Друг клучен аспект во анализата на продуктивноста е продуктивноста на ниво на претпријатието. Многу е тешко да се пресмета и да се утврди нивото на продуктивноста на претпријатието, затоа што истата може да се анализира и да се разгледува како трудова продуктивност на секој вработен поединечно и како вкупна продуктивност на ниво на целото претпријатие. Еден метод е спроведување на анкета со дефинирани прашања кои се однесуваат на перфомансите на вработените која се спроведува на точно определен временски период. Сумирањето и креирањето на база на добиените одговори овозможува да се

[28] Пресметката користи податоци за реалниот БДП (Y) изразени во национална валута, во милиони денари. Трудот (L) како фактор на производство се изразува како број на вработени во вкупното работоспособно население од 15 години и повеќе, користејќи ги податоците од Анкетата за работна сила. Физчкиот капитал се изразува како легирана вредност од БДП

[29] Djambaska E., Lozanoska A., „*Growth accounting in the Republic of North Macedonia*", Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year.21, no. 3/2019, page 41

направи проценка на продуктивноста на ниво на претпријатие, како и анализа и споредба во зависност од повеќе фактори кои го дефинираат соодветното претпријатие (сектор на дејност, број на вработени и др).

Ваквиот метод на собирање на податоци е тежок за да се спроведе, но исто така, потребно е многу време и ресурси за истиот да се соодветно реализира. За таа цел во ова истражување се користеше базата на податоци од анкетите на претпријатијата[30] за продуктивноста на претпријатијата во Република Северна Македонија која ја подготвува Светската банка.

Анкетата на претпријатијата за Република Северна Македонија[31] ги сумира резултатите од спроведеното истражување на сопственици на бизниси и врвни менаџери во 360 фирми од Македонија кои се интервјуирани помеѓу декември 2018 и октомври 2019 година. Годишниот раст на продуктивноста на трудот се мери со процентуална промена на продуктивноста на трудот помеѓу последната завршена фискална година и претходниот период, каде што продуктивноста на трудот е продажба поделена со бројот на постојани работници со полно работно време. Сите продажни вредности се сведуваат на ниво од 2009 година, користејќи ги дефлаторите за БДП на секоја земја.

Годишниот раст на продуктивноста на трудот во 2019 година е негативен -0,4. Исто така, растот на продуктивноста на трудот кај претпријатијата од трговијата е -1,1. Продуктивноста кај претпријатијата во другите услужни дејности е -0,7. Во споредба со Европа и Централна Азија покажува помала вредност (Табела број 11).

---

[30] North Macedonia, Enterprise Surveys, The World Bank Group, 2020, www.enterprisesurveys.org; Анкетата на претпријатијата (Enterprise Surveys - ES) ја спроведува Групацијата на Светска банка и нејзините партнери низ сите географски региони и вклучува мали (5 до 19 вработени), средни (од 20 до 99 вработени) и големи претпријатија (100 или повеќе вработени). Притоа, претпријатијата со помалку од пет вработени не се вклучени во истражувањето. Претпријатијата кои се 100 % во државна сопственост исто така не се опфатени со Анкетата. Прашањата содржани во Анкетата ги вклучуваат темите инфраструктура, трговија, финансии, регулативи, даноци и лиценцирање бизнис, корупција, криминал и неформалност, пристап до финансии, иновации, работна сила и перцепции за пречките за водење бизнис. Анкетите на претпријатијата се повторуваат приближно на секои четири години за определена економија (или регион).

[31] Исто

*Табела број 11: Продуктивноста на претпријатијата според Анкетата на претпријатијата на Светска банка 2019 година*

| | Годишна продуктивност на трудот (%) | Вкупно (сите анкетирани претпријатија) | Производствен сектор | Услужен сектор | Трговија | Други услужни дејности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | -0,4 | 0,4 | 0,4 | -0,8 | -1,1 | -0,7 |
| Европа и Централна Азија | -0,1 | 0,5 | ... | -0,5 | ... | ... |

*Извор: The World Data Bank, https://www.enterprisesurveys.org/en/methodology (пристапено на 12.4.2022)*

Растот на продуктивноста на претпријатијата, вклучени во Анкетата на претпријатијата во Северна Македонија според секторот, за периодот 2009, 2013 и 2019 година се прикажани во Табела број 12.

*Табела број 12: Продуктивноста на претпријатијата според секторот во 2009, 2013 и 2019 година*

| Година | Годишна продуктивност на трудот (%) | Производствен сектор | Услужен сектор | Трговија | Други услужни дејности |
|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 0,1 | 3,4 | -1,9 | -5,8 | 0,2 |
| 2013 | 0,8 | 1,5 | 0,5 | 1,7 | -0,3 |
| 2019 | -0,4 | 0,4 | -0,8 | -1,1 | -0,7 |

*Извор: The World Data Bank, https://www.enterprisesurveys.org/en/methodology (пристапено на 12.4.2022)*

Нивото на продуктивност во производствените претпријатија во анализираните години покажува пад и продуктивност на годишно ниво од 3,4 во 2009 година паѓа на 0,4 во 2019 година. Промените во продуктивноста кај услужниот сектор осцилираат и тоа од -1,9 во 2009 година, 0,5 во 2013 година и -0,8 во 2019 година. Според овој индикатор, претпријатијата во трговијата во Република Северна Македонија исто така, бележат флуктуации (-5,8 во 2009 година, 1,7 во 2013 година и -1,1 во 2019 година) (Табела број 12).

Продуктивноста на претпријатијата мерена според нивната големина кај малите претпријатија во сите анализирани години се карактеризира со позитивни вредности, иако во 2019 бележи значително намалување. (Табела број 13) Кај средните претпријатија индикаторот на продуктивноста е негативен. Единствено кај големите претпријатија дошло до зголемување на продуктивната од -5,4 (2009) на 4,8 (2019).

*Табела број 13: Продуктивноста на претпријатијата според големината на претпријатието во 2009, 2013 и 2019 година*

| Година | Мали претпријатија (5-19) | Средни претпријатија (20-99) | Големи претпријатија (100+) |
|---|---|---|---|
| 2009 | 1,9 | -2,4 | -5,4 |
| 2013 | 3,1 | -5,4 | / |
| 2019 | 0,6 | -4,1 | 4,8 |

*Извор: The World Data Bank, https://www.enterprisesurveys.org/en/methodology (пристапено на 12.4.2022)*

Табела број 14 ги прикажува податоците за нивото на продуктивноста на претпријатијата според извозната ориентација на претпријатијата што беше опфатена во истражувањето. Продуктивноста е поголема и позитивна кај претпријатијата извозници. Според тоа, во 2009 година покажува 8,4 %, 4,7 % во 2013 година и 2,1 % во 2019 година. Претпријатијата кои не извезуваат имаат негативни вредности на реалниот годишен раст на продуктивноста на трудот (-2,8 % во 2009 година, 0,2 % во 2013 година и -1 % во 2019 година).

*Табела број 14: Продуктивноста на претпријатијата според извозната ориентација во 2009, 2013 и 2019 година*

| Година | Извозници | Неизвозници |
|---|---|---|
| 2009 | 8,4 | -2,8 |
| 2013 | 4,7 | 0,2 |
| 2019 | 2,1 | -1,0 |

*Извор: The World Data Bank, https://www.enterprisesurveys.org/en/methodology (пристапено на 12.4.2022)*

На крај ако сумираме, според изнесените податоци и пресметки на вкупната факторска продуктивност, продуктивноста на трудот во Република Северна Македонија е ниска, а во изминатите пет години дури и негативна. Пресметките на вкупната продуктивност на факторите, користејќи го моделот на раст на Солоу и производната функција на Коб-Даглас во изминатите дваесет години, покажуваат дека просечниот раст на БДП е 4,97 %, при што вкупната факторска продуктивност придонесува за 1,69 %. Нивото на продуктивност на претпријатијата, исто така, е ниско.

Затоа, очекувањата за зголемување на БДП и постигнување економски раст кој може да биде одржлив, се можни со зголемување на вкупната продуктивност на факторите на производство во Република Северна Македонија.

## 5. Квалитетот на живот во Република Северна Македонија, анализиран преку индикаторите за човеков развој

Економскиот раст сам по себе како показател е значаен доколку истиот е одржлив на долг рок и продуцира економски развој. Економскиот развој отсликан преку квалитетот на живот на населението е всушност показател за развиеноста на една економија. Постојат повеќе индекси и индикатори кои се однесуваат на различни аспекти од квалитетот на живот, како: демографијата, здравјето, образованието, животната средина, приходите и расходите на државите, демократските права и слободата на говорот и многу други. Во анализата се вклучени индикаторите кои се однесуваат на квалитетот на човековиот развој според Обединетите нации: индекс на човеков развој, индекс на човеков развој прилагоден за нееднаквоста, индекс на човеков развој според полот и индекс на родова нееднаквост. Притоа, квалитетот на живот се анализира во периодот од 2010 година, до пред започнувањето на пандемијата. Потоа, во втората глава од Монографијава се прави преглед колку промените предизвикани од пандемијата се одразиле врз животниот стандард и квалитетот на живот на граѓаните во Република Северна Македонија.

### а) Индексот на човековиот развој – Human Development Index (HDI)

Индексот на човековиот развој (HDI) е индикатор кој го покажува очекуваниот животен век при раѓањето на човекот како индикатор за човековото здравје и долговечноста на населението, притоа, земајќи го предвид и образованието на луѓето како и реалниот бруто-национален производ по глава на жител. Тоа е стандарден начин за пресметување на човековиот развој во една земја, концепт кој треба да ги прошири опциите на луѓето и да им даде поголеми можности за образование, здравствена заштита, приходи, вработување и сл.

Растот на производството одамна е императив за економистите кои го истражуваат процесот на економски раст, додека ефектите од зголеменото производство и квалитетот на живот беа маргинализирани сѐ до последниве неколку децении. Со текот на времето, фокусот на неизбежното и потребното, ги менува и луѓето и нивните потреби, како и начинот на кој истите ги задоволуваат. Како резултат на овие тенденции се појавува

концептот на човековиот развој, со кој јасно се дефинира основната цел на процесот на економски развој, кој е фокусиран на луѓето и нивниот квалитет на живот. Човековиот развој е крајната цел на економскиот развој и најсовршеното средство за промовирање на економскиот раст.

Следењето, мерењето и евалуацијата на податоците за човековиот развој е сложена работа, којашто официјално и секоја година ја врши UNDP, притоа објавувајќи годишни извештаи за напредокот во човековиот развој. Во извештаите за индексот на човеков развој е дадено резиме за трите најважни човекови димензии: долг и здрав живот, пристап до знаење и пристоен животен стандард. Параметар преку кој се пресметува долг и здрав живот претставува очекуваниот животен век на човекот. Пристапот до знаење се мери преку просечниот број на години на образование за возрасните лица над 25 години и очекуваниот број на години на образование за децата кои сега го започнуваат своето образование. Животниот стандард е определен преку БНП по глава на жител. Главната теза на овие извештаи е дека луѓето се оние кои се важни, а не износот на БДП, буџетскиот дефицит и вредноста на валутата. Луѓето мора да бидат центарот на дебатата за развој и она што е навистина важно е како тие учествуваат во економскиот раст и каква корист имаат од него. Искуството покажува дека приходот и човековиот развој не се секогаш совршени придружници, каде што некои земји покажуваат релативно високи нивоа на човечки развој за нивниот приход и обратно. Концептот на човековиот развој е холистички и ги става луѓето во центарот на сите аспекти на развојниот процес.

Овој индекс е индикатор за тоа дали земјата е развиена, во развој или неразвиена, но, исто така, го изразува и влијанието на економската политика врз квалитетот на живот. Земјите се поделени во четири категории, и тоа: група на земји со многу висок човеков развој, висок човеков развој, средно ниво на човеков развој и низок човеков развој.

Според компонентите кои ги вклучува овој индикатор, од 1990 до 2019 година, очекуваниот животен век во Република Северна Македонија се зголеми од 71 на 77,3 години. Очекуваното време за образование се зголеми од 10 на 13 години, додека вредноста на HDI е зголемена од 0,70 во 1990 година на 0,78 во 2019 година.

На Графикон број 18 е прикажан индексот на човеков развој во Република Северна Македонија од 2010 до 2019 година. Од него се забележува дека трендот на зголемување на индексот на човеков развој е присутен целиот период.

*Графикон број 18: Индексот на човековиот развој, 2010-2019 година*




*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Во Табела број 15 се дадени индексите на човековиот развој за селектирани земји. Притоа, податоците се однесуваат на 1990, 2000, 2010, 2015, 2018 и 2019 година. Во првиот дел од Табелата се прикажани податоците за првите десет рангирани земји во категоријата земји со висок индекс на човеков развој. Забележливо е дека сите наведени земји имаат висок индекс на човеков развој, при што во 2018 и 2019 години истиот е поголем од 0,94 што е многу високо ниво.

*Табела број 15: Индексот на човековиот развој за селектирани земји*

| ХДИ ранг | Земји со висок индекс на човеков развој | 1990 | 2000 | 2010 | 2015 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Швајцарија | 0,851 | 0,887 | 0,942 | 0,954 | 0,959 | 0,962 |
| 2 | Норвешка | 0,838 | 0,913 | 0,941 | 0,953 | 0,962 | 0,961 |
| 3 | Исланд | 0,811 | 0,871 | 0,902 | 0,945 | 0,959 | 0,96 |
| 4 | Хонг Конг, Кина | 0,788 | 0,851 | 0,907 | 0,935 | 0,949 | 0,952 |
| 5 | Австралија | 0,865 | 0,896 | 0,923 | 0,933 | 0,941 | 0,941 |
| 6 | Данска | 0,834 | 0,889 | 0,913 | 0,936 | 0,942 | 0,946 |
| 7 | Шведска | 0,810 | 0,904 | 0,91 | 0,937 | 0,942 | 0,947 |
| 8 | Ирска | 0,737 | 0,847 | 0,904 | 0,925 | 0,937 | 0,942 |
| 9 | Германија | 0,829 | 0,889 | 0,926 | 0,938 | 0,945 | 0,948 |
| 10 | Холандија | 0,847 | 0,893 | 0,917 | 0,932 | 0,939 | 0,943 |
| | **Земји од поранешната СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров** | **1990** | **2000** | **2010** | **2015** | **2018** | **2019** |
| 23 | Словенија | / | 0,821 | 0,89 | 0,903 | 0,917 | 0,921 |
| 40 | Хрватска | / | 0,759 | 0,821 | 0,843 | 0,856 | 0,861 |
| 74 | Босна и Херцеговина | / | 0,667 | 0,725 | 0,761 | 0,776 | 0,783 |
| 63 | Србија | / | 0,690 | 0,767 | 0,794 | 0,808 | 0,811 |
| 49 | Црна Гора | / | / | 0,808 | 0,822 | 0,834 | 0,837 |
| 67 | Албанија | 0,647 | 0,677 | 0,754 | 0,795 | 0,806 | 0,81 |
| **78** | **Република Северна Македонија** | / | 0,675 | 0,738 | 0,762 | 0,779 | 0,784 |
| 33 | Грција | 0,759 | 0,810 | 0,869 | 0,880 | 0,886 | 0,889 |
| 68 | Бугарија | 0,684 | 0,725 | 0,790 | 0,809 | 0,809 | 0,81 |
| 53 | Романија | 0,703 | 0,715 | 0,807 | 0,813 | 0,827 | 0,832 |

*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Во вториот дел од Табелата е прикажан индексот за човековиот развој за земјите од поранешна СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров. Се одлучивме споредбата на индексите (индексот на човеков развој, прилагодениот индекс на човеков развој според нееднаквоста, според пол и индексот на родова нееднаквост) да ги опфаќа овие земји, пред сѐ поради заедничкото историско минато на Република Северна Македонија и земјите од поранешна СФРЈ кои имале исто општествено уредување, како и и според непосредното окружување на земјите од Балканскиот Полуостров. Генерален заклучок е дека овие економии имаат, исто така, висок индекс на човеков развој. Притоа, Словенија е земја со највисок

индекс, веднаш по неа е Грција, исто така, со изразен пораст на индексот кога од 0,759 во 1990 изнесува 0,889 во 2019 година. Бугарија покажува индекс на човеков развој од 0,684 во 1990 година, а 0,800 во 2019 година (Табела број 15).

**Б) Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста**

Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста (IHDI) го прилагодува човековиот развој на нееднаквоста во распределбата на секоја компонента која ја содржи индикаторот. Всушност, IHDI ги прикажува загубите во однос на постигнатото ниво на човеков развој, како резултат на присутната нееднаквост пред сѐ во поглед на можностите за остварување на добро здравје, квалитетно образование и реализирани приходи по глава на жител.

Во Табела број 16 се прикажани HDI и IHDI за периодот 2010-2019 година. Така индексот на човеков развој прилагоден на нееднаквоста во 2011 година изнесува 0,622 во споредба со индексот на човеков развој од 0,741 во истата година. Најголемо подобрување на IHDI се забележува во 2018 и 2019 година кога всушност е пресметана најмала разлика на HDI и IHDI (0,085). Во 2019 година HDI изнесува 0,784 а IHDI изнесува 0,699.

*Табела број 16: Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста, 2010-2019 година*

| Година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индекс на човеков развој (HDI) | 0,738 | 0,741 | 0,743 | 0,750 | 0,755 | 0,762 | 0,767 | 0,773 | 0,779 | 0,784 |
| Индекс на човеков развој прилагоден на нееднаквоста (IHDI) | / | 0,622 | 0,622 | 0,628 | 0,632 | 0,639 | 0,640 | / | 0,694 | 0,699 |

*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Во споредба со IHDI од земјите од поранешна СФРЈ (Табела број 17), имајќи ги предвид расположливите податоци (2010, 2015, 2018 и 2019 година), единствено Босна и Херцеговина има понизок индекс од Република Северна Македонија.

*Табела број 17: Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста за селектирани земји*

| **ХДИ ранг** | **Земји од поранешната СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров** | **2010** | **2015** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Словенија | 0,841 | 0,854 | 0,877 | 0,880 |
| 40 | Хрватска | / | 0,767 | 0,790 | 0,795 |
| 74 | Босна и Херцеговина | / | 0,643 | 0,673 | 0,679 |
| 63 | Србија | / | 0,693 | 0,709 | 0,712 |
| 49 | Црна Гора | / | 0,754 | 0,756 | 0,757 |
| 67 | Албанија | 0,657 | 0,714 | 0,720 | 0,724 |
| **78** | **Република Северна Македонија** | / | **0,675** | **0,694** | **0,699** |
| 33 | Грција | 0,772 | 0,767 | 0,789 | 0,793 |
| 68 | Бугарија | 0,684 | 0,725 | 0,790 | 0,809 |
| 53 | Романија | 0,703 | 0,715 | 0,807 | 0,813 |

*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Словенија има највисоки вредности на индексот на човеков развој прилагоден на нееднаквоста, при што во 2010 изнесува 0,841, а 0,880 во 2019 година. Хрватска, исто така, има висок индекс на човеков развој прилагоден на нееднаквоста. Најголем прогрес се забележува кај Бугарија, каде од 0,684 во 2010 година, индексот во 2019 година изнесува 0,809.

### В) Индексот на човековиот развој според полот – Gender Development Index (GDI)

Индексот на човековиот развој според полот е показател на нееднаквоста во поглед на полот и во постигнувањето на трите основни димензии на човековиот развој. Всушност индексот е соодност помеѓу HDI индексот за мажи и жени.

Во Табела број 18 се прикажани индексите на човековиот развој според полот во земјите за кои е направена компарацијата и со HDI индексот. Република Северна Македонија според пресметките на HDI за жени во 2019 година изнесува 0,760 и за мажи 0,804, од што произлегува вредност на GDI од 0,945 во 2019 година.[32] Според

[32] https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)

овие податоци економијата се наоѓа во третата група, група на земји со средно ниво на човеков развој според пол.[33]

*Табела број 18: Индексот на човековиот развој според полот за селектирани земји во периодот 2010-2019*

| | **Земји од поранешната СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Словенија | 1,005 | 1,009 | 0,995 | 0,989 | 0,999 | 1,003 | 1,002 | 0,994 | 1,002 | 1,001 |
| 40 | Хрватска | 0,987 | 0,984 | 0,979 | 0,981 | 0,990 | 0,984 | 0,986 | 0,985 | 0,995 | 0,989 |
| 74 | Босна и Херцеговина | 0,938 | 0,933 | 0,921 | 0,917 | 0,917 | 0,920 | 0,921 | 0,922 | 0,922 | 0,933 |
| 63 | Србија | 0,968 | 0,958 | 0,959 | 0,964 | 0,971 | 0,973 | 0,976 | 0,976 | 0,977 | 0,981 |
| 49 | Црна Гора | 0,962 | 0,965 | 0,958 | 0,966 | 0,977 | 0,968 | 0,967 | 0,972 | 0,968 | 0,977 |
| 67 | Албанија | 0,960 | 0,964 | 0,974 | 0,968 | 0,968 | 0,984 | 0,988 | 0,991 | 0,997 | 1,002 |
| **78** | **Република Северна Македонија** | **0,931** | **0,933** | **0,933** | **0,938** | **0,945** | **0,939** | **0,938** | **0,938** | **0,941** | **0,945** |
| 33 | Грција | 0,965 | 0,970 | 0,969 | 0,968 | 0,968 | 0,973 | 0,970 | 0,970 | 0,969 | 0,967 |
| 68 | Бугарија | 0,992 | 0,992 | 0,991 | 0,993 | 0,992 | 0,992 | 0,994 | 0,993 | 0,992 | 0,994 |
| 53 | Романија | 0,986 | 0,984 | 0,982 | 0,984 | 0,987 | 0,975 | 0,985 | 0,982 | 0,995 | 0,995 |

*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Презентираните податоци во Табела број 18 покажуваат дека во периодот 2010 до 2019 година, Република Северна Македонија е на претпоследно место. Единствено, податоците за Босна и Херцеговина покажуваат пониски вредности за овој индекс.

Графикон број 19 ги покажува трендовите на HDI и GDI во Република Северна Македонија за периодот 2010-2019 година.

[33] Според пресметката 100*(GDI-1) се определуваат неколку групи на земји според нивото на постигнат човеков развој според полот. Така, според добиените индекси на GDI земјите се класифицираат во 5 групи: висок степен на еднаквост на човеков развој помеѓу половите, средно високо ниво, средно ниво, средно ниско и ниско ниво на човеков развој помеѓу половите. Економиите кои имаат вредност на GDI < 2,5 се економии со висок степен на еднаквост во остварувањето на човековиот развој помеѓу половите. Вредностите на индексот од 2,5 до 5 проценти се економии со средно висока еднаквост, додека економиите со вредност на индексот од 5 до 7,5 проценти се земји со средна еднаквост.

*Графикон број 19: Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој според полот, 2010-2019 година*




*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Комбинираниот приказ на податоците за индексот на човеков развој (левата скала од графиконот) и индексот на човеков развој според полот (десната скала од графиконот) визуелно ги прикажува трендовите на раст на овие индекси. Притоа, како што констатиравме и претходно, индексот на човековиот развој покажува зголемување во секоја година. Индексот на човеков развој според пол најголема вредност покажува во 2014 година кога изнесува 0,945. Во 2015 до 2017 година индексот бележи намалување. Индексот се зголемува повторно во следните 2018 и 2019 година, кога во 2019 година повторно ја достигнува вредноста од 2014 година (0,945).

### Г) Индексот на родовата нееднаквост

Индексот на родовата нееднаквост (Gender Inequality Index-GII) е индекс за мерење на родовиот диспаритет, за мерење на загубата на постигнувањата во една земја поради родова нееднаквост. Индексот на родова нееднаквост ги мери родовите нееднаквости (загубата во човековиот развој поради: нееднаквоста меѓу женските и машките достигнувања) во три клучни димензии – репродуктивно здравје, застапеноста на жените во политиката и пазарот на трудот. Репродуктивното здравје се изразува преку коефициентот на смртноста на мајките и стапките на наталитет кај адолесцентите. Политичката моќ и застапеноста на жените во политиката се изразува преку учеството на жените во парламентот изразено со бројот на жени пратенички и учеството на жените и мажите во вкупното население со најмалку средно образование. Третата компонента од индексот на родова еднаквост се однесува на пазарот на трудот и истата се изразува со стапките на учество на жените и мажите во работната сила.

Вредноста на GII во 2019 година во Република Северна Македонија е 0,134. На Графикон број 20 е прикажан трендот на движење на индексот на родова нееднаквост во Македонија.

*Графикон број 20: Индексот на родовата нееднаквост, 2010-2019 година*




*Извор: Податоци од Обединети нации, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022 година)*

Како интересен индикатор го издвојуваме фактот дека во периодот од 2010 до 2019 година, најголем јаз во поглед на компонентата број на пратенички места во однос жени и мажи е забележан во 2011 година (38,2 %), додека во 2019 година е присутна најмала разлика во однос на овој параметар (21,7 %). Во однос на застапеноста на пазарот на работна сила според полот, процентуалната застапеност на жените на пазарот на работна сила се движи околу 43 % (најниско е во 2016 година и изнесува 42,3 %, а највисоко учество е пресметано во 2019 и е 44,9 %). Најголем јаз во половата застапеност на пазарот на работна сила е пресметан во 2016 година и истиот изнесува 25,3 %, додека најмала разлика е забележана во 2013 година од 22,8 %.[34]

Презентираните податоци за индикаторите на човеков развој покажуваат дека Република Северна Македонија припаѓа на категоријата земји со остварени високи рангирања на постигнувањата во поглед на човековиот развој. Тоа значи дека, здравјето изразено преку очекуваното траење на животот, образованието, искажано како очекувани години на образование и процена на приходот како показател на животниот стандард на населението во Република Северна Македонија покажуваат релативно високи вредности и ја рангираат земјата во групата на земји со високо средно ниво на човеков развој.

[34] Пресметки од УН, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)

# II. ПРОМЕНИТЕ ВО МАКРОЕКОНОМИЈАТА КАКО РЕЗУЛТАТ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

За утврдување на економските промени како последица на пандемијата, во овој дел од истражувањето е направена анализа на годишните податоци за периодот 2019 – 2021 година, со цел да се види какви промени се случиле на годишно ниво со започнувањето на пандемијата. Со оглед на специфичноста на состојбата и периодот за кој се однесува оваа анализа фокусот е ставен на кварталните промени за периодот 2020 и 2021 година кои претставуваат први години на пандемијата. Притоа, анализирани се стапката на економски раст, учествата на секторите во БДП, бруто-инвестициите, приватната и јавната потрошувачка, извозот и увозот на стоки и услуги, нивото на цените, промените во економската активност на населението преку одделните индикатори за вработеноста и невработеноста, како и продуктивноста и квалитетот на живот.

## 1. Пандемијата во Република Северна Македонија и макроекономските предизвици

Вирусот Ковид-19 за кратко време се прошири во целиот свет и предизвика пандемија. Во прво време опасноста за здравјето на населението и изнаоѓањето начини за негова заштита беше примарна цел. Токму затоа, во недостиг на други начини на заштита од вирусот, речиси, сите влади прогласија кризна состојба и лимитиран проток на стоки и патници низ границите, како и делумен или целосен lock down, а се соочија и со бројни економски предизвици.

Ваквата состојба, предизвика шок и во функционирањето на македонската економија. Пред сѐ беше нарушена агрегатната понуда, која следствено предизвика пореметување на агрегатната побарувачка. Од една страна, државата мораше да се бори со вирусот, кој непредвидливо го загрозуваше здравјето на населението, воедно да се изнајдат начини како да се ограничи ширењето на вирусот и да се заштити населението, како и да се изнајдат начини како да се надмине здравствената криза. Како резултат на пандемијата во Република Северна Македонија беа воведени низа ограничувања и забрани, како што се:

- ограничено движење на стоки, како и редуцирано патување на територијата на Република Северна Македонија за време на почетокот на пандемијата;
- привремено затворање на работата на училиштата и воведување на настава од далечина (учење од дома);
- забрана за работа на угостителски објекти и туристички патувања, што предизвика комплетна блокада на работењето на туристичкиот сектор во Република Северна Македонија;
- забрана за работа на затворените шопинг центри, за да се спречи ширењето на вирусот при собирање на лица во затворен простор;
- забрана за одржување на јавни настани од областа на културата (концерти, театарски претставиi, кинопроекции) и спортот (спортски натпревари, рекреативно спортување во затворен простор, олимписки базени, теретани и сл.);
- се воведе работа од дома или работа со ротирање во административниот сектор, а беше дадена препорака и за приватниот сектор и друго.

Ваквите одлуки и промени предизвикаа нарушување на слободното движење на стоки и услуги во економијата и доведоа до шокови, како на страната на понудата, така и на страната на побарувачката во земјата. Резултатот беше намалена економска активност, пад на БДП, промени во пазарот на работната сила, пад на надворешнотрговската размена итн. Во поглед на првичните шокови кои го нарушија циркуларното движење во економијата, ќе ги наведеме следниве:

1. намалување (пад) на приватната потрошувачка, како и промени во однесувањето на потрошувачите;
2. намалување на буџетските приходи по основ на индиректните даноци, како резултат на намалената продажба на претпријатијата;
3. намалување на буџетските приходи по основ на директните даноци;
4. намалување на работните часови, намалување на платите, отпуштања од работа или принудни одмори;
5. помала наплата на персонален данок и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување;

6. несолвентност и банкротирања на претпријатијата;
7. прекини во синџирите на снабдување и пораст на заостанати долгови помеѓу претпријатијата;
8. доцнења и потешкотии во извршувањето на кредитните обврски од страна на домаќинствата и поединците;
9. промени во однесувањето на домаќинствата и поединците од аспект на потрошувачката и штедењето на доходот, зголемено штедење и ограничена потрошувачка на неопходни добра како резултат на претпазливост и страв од неизвесноста на развојот на пандемијата;
10. доцнење во отплатата на заемите од страна на претпријатијата, што предизвика нарушување на портфолијата на банките (во поглед на наплатата на кредитите);
11. прекини во меѓународните синџири на снабдување на страната на извозот (откажани или намалени нарачки, потешкотии при наплата на приходите од извоз);
12. прекини во меѓународните синџири на снабдување на страната на увозот (откажан или намален увоз);
13. зголемен прилив на нето-дознаки од странство[35] преку официјални канали, а намалување на оние од неформалните канали.

Макроекономските ефекти од пандемијата, кои се појавија и сè уште се присутни, како и изнаоѓањето на начини и мерки за нивно надминување, се тековни предизвици за Република Северна Македонија. Најголем предизвик е детерминирањето на соодветни политики со кои најбезболно ќе се надминат последиците предизвикани од здравствената криза која започна во 2020 година.

## 2. Економскиот раст во услови на пандемија

Пандемијата предизвика намалување на економската активност што, исто така, веднаш се рефлектираше на намалување на БДП и економскиот раст (Графикон број 21).

[35] Janeska V., Lozanoska A., Predojević-Despić J., Lukić V., Emigration and remittances during Covid-19: evidence from North Macedonia and Serbia, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 24 No. 5 / 2022, p. 22

*Графикон број 21: Стапката на економскиот раст, 2019-2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Стапката на економски раст во 2019 изнесува 3,9 %. Намалената економска активност предизвикана од пандемијата резултираше со негативна стапка на економски раст. Така, во 2020 година стапката на економски раст изнесува -6,1 %. Веќе во 2021 година се почувствуваа некои определени позитивни промени, пред се поради укинувањето на некои мерки за спречување на ширење на вирусот, како и поради владините мерки за олеснување на економските последици од пандемијата кои беа наменети за корпоративниот сектор и за граѓаните. Во 2021 година стапката на економски раст е позитивна и е 4 %. Предвидувањата за 2022 година е дека истата ќе се намали на 3,2 %.[36]

Анализата на БДП според производствениот метод, поточно според учеството на секторите, покажа неколку сектори кои се доминантни. Од претходната анализа каде што констатиравме дека трговијата на големо и мало, заедно со транспортот и угостителството, потоа индустријата, земјоделството и градежништвото имаат најголемо учество во БДП, истите, за

[36] Макроекономски податоци, Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d0 %b8 %d0 %bd %d0 %b4 %d0 %b8 %d0 %ba %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %be %d1 %80 %d0 %b8- %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %be %d0 %b5 %d0 %ba %d1 %86 %d0 %b8 %d0 %b8/ (пристапено на 20.9.2022 година)

периодот од 2019 до 2021 година се прикажани во Графикон број 22. Исто така, прикажано е и учеството на информациите и комуникациите и уметноста, забава, рекреација и други услужни дејности како сектори на кои Ковид-19 кризата има значително влијание.

Во 2020 година сите овие сектори имаат негативно учество. Најпогоден е секторот уметност, забава, рекреација и други услужни дејности и има -22,6 % учество во БДП. Индустријата (-10,4 %) и трговијата на големо и мало, транспорт и угостителство (-10,6 %) во 2020 година, како прва пандемиска година, исто така, покажуваат големи промени. Земјоделството (-3,2 %) и градежништвото (-4,0 %) исто така покажуваат негативни вредности.

Веќе во 2021 година се забележува подобрување. Учеството на индустријата иако е негативно, е зголемено и изнесува -1,3 %. Кај секторот трговија на големо и мало, заедно со транспортот и угостителството, најмногу се забележува промената и учеството во 2021 година е позитивно и е 14 %. Кај земјоделството и градежништвото учествата во 2021 година се негативни, но со тренд на намалување. Учеството на земјоделството -1,2 % во 2021 година, а на градежништвото е -3,8 % (Графикон број 22).

Секторот информации и комуникации во периодот 2019-2021 година има позитивни учества. Притоа, следните години покажува тренд на намалување. Во 2020 година изнесува 4,5 % и е помалку од 6,8 % во 2019 година. Учеството на секторот информации и комуникации во 2021 година покажува повторно намалување и изнесува 3,2 %.

*Графикон број 22: Учеството на определени сектори во БДП според производствениот метод, 2019-2021 година*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https:// finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/*
*(пристапено на 11.2.2022 година); Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Соопштение 02.03.2022 Година/Year LX Број/No: 3.1.22.03, (пристапено на 3.3.2022 година)*

Во однос на структурата на БДП, расходниот метод покажува дека носител на агрегатната побарувачка во пандемискиот период е јавната потрошувачка. Јавната потрошувачка во 2020 година покажува позитивна промена и од -0,8 % во 2019 година изнесува 6,4 % од БДП. Учеството на јавната потрошувачка е позитивно и во 2021 година кога изнесува 4 %. Позитивен стимул на агрегатната побарувачка, а со тоа и на економскиот раст е и позитивната промена на приватната потрошувачка. Приватната потрошувачка по драстичниот пад во 2020 година на -4,5 % од 3,5 % во 2019 година, во 2021 година повторно е позитивна и изнесува 5 % (Графикон број 23).

*Графикон број 23: Приватната и јавната потрошувачка, 2019-2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Промените во економијата во пандемиските години се одразуваат и во поглед на извозот и увозот во Република Северна Македонија. Во 2020 година извозот и увозот бележат негативни вредности и тоа -10,9 %, во споредба со 2019 година кога извозот е 7,2 %, а увозот 8,9 % од БДП. Ваквата состојба беше за очекување, затоа што се затворија границите и имаше ограничен влез и излез само за определени категории на добра и услуги. Во 2021 година оваа состојба е променета и извозот и увозот евидентираат позитивни вредности. Извозот е 12,3 %, а увозот 13,9 % (Графикон број 24).

*Графикон број 24: Извозот и увозот, 2019-2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Кај бруто-инвестициите, исто така, е евидентно влијанието од пандемијата. Во 2019 година бруто-инвестициите се 9,5 % од БДП, додека во 2020 имаат негативни -16,1 %. Веќе во 2021 година се враќаат на нивото од 2019 година и изнесуваат 9,2 % (Графикон број 25).

*Графикон број 25: Бруто-инвестициите, 2019-2021*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Промените во економската активност изразени преку БДП и неговите компоненти, произлезени од пандемијата највоочливи се на квартално ниво. Во првиот квартал од 2020 година, стапката на економски раст во Република Северна Македонија изнесува -1,3 %. Првиот квартал всушност го изразува првичниот шок што пандемијата го предизвика врз економската активност. Со оглед на фактот дека, состојбата со здравствената криза и формирањето на кризен штаб, како и првичните мерки и протоколи за да се намали ширењето на вирусот, официјално беа донесени на 25.02.2020 година,[37] промените во економската активност се забележуваат веќе во првиот квартал од 2020 година. Податоците за економскиот раст и последиците од појавата и ширењето на вирусот, како и преземените мерки од страна на Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширењето на вирусот, покажуваат голем пад на економската активност и негативна стапка на економски раст во вториот квартал од 2020 година (-16,4 %). Третиот квартал од годината веќе бележи одредени позитивни поместувања и стапката на економски раст е -5,9 %, додека во четвртиот квартал истата изнесува -0,8 % (Графикон број 26).

*Графикон број 26: Стапката на економскиот раст, 2020-2021 година, (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/*

*(пристапено на 10.11.2022 година)*

[37] Влада на Република Северна Македонија, Мерки на спречување на ширењето на Ковид-19 ( https://vlada.mk/covid19 пристапено на 15.2.2022)

Првиот квартал од 2021 година покажува, исто така, негативна стапка на економски раст од -1,8 %. Особено охрабрувачки за економијата делуваат податоците од вториот квартал од 2021 година, каде стапката на економски раст изнесува 13,4 %. Позитивните промени се евидентни и во третиот и четвртиот квартал од истата година, со што се потврдуваат и оптимистичките сценарија за заживување на економската активност (Графикон број 26).

Состојбата со економскиот раст во 2020 година, пред сè е резултат на намалувањето на приватната потрошувачка, кое во К2 во споредба со К1 од 2020 година изнесуваше 12,8 процентни поени. Одлуката на Владата, платите во јавниот сектор да останат непроменети, односно да не се намалат,[38] со цел да се стимулира што е можно поголема агрегатна побарувачка, а тоа овозможи да се одржува приватната потрошувачка на постоечкото ниво. Но, одржувањето на приватната потрошувачка на исто ниво или можноста за да се зголеми потрошувачката на домаќинствата и поединците во економијата е голем предизвик, земајќи ги предвид условите во економијата.

[38] Исклучок се следните уредби каде се ограничи висината на платите и не се дозволи исплата на додатоци и надоместоци: Уредба на Владата на Република Северна Македонија за ограничување на исплатата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 4/20 од 7.4.2020 година. Со Уредба на Владата на Република Северна Македонија, определена беше висината на платите на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредната состоја, за месеците април и мај 2020 година, им се исплатува плата во висина на минималната плата утврдена во месец декември 2019 година во РСМ, во износ од 14.500 денари, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 97/20 од 9.4.2020 година

*Графикон број 27: Приватната и јавната потрошувачка, 2020-2021 година, (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/*
*(пристапено на 10.11.2022 година)*

Во текот на целата 2020 година приватната (лична) потрошувачка бележи намалувања споредено со истиот период од минатата година, при што во третиот квартал од 2020 година изнесува -4,6 %, а веќе во четвртиот квартал таа е -3,8 % (Графикон број 27). Ваквите податоци јасно укажуваат дека БДП во 2020 година, произлегува од учеството на јавната потрошувачка во креирањето на агрегатната потрошувачка. Учеството на јавната потрошувачка во 2020 година се движи од 7,1 % во К1, 6,2 % во К2, 9,7 % во К3 и 3,1 % во К4. Јавната потрошувачка изразена преку зголемени трошоци за здравствени услуги, набавка на материјали потребни за справување со здравствената криза (набавки на тестови и реагенси за лабораториите, средства за дезинфекции, лекови и санитетски материјали, пренамена на здравствени установи во центри за прифаќање, лекување и згрижување на пациенти итн.), како и активни економски мерки за претпријатијата и домаќинствата, ја одржуваа јавната потрошувачка. Најголем процент е евидентиран

во третиот квартал од 2020 година, каде учеството на јавната потрошувачка во стапката на раст на БДП изнесува 9,7 %.

Состојбата со приватната и јавната потрошувачка се менува во втората година од почетокот на пандемијата. Така, во 2021 година, во првиот квартал учеството на двата вида потрошувачка е негативно и изнесува -0,3 %. Во вториот и третиот квартал од 2021 година приватната потрошувачка се стабилизира и е движечка сила за стапката на економски раст (К2 е 12,4 % и К3 е 2,4 %). Приватната потрошувачка во четвртиот квартал од 2021 година изнесува 5,7 %. Паралелно со тоа, учеството на јавната потрошувачка, исто така, е позитивно и изнесува 5,2 % во вториот квартал, 4,9 % во третиот и 6,5 % во четвртиот квартал од 2021 година. Следствено на ова, вкупната финална потрошувачка покажува позитивна тренд линија (Графикон број 27).

Согласно презентираните податоци можеме да кажеме дека активната улога на државата во економијата, беше неминовна за да се амортизираат шоковите во економијата предизвикани од пандемијата. Во поглед на вкупната потрошувачка тоа се одразува на учествата на јавната потрошувачка, каде активен потрошувач е државата. Во однос на приватната потрошувачка, улогата на државата се согледува преку мерките и активностите со кои се стимулираше приватната потрошувачка. Прашање кое останува за дискусија е дали државата навремено и доволно интервенираше и колку беше успешна координацијата на мерките со кои требаше активно да се одговори на настанатите промени.

Состојбата во секторот на надворешнотрговската размена е прикажана на Графикон број 28. Поради претходно наведените рестриктивни мерки и забрани за движење, со цел спречување на ширењето на вирусот Ковид-19, состојбата со извозот и увозот на добра и услуги во текот на 2020 година е драстично намалена и со негативни вредности. Така, во вториот квартал учеството на извозот на добра и услуги во БДП е -31,5 %, а на увозот на добра и услуги е -29,8 %. Со тоа, во Република Северна Македонија речиси, 1/3 од намалената економска активност произлегува од падот на извозот и увозот во вториот квартал од 2020 година. Ваквата состојба не е за изненадување ако се земат предвид мерките за затворање на границите и протокот на движење на стоки и патници, како и фактот дека Македонија е отворена земја и извозно и увозно зависна економија. Со укинувањето на определени мерки и олабавувањето на протоколите за Ковид-19 во К2/2021 година извозот и увозот веднаш евидентираат позитивни промени и нивното учество во БДП изнесува 45,5 % на извозот и 46,6 % за увоз.

*Графикон број 28: Извозот и увозот на стоки и услуги, 2020-2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b3%d0%bb%d0%b5%d0%b4%d0%b4-2/ (пристапено на 10.11.2022 година)*

Сосема се очекувани податоците за учеството на бруто-инвестициите во БДП во анализираните 2020 и 2021 година. Во 2020 година бруто-инвестиции немаше, а драстичен пад од -40,5 % е евидентиран во вториот квартал од годината. Во првиот квартал од 2021 година бруто-инвестициите се -15,3 %, за во вториот квартал да можат да достигнат ниво од 40,7 %. Третиот квартал од 2021 година бележи пак намалување и учеството на бруто-инвестициите во стапката на економски раст е 0,4 %. Позитивната стапка од 21,2 % која е евидентирана во четвртиот квартал на 2021 година е позитивен сигнал за заживување на економијата (Графикон број 29).

*Графикон број 29: Бруто-инвестициите во 2020 и 2021 година, (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/ (пристапено на 10.11.2022 година)*

Индустриското производство во овие две години на пандемијата е намалено и со негативни вредности. Тоа на крајот на 2020 година изнесува -9,5 %. Исто така, податоците на квартално ниво за индустриското производство (Графикон број 30) и во текот на 2020 година имаат негативни вредности, но со позитивни поместувања во втората половина од 2020 година (К3 -7,6 % и К4 -2,2 %).

*Графикон број 30: Индустриското производство, 2020 и 2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https:// finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/ (пристапено на 10.11.2022 година)*

Негативните показатели за индустриското производство, како и неповолните движења во трговијата, транспортот и угостителството, ја отсликуваат состојбата со намалената економска активност во време на здравствената криза. Градежништвото и градежните активности, како и земјоделскиот сектор се поттикнувачки сектори на економијата, особено евидентни за економската активност во последниот квартал од 2020 година.

Знаци за економско закрепнување, кои ќе ја поттикнат економската активност се појавија со доаѓањето на пролетта. Преработувачката индустрија во К2/2021 година забележа раст и нејзиниот удел во БДП изнесува 34,1 %. Учеството на преработувачката индустрија во К3 и К4 од 2021 година покажуваат негативни вредности (-7,5 % и -5,2 %). Индексот на индустриското производство во К2/2021 година се зголеми на 24. Во К3/2021 индустриското производство забележува драстичен пад и изнесува -3,3 %, а во К4/2021 е -2,2 %[39](Графикон број 31).

[39] Статистички преглед, јули 2022, Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4/ (пристапено на 22.2.2022 година)

*Графикон број 31: Учеството на секторите во БДП, 2020 и 2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија, https://finance.gov.mk/ %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b0 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %81 %d1 %82 %d0 %b8 %d1 %87 %d0 %ba %d0 %b8- %d0 %bf %d1 %80 %d0 %b5 %d0 %b3 %d0 %bb %d0 %b5 %d0 %b4-2/*
*(пристапено на 10.11.2022 година)*

На Графикон број 31 прикажани се учествата на оние сектори кои имаат најголем придонес во создавањето на БДП, но и оние кои евидентирале најмногу промени во пандемијата. Трговијата, транспорт и складирање и угостителство покажуваат најголеми промени во 2020 година во вториот квартал -31,1 %. Почнувајќи од третиот квартал на 2020 година и во текот на 2021 година, овој сектор покажува позитивни промени и учествата се движат од 5,7 % во К3/2020 и 1,9 % во К4/2020. Најголемо учество овој сектор има во вториот квартал на 2021 година и изнесува 46,4 %. Секторот уметност, забава, рекреација и други услужни дејности бележи негативни -33,2 % во К3 во 2020 година. Учеството на

овој сектор во првата половина од 2021 година е нагативно, но се намалува (К1/2021 изнесува -17,2 %, К2/2021 е -7,9 %), а веќе во К3/2021 изнесува 2,6 % и во К4/2021 е 0,4 % (Графикон број 31).

Позитивните движења на закрепнување ги потврдуваат и податоците за К1/2021 кога е забележано позитивно учество во вкупната економска активност на градежништвото со 3,9 % и на земјоделскиот сектор со 0,4 %. Во следните квартали од 2021 година започнува тренд на намалување на учествата на овие сектори, при што во К4/2021 нивната вредност достигнува -9,9 % и -4,6 %, респективно (Графикон број 31).

Анализата на секторската структура на БДП, според кварталните податоци покажува дека, најпогодени сектори од пандемијата се трговијата, транспортот, угостителството, уметноста и другите услужни дејности. Потребно е преструктурирање на економијата, со зголемување на учеството на сектори кои креираат поголема додадена вредност и создаваат стабилна основа за економски раст и развој, како и поголема отпорност во иднина на шокови и нестабилности, како од внатрешни, така и од надворешни фактори.

### 3. *Влијанието на Ковид-19 кризата врз инфлацијата*

Анализата на годишните стапки на инфлација, за разлика од анализата на другите индикатори која се однесува на периодот до 2020 година, го опфаќа периодот до 2022 година. Секојдневните брзи промени и случувања во поглед на воениот конфликт во Украина и енергетската криза, најмногу се рефлектираат во промени на нивото на цени на производите и услугите. Затоа, оваа анализа ја прошируваме и со најновите достапни податоци и проекции за промените во стапката на инфлација во Република Северна Македонија. Невозможноста да се предвидат промените во однос на порастот на цените, создава нестабилност и голема несигурност во секојдневното функционирање.

Периодот од почетокот на пандемијата, особено се карактеризира со пораст на инфлацијата. Имено, стабилноста во поглед на одржувањето ниски стапки на инфлација која беше присутна во македонската економија по стабилизацијата од 1995 година, почнувајќи од 2020 година беше нарушена.

*Графикон број 32: Стапката на инфлацијата 2019-2022*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Министерство за финансии Република Северна Македонија, пристапено на 14.10.2022*
**податокот за 2022 година се проекции на Министерство за финансии*

Податоците за 2020 и 2021 година покажуваат зголемување на инфлацијата и тоа од 0,8 % во 2019 година на 1,2 % во 2020 и 3,2 % во 2021 година. Имајќи го предвид трендот на месечно и квартално ниво на пораст на индексот на цените, според проекциите на Министерството за финансии, стапката на инфлација во 2022 година ќе изнесува 13,5 %. Република Северна Македонија според тоа би имала двоцифрена стапка на инфлација со која не се соочила од 1995 година. (во 1995 година изнесувала 15,7 %) (Графикон број 32).

На Графикон број 33 се прикажани промените во стапката на инфлација пресметани на квартално ниво. Потврда за неизвесноста и зголемувањето на инфлацијата се податоците од првите два квартали од 2022 година. Во првиот квартал изнесува 7,7 %, а во вториот 12,3 %. Споредено со истите квартали во 2020 каде изнесува 0,6 % и 0,5 % и во 2021 кога е 2,0 % и 2,8 %, респективно, очигледно е дека стапката на инфлација во 2022 година повеќекратно се зголемила.

*Графикон број 33: Индексот на цените*
*2020-2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Министерство за финансии Република Северна Македонија, пристапено на 3.2.2022*

Првите зголемувања на стапката на инфлација се забележуваат во третиот и четвртиот квартал од 2020 година. Ова пред сè беше резултат на зголемените цени на храната и прехранбените производи. Исто така, зголемувањето на цената на електричната енергија од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија за (7,4 %) во август 2020 година, дополнително ја подгреа инфлацијата.

Стапката на инфлација во К1 од 2 % и К2 од 2,8 % во 2021 година, пред сè е резултат на порастот на цените на алкохолните пијалаци и цигарите во втората половина од 2020 година, како и зголемените цени на ресторантските и хотелските услуги, трошоците за домување, водоснабдувањето, електричната енергија, гасот и останатите горива. Во овој период се забележува и пораст на цените за храна, особено на овошјето и зеленчукот, како и на маслото за јадење и житните култури. Цените на здравствените производи и услуги, исто така, имаа голем удел и влијание за растот на стапката на инфлација во изминатиот период.

Трендот на пораст на нивото на цени продолжува и во втората половина од 2021 година. Така во К3 изнесува 3,5 % и во К4 е 4,6 %. Особено зголемување во последниот квартал од 2021 година се забележува на индексот на цени на производители на индустриски производи, односно на производствената страна и во К4 истиот изнесува 14,3 %. Ако се земе предвид дека овој тренд на раст продолжува и во првата половина на 2022 година (19,6 % во К3 и 21,7 % во К4), станува збор за инфлација предизвикана од недостатокот и нестабилноста на светските цени на клучните производи, суровини и материјали и гориво.

## 4. *Промени на пазарот на трудот во услови на Ковид-19 пандемијата*

Ковид-19 пандемијата која започна на почетокот на 2020 година, а која сè уште трае, донесе бројни предизвици за Република Северна Македонија, создавајќи неповолни промени во многу области, вклучително и на пазарот на трудот. Анализата на овие промени на пазарот на трудот е направена на годишно ниво за 2019, 2020 и 2021 година, а потоа и квартално ниво за првите две години од пандемијата, користејќи ги податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Податоците покажуваат дека во периодот 2019-2021 година, работоспособното население на возраст од 15-64 години забележало намалување за повеќе од 14.500 лица, активното за речиси 21.000 лица, додека неактивното население се зголемило за над 6.400 лица. Следствено на ваквите промени, дошло до промени и во различните стапки. Така, стапката на активност на населението од 66,3 % (2019) се намалила на 65,5 % (2021 година). Кај мажите ова намалување е од 77,3 % на 77,1 %, респективно, а кај жените од 54,8 % на 53,4 % (Табела број 19).

*Табела број 19: Стапките на активност, вработеност и невработеност, според полот, 2019-2021 година*

| | Стапки на активност, по пол | | | Стапки на вработеност, по пол | | | Стапки на невработеност, по пол | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно** | 66.3 | 65.5 | 65.5 | 54.7 | 54.7 | 55.1 | 17.4 | 16.6 | 15.8 |
| **Мажи** | 77.3 | 76.7 | 77.1 | 64.4 | 63.7 | 64.3 | 16.6 | 16.9 | 16.6 |
| **Жени** | 54.8 | 54.0 | 53.4 | 44.7 | 45.3 | 45.5 | 18.6 | 15.6 | 14.7 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, МакСтат база на податоци, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Што се однесува до стапката на вработеност, таа за вкупното население, во 2019 и 2020 година, била иста (54,7 %), а во 2021 година забележува извесно зголемување (55,1 %). Вредноста на овој индикатор за мажите во првата година од пандемијата се намалила од 64,4 % (2019) на 63,7 % (2020 година), а потоа се зголемила на 64,3 % (2021 година). Кај женското население, пак, стапката на вработеност имала тенденција на пораст и од 44,7 % во првата, се зголемила на 45,5 % во последната анализирана година. Промените во стапката на невработеност се нешто поизразени. Имено, таа од 17,4 % (2019) се намалила на 15,8 % (2021 година), кај мажите, останала на исто ниво 16,6 %, додека кај жените нејзиното намалување било за, речиси, четири процентни поени (од 18,6 % на 14,7 %, респективно).

Од анализата на стапките на вработеност и невработеност според возраста, може да се констатира дека кај определени возрасни групи дошло до позначителни промени. Така, стапката на вработеност се зголемила кај лицата на возраст од 25-34 години, кај оние од 40 до 54 години и кај старосната група 60-64 години (Табела број 20). Вредноста на овој индикатор бележи позначително намалување кај младото население (15-24 години). Тоа се движи од 4,7 % (2019) на 3,8 % (2021 година) кај младите од 15 до 19 години, и од 35,0 % на 30,6 %, респективно, кај лицата на возраст од 20 до 24 години. Со намалување од 2,2 процентни поени се издвојуваат и оние на возраст од 35 до 39 години.

*Табела број 20: Стапките на вработеност и невработеност, според возраста, 2019-2021 година*

| | Стапки на вработеност, по возраст | | | Стапки на невработеност, по возраст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно** | **47.3** | **47.2** | **47.2** | **17.3** | **16.4** | **15.7** |
| **15-19** | 4.7 | 4.7 | 3.8 | 37.5 | 46.7 | 48.4 |
| **20-24** | 35.0 | 33.4 | 30.6 | 35.3 | 33.9 | 34.6 |
| **25-29** | 56.7 | 55.7 | 58.6 | 27.0 | 25.5 | 22.3 |
| **30-34** | 66.9 | 68.2 | 67.1 | 18.5 | 16.9 | 16.8 |
| **35-39** | 74.1 | 71.5 | 71.9 | 13.0 | 13.2 | 13.6 |
| **40-44** | 71.3 | 72.9 | 73.4 | 13.2 | 11.4 | 11.5 |
| **45-49** | 66.7 | 66.9 | 69 | 13.4 | 13.2 | 11.7 |
| **50-54** | 64.4 | 63.3 | 65.8 | 13.7 | 13.1 | 11.7 |
| **55-59** | 56.1 | 55.6 | 54.5 | 13.3 | 12.5 | 13.6 |
| **60-64** | 33.2 | 35.1 | 34.7 | 9.1 | 11.4 | 10.8 |
| **65 +** | 3.9 | 4.3 | 3.7 | 0.3 | 0.0 | 0.9 |
| **15-24** | 20.7 | 19.8 | 17.9 | 35.6 | 35.7 | 36.4 |
| **55-64** | 45.1 | 45.7 | 44.9 | 11.8 | 12.1 | 12.6 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, МакСтат база на податоци, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Стапката на невработеност во овој временски интервал има тенденција на пораст кај неколку возрасни групи. Така, кај помладото население (15-19 години), во 2020 во однос на 2019 година таа се зголемила за повеќе од 10 процентни поени, а во 2021 во однос на 2020 година за уште 1,7 процентен поен. Кај лицата на возраст од 20 до 24 години, пак, вредноста на овој индикатор првично се намалила, но во 2021 година започнува да расте и достигнува до 34,6 %. Извесно зголемување е карактеристично и кај следниве старосни групи: 35-39, 40-44, 55-59 и 65 и повеќе години. Стапката на невработеност најмногу се намалила лицата кои припаѓаат на возрасната група 25-29 години, при што од 27 % (2019) дошла на 22,3 % (2021 година).

Еден од аспектите битни за анализа на влијанието на Ковид-19 пандемијата се промените во вработеноста и невработеноста според образовното ниво. Податоците на Графикон број 34 покажуваат дека стапката на вработеност кај лицата со ниско ниво на образование (ниво 0-2) континуирано се намалувала и од 38,4 % (2019) дошла на 35,2 % (2021 година). Кај лицата со средно ниво на образование (ниво 3-4) стапката првично забележала

намалување, но во 2021 се зголемила и достигнала вредност од 68,7 %. Стапката на вработеност, пак, на лицата со високо ниво на образование (ниво 5-6) има тренд на постојан пораст, при што од 78,8 % (2019), се зголемила на 79,2 % (2020) и потоа достигнала вредност од 80,4 % (2021 година).

*Графикон број 34: Стапките на вработеност и невработеност, според образованието, 2019-2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, МакСтат база на податоци, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef*

Кај стапката на невработеност според образованието, пак, забележително е дека за лицата со ниско ниво на образование таа првично се намалила и во 2020 година изнесувала 21,4 %, за во 2021 година да се зголеми на 22,8 %. Тенденција на континуирано намалување на стапката на невработеност се забележува и кај лицата со средно и кај лицата со високо ниво на образование. Притоа, таа кај првите од 16,6 % (2019) се намалила на 15,6 % (2021 година), а кај вторите од 14,3 % на 11,7 %, респективно.

Ваквите промени покажуваат дека Ковид-19 пандемијата доведе до определено намалување на вработеноста и до извесно зголемување на невработеноста, иако овие движења не беа толку изразени, колку што се очекуваше. Тоа, меѓудругото, се должи и на мерките кои ги презема владата за надминување на кризата и промените кои се случија на пазарот на работна сила.

Анализата на движењата на пазарот на работната сила на квартално ниво, која се однесува за 2020 и 2021 година, покажува дека во текот на 2020 година апсолутниот број на активни лица забележа драстичен пад и тоа за повеќе од 26 илјади лица, додека во 2021 година обемот на активно население е намален за скоро 6.500 лица. На квартално ниво во двете години, податоците покажуваат дека до најголемо намалување на активното население дошло во К1/2021 во однос на истиот квартал во 2020 година (за речиси 24 илјади лица), додека во К2 и К4 тоа е околу осум илјади и четири илјади лица, респективно. Во третиот квартал во 2021 година, пак, бројот на активни лица се зголемил за повеќе од четири илјади (Графикон број 35).

*Графикон број 35: Активно население за периодот 2020-2021 година, (квартални податоци)*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

Како резултат на ваквите промени, стапката на активност го следи трендот на движење на активното население и со најголемо намалување се карактеризира во првиот квартал, од 57,4 % (2020) на 56 % (2021 година). Во К3 таа се зголеми од 55,8 % (2020) на 56,2 % (2021), додека во К4 остана речиси иста (55,9 % и 55,7 %, респективно).

Во периодот 2020-2021 година, забележливи се и промените кај неактивното население. Притоа, кај младото неактивно население (15-24 години) пораст во 2021 во однос на 2020 година е

карактеристичен за К2, К3 и К4, кој изнесува речиси 11.000 лица. Од друга страна, пак, кај населението на возраст од 25 до 49 години, во истите квартали значително се намалил бројот на неактивни лица (за речиси 29.000 лица). Само во К1/2021 година во однос на истиот квартал од 2020, бројот на неактивно население од возрасната група 25-49 години се зголемил за повеќе од 15.000 лица.[40] Иако, трендот е кон намалување на неактивното население, сепак, сѐ уште постои значаен број на лица кои се на работоспособна возраст, а кои се неактивни. Тоа ја наметнува дискусијата дали овие лица свесно остануваат неактивни (иако тоа е помалку очекувано, со оглед на нивната возраст), дали се неформално вработени или имаат емигрирано во странство. Бројни показатели индицираат дека емиграцијата од земјата континуирано се зголемува, особено во 2021 година, како резултат на намалувањето на рестриктивните мерки за движење. Тоа допрва ќе се одрази на пазарот на трудот, преку уште понагласена нерамнотежа на понудата и побарувачката на работната сила, недостиг на достапна и соодветно квалификувана работна сила, како и во пораст на слободните работни места.

Податоците на ДЗС покажуваат дека вработеноста во 2020 година бележи значителен пад. Во споредба со 2019 таа е помала за повеќе од 2.700 лица или 0,3 %. Ова намалување е потврдено со кварталните податоци, при што истото се забележува во првите три квартали, додека во К4/2020 доаѓа до мал пораст од 0,5 %. Притоа, вкупниот број на вработени во 2020 година достигнува најниско ниво во К3 (785.561 лице) (Табела број 21).

*Табела број 21: Бројот на вработените и невработените, 2020-2021 година (квартални податоци)*

| | Вработени | | Невработени | |
|---|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** |
| **К1** | 811 106 | 793 121 | 156627 | 150 843 |
| **К2** | 793 416 | 795 271 | 159623 | 150 141 |
| **К3** | 785 561 | 796 681 | 155575 | 148 477 |
| **К4** | 789 552 | 795 276 | 151972 | 142 206 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

[40] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14

Податоците за 2021 година ги потврдуваат очекувањата за развојниот тренд на пазарот на трудот во земјата. Во 2021 година започнува тренд на пораст на бројот на вработени, кој достигнува најголема вредност во К3 (796.681 лице). Анализирано по квартали, бројот на вработени лица во К1/2021 во споредба со К1/2020 се намалил за скоро 18 илјади лица, додека во К2 дошло до пораст на вработеноста за 1.855 лица. Во втората половина на 2021 година, вработеноста продолжува да се зголемува и тоа во К3 за 11.120 лица, а во К4 за 5.724 лица во споредба со истите квартали од 2020 година.

Слична динамика е карактеристична и за стапката на вработеност на лицата на возраст од 15 до 64 години. Таа во 2020 година, од 48,1 % (К1) се намалила на 46,6 % (К3) и стигнала до вредност од 46,8 % (К4). Нејзиното зголемување кое започна во последниот квартал на 2020 година продолжи и во 2021, при што во сите квартали е околу 47 %, достигнувајќи 47,3 % во К4 (Графикон број 36). Споредбата помеѓу кварталите од двете набљудувани години покажува дека стапката на вработеност се намалила само во К1, од 48,1 % (2020) на 47,1 % (2021), додека во другите бележи зголемување.

*Графикон број 36: Стапката на вработеност, 2020-2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

Податоците од Анкетата за работна сила покажуваат дека во 2000 година, во споредба со 2019, дошло до намалување на бројот

на невработени и тоа од 166.363 на 155.949 лица, или за 6,3 %. Невработеноста во периодот 2020-2021 година се одликува со континуиран тренд на намалување кој започнува од К3/2020 година (Табела број 21). Така, бројот на невработени во К1/2021 се намалил за речиси 6.000 лица, споредено со истиот квартал во 2020 година. Ваквиот тренд продолжил и во следните квартали, но со поголем интензитет, односно за околу 9.500 лица (К2), 7.100 лица (К3) и 9.800 лица (К4), респективно.

Стапката на невработеност, пак, бележи осцилирачки, но, сепак, надолен тренд во сите квартали од 2021 во споредба со 2020 година. Намалувањето на овој индикатор е од 16,2 % на 16,0 % (К1), од 16,7 % на 15,9 % (К2), од 16,5 % на 15,7 % (К3) и од 16,1 % на 15,2 % (К4) (Графикон број 37).

*Графикон број 37: Стапката на невработеност, 2020-2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

Стапката на вработеност на младите (15-24) во првите три квартали на 2021 година беше помала во однос на истите квартали од 2020 година, додека во К4 остана речиси иста 18,6 % (2020) и 18,3 % (2021) (Табела број 22). Од друга страна, пак, стапката на невработеност забележала релативно поизразен пораст во К1 (за 2,2 процентни поени) и во К2 (за 4 процентни поени), речиси незначително зголемување во К3 (за 0,6 процентни поени) и намалување во К4 (за 4,3 процентни поени). Ваквите промени резултираа со намалување на стапката на активност

на младите. Во обратна насока се движат овие индикатори кај населението од возрасната група 25-49 години. Имено, промените се манифестираат во зголемување на стапките на активност и вработеност, а намалување на стапката на невработеност. Со поизразен интензитет на промена во К3/2021 во однос на К3/2020, се карактеризираат стапката на активност, која се зголемила од 78,4 % на 80,8 % и стапката на вработеност, која пораснала од 65,8 % на 68,4 %. Стапката на невработеност, пак, најголемо намалување бележи во К2 и тоа од 16,4 % на 14,9 %. Слични се и промените на овие индикатори и за населението старо 50-64 години, само што се позразени во четвртиот квартал на 2021 година во однос на 2020.[41]

*Табела број 22: Стапките на активност на населението по возрасни групи, 2020 и 2021 година (квартални податоци)*

| | Стапка на активност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020/I | 2021/I | 2020/II | 2021/II | 2020/III | 2021/III | 2020/IV | 2021/IV |
| 15-24 | 31,9 | 30,5 | 29,6 | 26,9 | 31,2 | 26,9 | 30,7 | 28,1 |
| 25-49 | 81,4 | 79,5 | 80,4 | 80,9 | 78,4 | 80,8 | 78,9 | 79,6 |
| 50-64 | 59,2 | 59,0 | 59,2 | 59,1 | 59,6 | 59,8 | 59,0 | 59,7 |
| 65 + | 4,8 | 4,0 | 4,5 | 4,1 | 3,9 | 3,3 | 4,2 | 3,4 |
| | Стапка на вработеност | | | | | | | |
| 15-24 | 20,8 | 19,2 | 19,6 | 16,7 | 20,3 | 17,3 | 18,6 | 18,3 |
| 25-49 | 68,8 | 67,6 | 67,2 | 68,9 | 65,8 | 68,4 | 66,7 | 67,6 |
| 50-64 | 51,7 | 51,3 | 51,3 | 51,3 | 52,1 | 52,7 | 52,2 | 53,4 |
| 65 + | 4,8 | 3,9 | 4,5 | 4,1 | 3,9 | 3,3 | 4,2 | 3,3 |
| | Стапка на невработеност | | | | | | | |
| 15-24 | 34,9 | 37,1 | 33,8 | 37,8 | 34,8 | 35,4 | 39,2 | 34,9 |
| 25-49 | 15,5 | 14,9 | 16,4 | 14,9 | 16,1 | 15,4 | 15,5 | 15,0 |
| 50-64 | 12,7 | 13,0 | 13,4 | 13,3 | 12,6 | 12,0 | 11,5 | 10,6 |
| 65 + | | | | | | | | |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

Податоците од Анкетата за работната сила во однос на образовната структура на активното население по квартали покажуваат дека драстично се намалува бројот на лица со ниско ниво на образование, како во 2020, така и во текот на 2021 година (Табела број 23). Интензитетот на намалувањето е поизразен во првиот квартал на двете опсервирани години, при што во К1/2021 во однос на К1/2020 тоа е за, речиси, 9 процентни поени, додека во четвртиот квартал за 5.4 процентни поени. И кај вработените се забележуваат слични промени, со тоа што во првиот квартал намалувањето е за скоро 12 процентни поени, а во четвртиот за 5. Единствена разлика во категоријата на лица со ниско ниво на

[41] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14

образование се јавува кај невработените. Имено, во К1/2021 во однос на К1/2020 година дошло до пораст на нивниот број за 8 процентни поени или за повеќе од 2.700 лица, додека во четвртиот квартал и тие бележат намалување.

*Табела број 23: Активно население според школската подготовка, 2020 и 2021 година (квартални податоци)*

| Школска подготовка | Активно население | | | | Вработени | | | | Невработени | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020/I | 2021/I | 2020/IV | 2021/IV | 2020/I | 2021/I | 2020/IV | 2021/IV | 2020/I | 2021/I | 2020/IV | 2021/IV |
| | **Вкупно** | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **967733** | **943964** | **941524** | **937482** | **811106** | **793121** | **789552** | **795276** | **156627** | **150843** | **151972** | **142206** |
| Ниско ниво на образование | 173458 | 158328 | 156910 | 148509 | 137995 | 121513 | 124413 | 118393 | 34089 | 36815 | 30221 | 29396 |
| Средно ниво на образование | 529142 | 524588 | 521951 | 540718 | 447989 | 443611 | 436370 | 455308 | 81153 | 80977 | 85582 | 85410 |
| Високо ниво на образование | 265134 | 261047 | 262663 | 248256 | 225122 | 227997 | 228769 | 221575 | 37962 | 32040 | 32971 | 25687 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Квартални податоци за 2020 и 2021 година, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14*

Во однос на оние со средно ниво на образование забележително е дека во првиот квартал во 2021 во споредба со истиот квартал од 2020 година, бројот на активни, вработени и невработени лица останал речиси ист. Нешто поизразено намалување се забележува само кај вработените (за повеќе од 4.000 лица). Во последниот квартал од 2021 година во однос на 2020, дошло до пораст на бројот на активни (за 3,6 процентни поени) и вработени лица (за 4,3 процентни поени), додека бројот на невработени останал, речиси, ист.

Работната сила, пак, со високо ниво на образование се карактеризира со пораст само на бројот на вработени и тоа во К1/2021 во однос на К1/2020 година. Во останатите квартали, нивниот број бележи намалување. Ваквото намалување е карактеристично и за активните лица и за невработените. Меѓутоа, промените што се случуваат кај невработените лица се драстично поизразени. Така, во првиот квартал од 2021 година во споредба со истиот квартал од 2020 дошло до намалување на нивниот број за 15.6 процентни поени или за речиси 6.000 лица, додека во К4, овој пад е за 22 процентни поени и нивниот број од 32.971 (К4/2021) се намалил на 25.687 лица (К4/2020 година).

Овие показатели укажуваат дека, во услови на пандемија, дојде до извесно зголемување на вработеноста и намалување на невработеноста, но, проследено со намалување на вкупната работна сила и сè уште релативно големо учество на неактивно работоспособно население. Очекувањата се дека во периодот кој следи проблемите на сè уште високата невработеност и релативно ниската вработеност ќе останат, при што ќе бидат следени со уште понагласена неусогласеност

на понудата и побарувачката на работна сила, како резултат на сè поголемиот недостиг на стручни работници. Ваквите промени треба да се посматраат во услови на континуирано стареење на работоспособното население и работната сила, како и глобалната економска криза која има големо влијание и врз македонската економија.

## 5. Продуктивноста во периодот на здравствената криза

Анализата на одделните макроекономски индикатори дава сублимиран приказ на економската состојба во Република Северна Македонија. Општ заклучок е дека пандемијата и тековната состојба со војната во Украина и енергетската криза која е присутна, имаат големо влијание врз економската активност, со намалување на стапката на економски раст, промени на пазарот на трудот, изразени зголемувања на нивото на цени кои истовремено се одразуваат на квалитетот на живот на граѓаните. Главна цел е како економијата да се избори и да ја надмине ваквата состојба и како да се поттикне економски раст со кој би се остварило повисоко ниво на економски развој во Република Северна Македонија. Продуктивноста е еден од начините како да се постигне сето ова. Имајќи предвид дека, во Република Северна Македонија во периодот од осамостојувањето до денес, постои позитивен тренд на економски раст, истиот не е одржлив и не е доволен за остварување на повисоко ниво на економски развој. Истовремено, продуктивноста е на ниско ниво.

*Графикон број 38: Продуктивноста на трудот, 2019 - 2021 година*




*Извор: Народна Банка на Република Северна Македонија, https://www.nbrm.mk/bilteni.nspx*

Податоците за продуктивноста на трудот во 2019-2021 година го покажуваат влијанието на пандемијата. Така, во 2020 година продуктивноста на трудот е негативна и изнесува -4,6. Во 2021 година после подолго време од негативни вредности[42] е 2,8 (Графикон број 38).

Квартални податоци за продуктивноста на трудот во Северна Македонија се прикажани на Графикон број 39. Највисоки негативни вредности се евидентни во 2020 година, во вториот квартал од годината, кога продуктивноста на трудот изнесува -14. Во вториот квартал од 2021 година индикаторот за продуктивност на трудот покажува највисока вредност и е 10,8.

*Графикон број 39: Продуктивноста на трудот, 2020-2021 година (квартални податоци)*




*Извор: Народна Банка на Република Северна Македонија, https://www.nbrm.mk/bilteni.nspx*

Пандемијата наметна и многу бројни предизвици за продуктивноста на трудот. Намалени инвестиции и ограничена трговија, нарушени синџири на снабдување, оптоварување на јавниот и приватниот долг, ерозија на човечкиот капитал, се проблеми кои се ефектуираа на продуктивноста. Од друга страна погледнато, пандемијата наметна осознавање и барање на нови решенија за функционирање, кои предизвикаа трајни организациски и технолошки промени за бизнисот и

[42] Продуктивноста на трудот е негативна во периодот од 2016 до 2020 година

образованието, диверзификација на глобалните синџири на вредности и менување на општествените норми. Ваквите промени се одразуваат и во податоците за продуктивноста на трудот во Република Северна Македонија.

## 6. Квалитетот на живот во Република Северна Македонија во периодот на пандемијата

Индикаторите за квалитетот на животот за Република Северна Македонија во претпандемискиот период покажуваат релативно високи вредности и ја рангираат земјата во групата на земји со високо средно ниво на човеков развој. За време на пандемиските години, 2020 и 2021, се забележува намалување на вредностите на индикаторите (индексот на човеков развој, индексот на човеков развој прилагоден на нееднаквоста, индексот на човеков развој според полот и индексот на родовата нееднаквост).

Промените од пандемијата се рефлектираа на компоненетите на индексот на човеков развој (HDI). Пред сѐ, во 2021 година вредноста на очекуваното траење на животот изнесува 73,8 години, очекуваното време на образование 13,6 години и GNI per capita 15.918 $ (според PPP од 2017 година). Според тоа износот на индексот на човеков развој во Република Северна Македонија за 2021 година изнесува 0,77 и покажува намалување.

Имајќи ги предвид компонентите за пресметка на индексот, ваквата состојба е сосема очекувана, затоа што, пред сѐ, пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 имаше разорно дејство врз здравјето на луѓето. Влошената здравствена состојба на голем дел од луѓето, особено на старите лица и хронично болните, ненавремената достапност на вакцините, голем број на смртни случаи како резултат на Ковид-19, како и голем број на хронични болести кои поради системската насоченост на здравствениот сектор кон ковид-пациенти, беа занемарени и несоодветно следени и третирани, реално, а и во пресметките на индексите за очекувано траење на животот го намалија очекуваното траење на животот во Република Северна Македонија. Имено, очекуваното траење на живот во 2019 година изнесувало 77,3 години, во 2020 се намалува на 75,2 години, а веќе во 2021 година 73,8 години старост. Со ова се поништува прогресот и напредокот што е постигнат во изминативе 17 години во поглед на очекуваното траење на живот на луѓето и индексот има иста вредност како и во 2004 година.

Очекуваното траење на животот на жените е поголемо во однос на мажите и тој однос останува и во овие пандемиски години, при што од 79,5 години во 2019 година се намалило на 77,5 години во 2020 и 76,2 години во 2021 година. За мажите очекуваното траење на живот пресметано со индексот на човеков развој, изнесува 70,6 во 2019 година, 72,9 во 2020 година и 71,7 во 2021 година.[43]

*Табела број 24: Индексот на човековиот развој за селектирани земји, 2019-2021 година*

| | **Земји од поранешната СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Словенија | 0,921 | 0,913 | 0,918 |
| 40 | Хрватска | 0,861 | 0,855 | 0,858 |
| 74 | Босна и Херцеговина | 0,783 | 0,781 | 0,780 |
| 63 | Србија | 0,811 | 0,804 | 0,802 |
| 49 | Црна Гора | 0,837 | 0,826 | 0,832 |
| 67 | Албанија | 0,810 | 0,794 | 0,796 |
| **78** | **Република Северна Македонија** | 0,784 | 0,774 | 0,770 |
| 33 | Грција | 0,889 | 0,886 | 0,887 |
| 68 | Бугарија | 0,810 | 0,802 | 0,795 |
| 53 | Романија | 0,832 | 0,824 | 0,821 |

*Извор: UNDP, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)*

Република Северна Македонија се наоѓа на 78 место на листата од 191 земја и припаѓа на категоријата земји во висок човеков развој. Во периодот 2019 - 2021 година индексот се намалува и во 2020 изнесува 0,774, а во 2021 година 0,770. Намалувања на индексот во 2020 година има кај сите земји кои се презентирани во Табела број 24. Кај повеќето од нив индексот во 2021 година се зголемува. Во Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија и Романија индексот на човеков развој и во 2021 година се намалува.

Индексот на човеков развој прилагоден на нееднаквоста (IHDI) во Република Северна Македонија е особено интересен за разгледување, затоа што пандемијата предизвика најмногу

[43] Извештај за човеков развој 2022, податоци од УН, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 14.10.2022)

раслојување и нееднаквост во поглед на овие аспекти. Најпрвин проблемите со нееднаквата достапност и можности за добивање на соодветно медицинско лекување се појавија во поглед на здравствените услуги. Прво, недостапноста на здравствените услуги за секој граѓанин, каде во прв ред поради оптеретеноста на јавниот здравствен сектор (клиники за инфективни болести), голем дел од граѓаните беа принудени да бараат здравствена помош и лекување во приватните клиники, а потоа и недостапноста до вакцините, негативно се одразија на квалитетот на живот. Исто така, воведувањето на онлајн-настава во училиштата, каде истите не можеа да обезбедат електронски уреди за секое дете за следење на наставата од дома, уште повеќе ги нагласи нееднаквостите помеѓу учениците и директно влијаеше на можностите за еднаков пристап до образовните содржини.

Податоците за пресметките на IHDI, за истиот анализиран период, покажуваат дека постои зголемување на нееднаквост во постигнатото ниво на човеков развој. Имено, постигнатото ниво на човеков развој во 2020 и 2021 година прилагодено за нееднаквоста е намалено и тоа е прв показател на нерамномерната распределба.

*Табела број 25: Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста за селектирани земји, 2019-2021 година*

| **ХДИ ранг** | **Земји од поранешната СФРЈ и земји од Балканскиот Полуостров** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Словенија | 0,880 | 0,873 | 0,878 |
| 40 | Хрватска | 0,795 | 0,794 | 0,797 |
| 74 | Босна и Херцеговина | 0,679 | 0,678 | 0,677 |
| 63 | Србија | 0,712 | 0,722 | 0,720 |
| 49 | Црна Гора | 0,757 | 0,748 | 0,756 |
| 67 | Албанија | 0,724 | 0,709 | 0,710 |
| **78** | **Република Северна Македонија** | **0,699** | **0,690** | **0,686** |
| 33 | Грција | 0,793 | 0,790 | 0,791 |
| 68 | Бугарија | 0,809 | 0,809 | 0,810 |
| 53 | Романија | 0,813 | 0,827 | 0,832 |

*Извор: UNDP, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)*

Во 2019 година индексот изнесува 0,699. Вредноста на индексот е помала во 2020 година и е 0,690, додека во 2021 изнесува 0,686. Забележливо е благо подобрување на индексот во 2021 година кај речиси сите земји презентирани во Табела број 25, освен кај Македонија, Босна и Херцеговина и Србија каде сè уште е присутен тренд на намалување.

Индексот на човеков развој според пол (GDI), кој е сооднос помеѓу HDI индексот за мажи и жени, ја покажува промената во квалитетот на живот предизвикана од здравствената криза. Во Република Северна Македонија, HDI за жени во 2020 година изнесува 0,750 и за мажи 0,794, од што произлегува вредност на GDI од 0,945 во 2020 година. За 2021 година пресметките покажуваат HDI за жени 0,746 и за мажи 0,789, иако вредноста на GDI во 2021 останува иста како и во 2020 година (0,945 во 2021 година).[44] Според овие податоци економијата се наоѓа во третата група, група на земји со средно ниво на човеков развој според полот.[45]

Пандемијата различно се одрази врз можностите на мажите и на жените. Така, најмногу се одрази во поглед на ангажираноста на жените во домаќинствата, каде земајќи ја предвид улогата на жената во семејствата во Македонија, како домаќинки и мајки, пандемијата дополнително ги зголеми нејзините обврски. Домашната неплатена работа (чистење и одржување на домаќинството, подготовка на храна, комуникација со децата, нега на децата и образовни активности со децата) во периодот на пандемијата значително се зголемија за жените, како и фактот дека сите овие активности бараат дополнително време и ангажман од страна на жената, негативно се одразија на проширување на јазот што постои помеѓу жените и мажите. Сето тоа се одрази и на пазарот на трудот за жените, пред сè во поглед на неможноста паралелно да ги извршуваат своите работни обврски поради затворањето на градинките и училиштата и примената на мерката за чување на децата помлади од 10 години, како и притисоци во

---

[44] https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)

[45] Според пресметката 100*(GDI-1) се определуваат неколку групи на земји според нивото на постигнат човеков развој според пол. Така, според добиените индекси на GDI земјите се класифицираат во 5 групи: висок степен на еднаквост на човеков развој помеѓу половите, средно високо ниво, средно ниво, средно ниско и ниско ниво на човеков развој помеѓу половите. Економиите кои имаат вредност на GDI < 2,5 се економии со висок степен на еднаквост во остварувањето на човековиот развој помеѓу половите. Вредностите на индексот од 2,5 до 5 проценти се економии со средно висока еднаквост, додека економиите со вредност на индексот од 5 до 7,5 проценти се земји со средна еднаквост.

случај на отсуства од работното место (раскинување на работен однос, одбивање да се обнови договорот, кратење плата итн.). Голем дел на истражувања ги потврдуваат овие тврдења.[46]

*Графикон број 40: Индексот на човековиот развој и индексот на човековиот развој според полот, 2019 – 2021 година*




*UNDP, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)*

На Графикон број 40, прикажани се вредностите на индексот на човековиот развој (HDI) и индексот на човековиот развој според пол (GDI) за 2019 – 2021 година. Вкупно пресметаниот индекс на GDI иако покажува иста вредност во 2019, 2020 и 2021 година,

[46] Пробивање пат во неизвесни времиња (Индекс на човековиот развој за 2022 година – Република Северна Македонија), Програма за развој на Обединетите Нации за Република Северна Македонија (УНДП Северна Македонија), ноември 2022 година;
Башевска, М. Влијанието на Ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија. СДЦ, Шведска, УН жени, Жените се важни (Women Count), 2020 година, https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf
Реактор, Платена и неплатена работа, родово-базирана дискриминација и работнички права во време на Ковид-19, 2020 година, https://reactor.org.mk/publication-all/ %d1 %80 %d0 %be %d0 %b4 %d0 %be %d0 %b2- %d0 %b0 %d1 %81 %d0 %b f %d0 %b5 %d0 %ba %d1 %82- %d0 %bd %d0 %b0- %d1 %81 %d0 %be %d1 %86 %d0 %b8 %d1 %98 %d0 %b0 %d0 %bb %d0 %bd %d0 %b8 %d1 %82 %d0 %b5- %d0 %b8- %d0 %b5 %d0 %ba %d0 %be %d0 %bd %d0 %be %d0 %bc %d1 %81/

претходно спомenатите промени се евидентни во поединечно пресметаниот индекс за жени (0,760 во 2019 година, 0,750 во 2020 година и 0,746 година во 2021 година ) и за мажи (0,804 во 2019 година, 0,794 во 2020 година и 0,789 во 2021 година).[47]

Во однос на индексот на родова нееднаквост (GII), исто така, се забележани промени во пандемискиот период. Притоа, индексот покажува не толку значајни промени во својата вредност, но, влошувањето, односно зголемената родова нееднаквост се изразува преку компонентите од кои се пресметува овој индекс. Податоците за учеството на жените и мажите во политиката изразено преку бројот на пратенички места за жени и мажи покажуваат дека нема големи промени во периодот 2020 и 2021 година. Исто така, и учеството на жени и мажи со најмалку средно образование на возраст од 25 и повеќе години нема значајни промени во пандемиските години. Единствено присутно е намалување на учеството на жените на пазарот на работната сила и тоа од 44,9 % во 2019 година се намалило на 41,8 % во 2020 година. Во 2021 година има зголемување на процентуалната застапеност на жените на пазарот на работна сила и изнесува 42,4 %.[48]

*Графикон број 41: Индексот на родовата нееднаквост, 2019 – 2021 година*




*UNDP, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)*

[47] UNDP, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD (пристапено на 1.11.2022 година)
[48] Исто

Вредноста на GII во 2019 година во Република Северна Македонија е 0,134 што ја рангира на 37 место од 170 земји во 2021 година. Во 2020 година вредноста на индексот се зголемува и изнесува 0,137, што укажува на вложувањето на состојбата во поглед на родовата нееднаквост, додека во 2021 година е 0,134.

Презентираните податоци за индикаторите на човековиот развој покажуваат дека Република Северна Македонија припаѓа на категоријата земји со остварени високи рангирања на постигнувањата во поглед на човековиот развој. Но, кај сите индикатори се забележува негативно влијание од пандемијата, кое пред сѐ се одразува на индексот на човеков развој. Поединечната анализа покажува дека пандемијата имаше силно влијание врз здравјето на населението кое се одрази во намалување на очекуваното траење на живот, потоа, се понагласена присутност на родова нееднаквост во поглед на активната улога на жените на пазарот на работна сила и неплатената домашна работа.

# III. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ВЛИЈАНИЕТО ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ РАБОТАТА И ЕКОНОМИЈАТА

За потребите на истражувањето во оваа Монографија беше подготвен анкетен прашалник, како инструмент за прибирање на податоци од вработените лица во Република Северна Македонија, со цел да се согледа нивното мислење за тоа како Ковид-19 пандемијата се одрази врз животниот стандард, работата, продуктивноста и економијата. Добиените резултати се ставија во контекст на теоретските сознанија и досегашните истражувања, а во насока на идентификување на можни начини за надминување на настанатите проблеми и последици од Ковид-19 кризата.

## 1. Методолошки приод и примерок на истражувањето

Анкетниот прашалник беше испратен електронски до повеќе од 2000 испитаници, по е-маил и преку социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Linkedin) во периодот од 15 октомври до 30 ноември 2021 година. Иако, се остави подолг временски период за прибирање на одговори, сепак добиени се само 388 комплетно пополнети прашалници. Лицата кои го пополниле овој Прашалник се анонимни.

Прашалникот се состоеше од 23 прашања, затворени прашања со однапред понудени одговори, со можност за еднократен и повеќекратен избор, прашања со можност за градација на одговорите и отворени прашања, кои беа структурирани во четири групи. Првата група на прашања се однесува на социо-економски карактеристики на испитаниците, односно полот, возраста, образованието и секторот во кој лицето е вработено. Втората група на прашања ги опфаќа аспектите на влијанието на Ковид-19 пандемијата врз работното место, фокусирајќи се на промените во интензитетот и обемот на работата, промените во платите, во обврските и одговорностите на работното место, работното време, можноста за работа од дома, примената на дигиталните технологии и промените во продуктивноста на фирмата. Во оваа група на прашања, имаше и такви кои се однесуваат на промени во поглед на личната социоекономска состојба на вработениот. Притоа, се бараше објективен одговор во поглед на промените на личните примања, материјалната состојба на семејството, како и за тоа дали пандемијата доведе до пораст на цените на производите

и услугите, а со тоа и до продлабочување на нееднаквоста помеѓу луѓето. Последната група на прашања е поврзана со мерките кои ги превземаше Владата за надминување на социо-економските последици предизвикани од пандемијата.

## 2. Анализа на резултатите од анкетното истражување

### *2.1. Демографските и социоекономските карактеристики на испитаниците*

Во структурата на испитаниците според возраста најголем процент се вработените лица на возраст од 40 до 49 години (43 %), потоа следуваат лицата стари 30-39 години (31,2 %). Најмало учество имаат оние кои се на возраст од 60 и повеќе години (4,1 %) (Графикон број 42).

*Графикон број 42: Возрасната структура на испитаниците*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Повеќе од две третини од испитаниците се жени (70 %), а останатите се мажи (30 %). Најголем број од испитаниците (250) се вработени во фирми од приватниот сектор, 107 испитаници работат во јавен сектор, а 31 испитаник работат во невладини организации. Притоа, од податоците на Графикон број 43 се забележува дека најголем дел од испитаниците се ангажирани во услужната дејност (75 %), потоа следуваат оние во производствениот сектор (13 %) и во трговијата (7,5 %).

*Графикон број 43: Структурата на испитаниците според секторот во кој работат*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Во однос на образовната структура на испитаниците, речиси, 60 % од нив се со високо образование, а околу 30 % имаат завршено магистерски или докторски студии (Графикон број 44).

*Графикон број 44: Образовната структура на испитаниците*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Според социоекономската структура на испитаниците најголем дел од нив се на возраст од 40 до 49 години, доминираат жените и вработените во приватниот сектор, а повеќе од половина се со високо образование.

### 2.2. Промени на работното место предизвикани од пандемијата

Пандемијата предизвика промени во многу сегменти од животот на луѓето и функционирањето на економијата, па вклучително доведе и до промени на работните места. Почнувајќи од воведувањето на работа од дома, поголема примена на дигиталните технологии заради олеснување и поголема продуктивност во работењето, потоа, потреба од обуки заради користење на овие дигитални технологии, потреба за набавка на нови машини, компјутери, лаптопи, замена на различни работни операции од мануелни до компјутеризирани, отпуштања од работа заради намален обем на работа, промени во платите и работното време и сл.

Анализата на одговорите на прашањата кои ги опфаќаат промените на работните места во услови на Ковид-19 пандемијата, покажува дека во голема мера се чувствуваат промени, како во начинот на организирање на работата, нејзиното извршување, така и во продуктивноста. Притоа, фирмите на различни начини се справуваа со ново настанатите услови на работење. Речиси, две третини од испитаниците сметаат дека пандемијата довела до промени на нивните работни места. За 33,2 % од вработените Ковид-19 кризата воопшто не предизвикала промени во работењето. Оттаму, во овој дел од анализата, на прашањата од 8 до 11 (види прилог број 1) кои се однесуваат на промените на работните места, можеа да одговараат само оние испитаници (259) кои се изјасниле дека нивните работни места биле изложени на промени.

Според субјективната перцепција на испитаниците, интензитетот на промените што се случувале на работните места можеа да го рангираат со оценка од 1 до 5. Притоа, најмалиот интензитет на промени го оценуваат со ранг 1, додека најголем интензитет на промени со ранг 5. Исто така, од понудените опции на настанати промени, секој испитаник можеше да избере една или повеќе промени и истите да ги рангира според свое видување. Кај испитаниците кои одговориле дека пандемијата довела до промени на нивните работни места, 47,9 % од нив се изјасниле дека најголем

интензитет на промени, односно ранг 5, се однесува на потребата за поголема примена на дигитални технологии во работата. За 45,2 % од испитаниците и промените во однос на работата од дома (Графикон број 45) се високо рангирани (ранг 5). Тоа ја наметнало потребата за набавка на нова опрема (компјутери, лаптопи, таблети и сл.), која според 39,4 % од испитаниците има големо значење од аспект на промените во работењето. Во таа смисла, 22,8 % сметаат дека им се зголемиле обврските и одговорностите на работното место и таа промена ја оценуваат со највисока оценка. Имајќи предвид дека Ковид-19 пандемијата ја наметна потребата за работа од дома и поголема примена на дигитални технологии, дури 23,9 % од испитаниците сметаат дека им се неопходни обуки за користење на дигиталните технологии (ранг 5).

*Графикон број 45: Оценка на испитаниците за интензитетот на промените на работните места како резултат на Ковид-19 пандемијата*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Најмало ниво на промени (ранг 1) според добиените одговори се забележува во однос на отпуштањата од работа (за 71,8 % од испитаниците). Истовремено не се забележува намалување на платите за 61,0 % од испитаниците и не дошло до зголемување на работно време за 40,2 % од испитаниците. За 28,6 % од испитаниците интензитетот или обемот на работа не се променил воопшто и затоа ја рангирале оваа промена со ранг 1.

Во рамки на Прашалникот беше побарано од испитаниците да се изјаснат како фирмата/институцијата во која што работат се справила со промените во работењето во услови на пандемија, при што секој можеше да избере повеќе од понудените можни одговори. Ставот на 72,6 % од вработените е дека нивната фирма и во услови на криза не отпуштала работници, а 64,1 % од вработените сметаат дека се одржувало исто ниво на плати како пред пандемијата. Голем дел од испитаниците (60,2 %) се изјасниле дека нивната фирма/институција вовела систем на ротација на вработените кои работеле со физичко присуство, а за 38,2 % од испитаниците работодавачот обезбедувал здравствена, техничка и морална поддршка за своите вработени во текот на пандемијата. Особено значаен е уделот на вработените кои сметаат дека фирмата инвестирала во набавка на опрема и софтвер за работа од дома (32 %), како и во соодветна едукација и обука за користење на платформите за on-line комуникација (26,3 %).

Работењето во услови на криза и покрај преземените мерки за надминување на промените, не ја зголемило продуктивноста на ниво на фирма. Ставот на 41,7 % од испитаниците е дека продуктивноста не се зголемила, а голем дел (29 %) не знаат дали воопшто се случиле промени во поглед на продуктивноста (Графикон број 46).

*Графикон број 46: Порастот во продуктивноста на фирмата/институцијата*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Имајќи предвид дека зголемувањето на продуктивноста, особено во услови на криза, треба да придонесе за поголема ефикасност во работењето, за 66,8 % од испитаниците тоа може да се постигне со инвестирање во човечки капитал преку обуки и доквалификации на вработените за стекнување на нови знаења и вештини. За 42,5 % од испитаниците порастот на продуктивноста ќе се постигне со поголема вклученост на менаџментот во примена на нови начини на работа, а за 43,6 % од испитаниците преку обука на вработените за прилагодување на новите начини на работа и користење на предностите на дигитализацијата. Набавка на нова опрема за процесот на работење (за 38,2 % од испитаниците) и поголема дигитализација во работењето (за 37,8 %) се особено важни за зголемување на продуктивноста.

### *2.3. Социоекономски промени на индивидуално ниво како резултат на кризата*

Промените што се случуваат на работните места под влијание на Ковид-19 кризата несомнено доведуваат до директни и индиректни промени во работниот однос, платата, материјалната состојба на семејството, но и до промена на квалитетот на живот.

Имајќи предвид дека Прашалникот беше наменет за вработени лица, во текот на пандемијата, само 6 % од испитаниците привремено останале без работа. Притоа, на 89 % од вработените платата во периодот на кризата не им се намалила. И покрај тоа што најголем дел од испитаниците се изјасниле дека не им се намалила платата, кај 23 % од вработените дошло до влошување на материјалната состојба на нивните семејства, додека кај 71 % истата не се влошила.

*Графикон број 47: Промените во материјалната состојба на семејствата на испитаниците*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Кризата предизвикана од Ковид-19 пандемијата, доведе и до економска криза која предизвика пораст на цените на производите и услугите. Тоа го потврдуваат и одговорите на испитаниците, бидејќи според 93 % од нив пандемијата довела до зголемување на нивото на цените, како на основните добра и услуги, така и на сите други трошоци за живот (Графикон број 48). Ваквите негативни промени се издвојуваат како една од главните причини за влошување на материјалната состојба на семејствата на испитаниците.

*Графикон број 48: Перцепција на вработените за промените на цените на производите и услугите предизвикани од пандемијата*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Со можност да изберат неколку одговори, повеќе од половина од испитаниците сметаат дека намалениот обем на производството и затворените производствени погони (54,1 %), зголемените цени на факторите на производство (53,1 %), како и зголемените трошоци за транспорт и логистика (52,6 %) се доминантни причини за порастот на цените на производите и услугите. Од останатите причини за ваквиот пораст на цените, за 35,3 % од испитаниците се несоодветните мерки од страна на државата за контрола на цените на основните прехранбени производи, на лековите и средствата за хигиена и заштита, на трошоците за лекување и сл., а за 25,3 % од испитаниците тоа е резултат на недоволната понуда, а зголемена побарувачка за определени производи и услуги.

Загубата на работа на испитаниците или на членови од нивните семејства, потоа исти или намалени месечни примања, како и зголемените трошоци за живот заради зголемување на домашните залихи на основни производи, на средства за лична хигиена, на лекови и витамини, вклучително и на трошоците за лекување, дополнително ја влошуваа материјалната состојба на семејствата. Воведувањето на работата од дома и онлајн-наставата во училиштата, за голем дел од семејствата придонесе за дополнителни издатоци за набавка на информатичка опрема, која уште повеќе ги оптовари домашните буџети и влијаеше за намалување на квалитетот на живот.

Пандемијата предизвика големи промени во поглед на нееднаквоста меѓу луѓето. Притоа, повеќе од половина од испитаниците (52,3 %) се изјасниле дека нееднаквоста е најмногу изразена во однос на пристапот и можностите за користење на здравствените услуги и истата ја означиле со ранг 5 (Графикон број 49). Околу една третина, пак, од испитаниците, највисоко ги рангирале промените во условите и квалитетот на живот (35,6 %), можностите за вработување во услови на пандемија (30,4 %) и достапноста на дигиталните технологии неопходни за работа (30,7 %).

*Графикон број 49: Ставовите на испитаниците за влијанието на пандемијата врз различни аспекти на нееднаквост*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Од останатите аспекти на нееднаквоста предизвикани од пандемијата со средна оценка (3) се рангирани условите за работа (39,4 % од испитаниците) и можностите за добро образование во услови на онлајн настава и користење на дигитални платформи (31,4 %).

### *2.4. Мерки за надминување на последиците предизвикани од пандемијата*

Последната група на прашања од Анкетниот прашалник се однесуваше на ставовите на испитаниците во поглед на досега преземените мерки од страна на владата на Република Северна Македонија за надминување на социоекономските последици кои настанаа како резултат на Ковид-19 кризата. Повеќе од половина од испитаниците (50,3 %) се на ставот дека мерките кои ги преземала Владата биле задоцнети и делумно соодветни, односно дека добар дел од нив не биле успешно и навремено креирани за да ги олеснат настанатите последици (Графикон број 50).

*Графикон број 50: Мислењата на испитаниците за мерките на Владата за надминување на последиците предизвикани од пандемијата*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Само 13,4 % од анкетираните вработени сметаат дека преземените мерки биле навремени и соодветни на настанатата ситуација и проблеми, а 36,3 % се изјасниле дека Владата не успеала навреме да преземе соодветни мерки.

Определени мерки на Владата беа насочени кон фирмите/институциите кои се соочија со големи проблеми од аспект на нивното работење, неможноста да остваруваат приход, да исплаќаат плати на своите вработени и да бидат ликвидни. Во таа смисла, дури 63,7 % од испитаниците укажале дека фирмата/институцијата во која работат не користела ниту една од понудените мерки, додека 25,8 % не се запознаени со таква информација (Графикон број 51).

Од оние испитаници (10,6 %) кои истакнале дека фирмата/институцијата во која работат користела мерки од Владата, повеќе од 90 % ги издвоиле мерките кои се однесувале на субвенционирањето на платите, како што се: финансиската помош за исплата на минимална плата или 50 % на придонесите за плати на вработените во фирми погодени од кризата; и финансиска помош за самовработените погодени од пандемијата[49]. Меѓу другите мерки кои ги навеле испитаниците се издвојуваат и овие: користење на кредити без камата; ограничено работно време; работа од дома и др.

[49] Исплата на минимална плата во износ од 14.500 денари за месеците април и мај во 2020 година за самовработени лица, уметници и спортисти.

*Графикон број 51: Дали фирмата/институцијата користела мерки од Владата за надминување на последиците од Ковид-19 кризата?*




*Извор: Анкетно истражување на авторите*

Имајќи ги предвид бројните последици од кризата предизвикана од Ковид-19 пандемијата, во рамки на Прашалникот беа предложени дополнителни мерки кои би требало да се преземат за надминување на социоекономските последици, а кои испитаниците имаа можност да ги рангираат согласно нивните ставови за значењето на секоја од предложените мерки. Притоа, со највисока оценка (5) 30,4 % од испитаниците ја рангирале мерката за инвестирање во човечки капитал, потоа 27,6 % ја оцениле потребата за поголема вклученост на државата во справувањето со последиците од Ковид-19 кризата и 25 % најголема предност и даваат на неопходноста од реформи во формалното и неформалното образование. Средна оценка (3) значаен дел од испитаниците ставиле на неколку од предложените мерки. Имено, 35,3 % од испитаниците сметаат дека е потребно зголемување на продуктивноста на ниво на фирмите, 28,9 % се на ставот дека треба да се зголеми поддршката на фирмите/институциите за дигитализација на нивното работење, а 27,8 % издвојуваат дека е неопходна поддршка и обуки за вработените за зголемување на дигиталните вештини. Изненадува фактот дека, речиси, една четвртина (24,5 %) од испитаниците сметаат дека за надминување на последиците најмалку е битно зголемувањето на продуктивноста на ниво на економијата.

## Заклучок и препораки

Република Северна Македонија е мала отворена економија. Од осамостојувањето, во 1991 година, до денес, се соочила со бројни предизвици, како од политички, така и од економски аспект. Имено, македонската економија најпрвин се соочи со проблемот на воспоставување на макроекономска стабилност преку зауздување на инфлацијата, потоа со воен конфликт и ефектите од светската финансиска криза од 2009 година. Сепак, во изминатиот период, економијата генерално бележи позитивен економски раст, со одредени осцилации на намалувања и негативни стапки на растот. Така, негативна економска стапка од -3,1 % е пресметана во 2001 година, кога се случи воениот конфликт во Република Северна Македонија, потоа во 2009 година (-0,9 %) како резултат на финансиската криза, како и во 2012 година (-0,5 %).

БДП доминантно произлегува од неколку сектори. Трговијата на големо и мало заедно со транспортот и дејностите за складирање имаат најголемо учество во БДП (до 19,3 % во 2019 година). Придонесот на преработувачката индустрија се движи од најниско 9 % до најмногу 13,3 % во 2018 и 2019 година. Земјоделството, шумарството и рибарството покажуваат најниско учество од 7,9 % во 2017 година и највисоко до 11,6 % во 2004 година, додека учеството на градежништвото во анализираниот период се движи од околу 5 % до 6 %. Генерално, ваквата структура на дејности кои не креираат голема додадена вредност, не може да го динамизира економскиот раст и е ограничувачки фактор за економијата.

Во периодот од 2006 до 2017 година, како и во втората половина на 2019, преовладува јавната потрошувачка и таа ја одредува агрегатната побарувачка. Со оглед на тоа дека Република Северна Македонија е мала и отворена економија, надворешната трговија има големо значење. Во периодот од 2013 до 2019 година увозот и извозот на добра и услуги се поклопуваат во трендовите на движење. Извозот на добра и услуги со учество се движи од најмногу 23,7 % во 2010 година и во 2019 година изнесува 7,2 %. Промените во учеството на извозот на добра и услуги во анализираниот период се проследени со соодветни промени и во увозот на добра и услуги. Така, увозот на добра и услуги во 2010 година бил 10,4%, а во 2019 година достигнува вредност од

8,9%. Бруто-инвестициите, како компонента на БДП, покажуваат нестабилност и осцилираат од позитивни во негативни вредности. Највисокото процентуално учество на бруто-инвестициите во БДП е во 2008 година и изнесува 22,3 %, додека најниско е во 2005 година и има вредност од -9,2 %.

Периодот по осамостојувањето, се карактеризира со хиперинфлација, која после 1995 година, како резултат на воспоставената монетарна дисциплина и спроведените мерки за стабилизација се стави под контрола и имаше ниски вредности. Во 2008 година, поради случувањата со финансиската криза, инфлацијата бележи пораст, но сепак е едноцифрена (8,3 %). Ниска стапка на инфлација се одржува се до 2022 година.

Макроекономската стабилност како успех на транзицискиот период, од осамостојувањето на Македонија, претставуваше основ за динамичен и одржлив позитивен економски раст. Меѓутоа, иако економскиот раст покажува позитивни вредности, сепак е скромен и не е одржлив на долг рок. Ова упатува на заклучок дека макроекономската стабилност е битна, но не и доволна претпоставка за динамичен и одржлив раст и дека во економијата постојат ограничувачки фактори на растот, кои треба јасно да се идентификуваат и да се најдат соодветни начини и пристапи со кои истите ќе се надминат.

Од анализата на промените на пазарот на работната сила во Република Северна Македонија во периодот пред Ковид-19 пандемијата можат да се извлечат неколку релевантни констатации. Расположливите податоци за временскиот период 2000-2019 година покажуваат дека и покрај евидентните осцилации во порастот на работоспособното население од година во година, значително се намалува неговиот пораст во периодот по 2006 година. Од друга страна, пак, наспроти континуираниот пораст на активното население, неактивниот дел од работоспособното население бележи намалување, иако неговиот обем сè уште е мошне голем. Ваквите податоци го потврдуваат намаленото влијание на демографските трендови врз приливот на работоспособното население и формирањето на работната сила, а промените кореспондираат со процесот на стареење на населението.

Во анализираниот временски интервал од 2000-2019 година, стапката на активност на вкупното население, иако со одредени осцилации, се зголемила од 59,7 % (2000) на 66,3 % (2019 година).

Стапката на вработеност имала тенденција на намалување се до 2004 година, а потоа, започнува нејзиниот континуиран пораст и во 2019 година достигнува 54,7 %. Порастот на овој индикатор се забележува и кај мажите и кај жените, но промените се поизразени кај женското население. Највисока е стапката на вработеност кај лицата од старосната група од 25 до 49 години, која во 2019 година изнесува 67,2 %. Стапките на вработеност според највисокото стекнато ниво на образование, во овој период се зголемиле кај сите стекнати нивоа на образование, а порастот е најизразен кај лицата со средно ниво на образование (ниво 3-4), но таа имала највисока нумеричка вредност кај лицата со високо ниво на образование (ниво 5-6).

И покрај позитивните промени во стапките на вработеност, тие сè уште се значително под просечните стапки на вработеност во ЕУ, дури и во услови кога стапките на невработеност во земјата се намалуваат. Релативно ниските стапки на вработеност, меѓу другото, се резултат на евидентно засиленото иселување во странство, особено на младата популација. Бидејќи во државата нема официјална регистрација на оние кои заминуваат од неа, стапките на вработеност се пресметуваат во однос на вкупното работоспособно население, иако еден дел од него реално не е дел од пазарот на трудот во земјата.

Во однос на промените во вработеноста според Националната класификација на дејности, НКД Рев.2, достапните податоци покажуваат дека во периодот 2010-2019 година бројот на вработени лица е зголемен во сите сектори, освен во земјоделството, шумарството и рибарството и секторот на снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Сепак, мора да се има предвид дека секторот земјоделството, шумарството и рибарство има големо учество во вкупната вработеност, кое во 2019 година изнесува 13,9 %, додека апсолутниот број на вработени е над 111 илјади лица. Од нив 34,7 % се неплатени семејни работници. Најголем дел од вработените биле ангажирани во преработувачката индустрија (речиси 158 илјади лица во 2019 година). Со релативно поизразен пораст на вработеноста се издвојува групата сектори: јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; образование; и дејности на здравствена и социјална заштита (за околу 23 % или за повеќе од 27 илјади лица), што укажува дека голем број на нови вработувања се реализирани во јавниот сектор.

Во опсервираниот период вкупниот број на вработени во речиси сите занимања е зголемен, а порастот е најмногу нагласен кај стручните земјоделски работници (за 63.500 лица) и кај работници во услужни дејности, работници во продавници и на пазарни продажби (за повеќе од 50 илјади лица). Зголемувањето на бројот на вработени во земјоделството воглавно е резултат на политиките за субвенционирање на земјоделското производство, пристапот до поволни кредити и субвенционирање на трошоците за откуп на добиток и за одгледување насадни култури, како и на економските политики насочени кон поддршка на претприемништвото и поедноставувањето на процедурите за започнување бизнис. Зголемениот број вработени во секторот трговија на големо и мало се должи на релативно ниското ниво на капитал по вработен, пониското ниво на вештини кои треба да ги поседуваат вработените, послабо платените работни места, големиот број на мали трговски фирми, а во последните години и на порастот на бројни нови брендови и трговски марки, како и големи трговски синџири. Во последните неколку години значително се зголеми и бројот на вработени во преработувачката индустрија, првенствено како резултат на работењето на новите производствени капацитети, особено во технолошко-индустриските развојни зони.

Невработеноста, а вклучително и стапката на невработеност во Република Северна Македонија, долг временски период беше многу висока. Во анализираниот период 2000-2019 година, стапката на невработеност го достигнува највисокото ниво во 2005 година (37,5 %) и оттогаш почнува да опаѓа, достигнувајќи до 17,3 % во 2019 година. Во текот на целиот временски интервал, стапката на невработеност на жените беше повисока од онаа на мажите и се намалуваше со послаб интензитет. Вредноста на овој индикатор била највисока за помладите невработени од 15 до 24 години (35,6 % во 2019 година), а релативно пониска кај оние од возрасните групи од 35 до 59 години движејќи се околу 13 %. Стапката на невработеност според сите ISCED нивоа на образование во периодот 2010-2019 опаѓа. Следствено на ваквите промени, дојде до намалување и на стапката на долгорочна невработеност за повеќе од половина од 26,7 % (2010) на 13,1 % (2019 година).

Поттикнувањето на економскиот раст и остварување на повисоко ниво на економски развој во Република Северна Македонија во голема мера зависи од продуктивноста, како на ниво на

економијата, така и на ниво на претпријатија и продуктивноста на трудот. Продуктивноста на трудот во Република Северна Македонија е ниска, а во периодот од 2016 до 2019 година дури и негативна. Пресметките на вкупната факторска продуктивност, според моделот на раст на Солоу и производната функција на Коб-Даглас, направена за периодот од 2000 до 2020 година, покажуваат дека просечниот раст на БДП е 4,97 %, при што вкупната факторска продуктивност придонесува за 1,69 %. Анкетата на претпријатијата, спроведена од страна на Светска банка покажува дека продуктивноста на претпријатијата од Република Северна Македонија е ниска.

Ниската продуктивност во Република Северна Македонија е резултат на повеќе различни фактори. Демографските движења имаат негативно влијание врз продуктивноста. Прво, бидејќи старосната структура на работната сила е неповолна, односно застапено е релативно повеќе возрасно население, а новите технологии можат побрзо да бидат усвоени од помладата работна сила. Исто така, трендот на иселувањето на младите во странство дополнително негативно се одразува врз продуктивноста. Доминантно учество во создавањето на БДП во Република Северна Македонија имаат традиционалните сектори кои се базираат на користење на природни ресурси и најчесто се трудоинтензивни дејности. Тие имаат голема искористеност на физичкиот капитал и со недоволно застапени нови технологии и знаења. Притоа, овие сектори вработуваат многу лица и нивното учество во вкупната вработеност е големо, а значителен дел од нив се и неплатени семејни работници. Ваквата состојба ја објаснува ниската продуктивност.

Индикаторите за квалитетот на живот се всушност реални показатели за развиеноста на една економија. Со анализата се опфатени расположливите податоци за индексот на човековиот развој, индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста, индексот на човековиот развој според пол и индексот на родовата нееднаквост. Презентираните податоци за индикаторите на човековиот развој покажуваат дека Република Северна Македонија припаѓа на категоријата земји со остварени високи рангирања на постигнувањата во поглед на човековиот развој. Тоа значи дека, здравјето изразено преку очекуваното траење на животот, образованието, искажано како очекувани години на школување и процена на приходот како показател на животниот стандард на населението во Република Северна Македонија, покажуваат

релативно високи вредности и ја рангираат земјата во групата на земји со високо средно ниво на човеков развој.

Економската состојба во Република Македодонија пресликана преку економскиот раст, инфлацијата, пазарот на работна сила, продуктивноста и квалитетот на животот во периодот пред пандемијата, не претставуваше стабилна основа за динамичен развој. Имено, повеќедецениската транзиција, позитивниот, но неодржлив раст, базиран на трудоинтензивни сектори и извоз на добра и услуги кои не создаваат голема додадена вредност, увозно зависна економија, со ниска продуктивност, ја прави економијата ранлива на шокови предизвикани од надворешни фактори и влијанија. Затоа, Ковид-19 пандемијата имаше големо негативно влијание и се почувствуваа значителни промени во постојната економска состојба. Токму затоа, како дел од истражувањето, најпрво беа опфатени годишните промени на одделните индикатори за периодот 2019-2021 година, а потоа фокусот е ставен на кварталните промени за првите две години од пандемијата (2020 и 2021 година).

Намалувањето на економската активност како резултат на здравствената криза, веднаш се одрази на намалување на БДП и економскиот раст во Република Северна Македонија. Стапката на економски раст од 3,9 % во 2019 година се намали на -6,1 % во 2020 година. Во 2021 година нејзината вредност е позитивна и е 4 %. Предвидувањата за 2022 година е дека истата ќе се намали на 3,2 %. И покрај позитивниот тренд на економски раст, сепак тој раст не е одржлив на долг рок и потребни се повисоки стапки на раст кои ќе го поттикнат развојот на економијата.

Учествата на секторите во креирањето на БДП за време на пандемијата покажуваат негативни показатели за индустриското производство, неповолни движења во трговијата, транспортот и угостителството. Исто така, уметноста, забавата, рекреацијата и другите услужни дејности, се сектори на кои Ковид-19 кризата има значително влијание. Во 2020 година сите овие сектори имаат негативно учество во БДП. Најпогоден е секторот уметност, забава, рекреација и други услужни дејности со -22,6 % учество во БДП. Индустријата (-10,4 %) и трговијата на големо и мало, транспорт и угостителство (-10,6 %) во 2020 година, како прва пандемиска година, исто така, покажуваат големи промени. Трговијата, градежништвото и градежните активности, како и земјоделскиот сектор, се поттикнувачките сектори на економијата во 2021 година. Кај секторот трговија на големо и мало, заедно со транспортот и

угостителството, најмногу се забележува промената и учеството во 2021 година е позитивно и изнесува 14 %.

Во текот на пандемиските години приватната (лична) потрошувачка бележи намалувања. Податоците јасно укажуваат дека БДП во овие години, произлегува од учеството на јавната потрошувачка во креирањето на агрегатната потрошувачка. Активната улога на државата е видлива. Притоа, порастот на јавната потрошувачка произлегува од зголемените трошоци за здравствени услуги и набавката на материјали потребни за справување со здравствената криза (набавки на тестови и реагенси за лабораториите, средства за дезинфекции, лекови и санитетски материјали, пренамена на здравствени установи во центри за прифаќање, лекување и згрижување на пациенти итн.). Во поглед на поттикнувањето на приватната потрошувачка, се користеа мерки и активности за нејзино стимулирање, како активни економски мерки за претпријатијата и домаќинствата.

Имајќи го предвид фактот дека македонската економија е извозно и увозно зависна, сите глобални прашања и проблеми во меѓународната трговија веднаш се одразуваат и пренесуваат во функционирањето на економијата. Токму затоа и пандемијата веднаш се одрази на увозот и извозот на добра и услуги. Во 2020 година извозот и увозот бележат негативни вредности и тоа по -10,9 %, во споредба со 2019 година кога извозот е 7,2 %, а увозот 8,9 % од БДП. Ваквата состојба беше за очекување, затоа што се затворија границите и имаше ограничен влез и излез само за одредени категории на добра и услуги. Во 2021 година оваа состојба е променета и извозот (12,3 %) и увозот (13,9 %) евидентираат позитивни вредности.

Кај бруто-инвестициите, исто така, е евидентно влијанието од пандемијата. Во 2019 година бруто-инвестициите се 9,5 % од БДП, додека во 2020 имаат негативна вредност од -16,1 %. Веќе во 2021 година се враќаат на нивото од 2019 година и изнесуваат 9,2 %.

Промените во економската активност изразени преку БДП и неговите компоненти, произлезени од пандемијата највоочливи се на квартално ниво. Така, во кварталите на 2020, особено во првиот квартал, кој всушност го изразува првичниот шок што пандемијата го предизвика врз економската активност, веднаш се забележуваат намалени и негативни вредности, како на показателот на економски раст, така и на приватната потрошувачка, извозот, увозот и бруто инвестициите. Сепак,

најголемите промени се забележливи во вториот квартал од 2020 година, кога економскиот раст бележи негативна вредност од -16,4 %, а бруто инвестициите -40,5 %. Јавната потрошувачка во кварталите на 2020 година е позитивна и ја одредува агрегатната потрошувачка на економијата. Учеството на јавната потрошувачка во 2020 година се движи од 7,1 % во К1, 6,2 % во К2, 9,7 % во К3 и 3,1 % во К4. Што се однесува до промените во извозот и увозот на квартално ниво, забележително е дека во вториот квартал од 2020 година, учеството на извозот на добра и услуги во БДП е -31,5 %, а на увозот на добра и услуги е -29,8 %. Со тоа, речиси, 1/3 од намалената економска активност произлегува од падот на извозот и увозот во вториот квартал од 2020 година. Ваквата состојба не е за изненадување ако се земат предвид мерките за затворање на границите и протокот на движење на стоки и патници. Со укинувањето на одредени мерки и олабавувањето на протоколите за Ковид-19 во К2/2021 година извозот и увозот веднаш евидентираат позитивни промени и нивното учество во БДП изнесува 45,5 % и 46,6 %, респективно. Во 2021 година се забележуваат сѐ уште негативните последици од Ковид-19 кризата, но, сепак, во оваа година анализите на квартално ниво покажуваат промени кон подобрување на економската состојба. Така, иако во првиот квартал од 2021 година, продолжува негативната стапка на економски раст, која изнесува -1,8 %, видливо е подобрувањето. Особено охрабрувачки за економијата делуваат податоците од вториот квартал од 2021 година, каде стапката на економски раст достигнува 13,4 %. Позитивните промени се евидентни и во третиот и четвртиот квартал од истата година, со што се потврдуваат и оптимистичките сценарија за заживување на економската активност. Состојбата со приватната и јавната потрошувачка, исто така, се менува во 2021 година. Во првиот квартал учеството на двата вида потрошувачка е негативно и изнесува -0,3 %. Во следните три квартали од 2021 година, приватната потрошувачка се стабилизира и е движечка сила за стапката на економски раст (К2 е 12,4 %, К3 е 2,4 %, К4 е 5,7 %). Паралелно со тоа, учеството на јавната потрошувачка е, исто така, позитивно и изнесува 5,2 % (К2), 4,9 % (К3) и 6,5 % (К4).

Бруто-инвестициите се -15,3 % (К1/2021), за да веќе во вториот квартал достигнат ниво од 40,7 %. Третиот квартал од 2021 година бележи пак намалување и учеството на бруто-инвестициите во стапката на економски раст е 0,4 %. Позитивната стапка од 21,2 % која е евидентирана во четвртиот квартал на 2021 година е позитивен сигнал за заживување на економијата.

Периодот од почетокот на пандемијата особено се карактеризира со пораст на инфлацијата. Имено, стабилноста во поглед на одржувањето ниски стапки на инфлација која беше присутна во македонската економија после стабилизацијата од 1995 година, почнувајќи од 2020 година беше нарушена. Податоците покажуваат зголемување на инфлацијата и тоа од 0,8 % (2019) на 1,1 % (2020) и 3,2 % (2021 година). Првите зголемувања на стапката на инфлација се забележуваат во третиот и четвртиот квартал од 2020 година, како резултат на зголемените цени на храната и прехранбените производи и електричната енергија. Стапката на инфлација во 2021 година од 2 % во првиот квартал се зголеми на 2,8 % во вториот квартал, при што порастот на цените најмногу се забележуваше кај алкохолните пијалаци и цигарите, ресторантските и хотелски услуги, трошоците за домување, водоснабдувањето, електричната енергија, гасот и останатите горива. Во овој период се забележува пораст на цените за храна особено на овошјето и зеленчукот, како и на маслото за јадење и житните култури. Цените на здравствените производи и услуги, исто така, имаа голем удел и влијание за растот на стапката на инфлација во изминатиот период. Трендот на пораст продолжи во втората половина од 2021 година, при што стапката на инфлација во К4 изнесува 4,6 %. Ако се земе предвид дека овој тренд на раст продолжува и во првата половина на 2022 година, станува збор за инфлација предизвикана од недостатокот и нестабилноста на светските цени на клучните производи, суровини и материјали и гориво. На проблемот со порастот на цените предизвикан од пандемијата, се надоврза и влијанието и нестабилноста што ја предзивика воената криза во Украина и енергетската криза.

Пандемијата имаше свое влијание и врз пазарот на работна сила. Податоците за годишните промени на пазарот на работна сила покажуваат дека во периодот 2019-2021 година, работоспособното население на возраст од 15 до 64 години забележало намалување за повеќе од 14.500 лица, активното за речиси 21.000 лица, додека неактивното население се зголемило за над 6.400 лица. Следствено на ваквите промени, дошло до промени и во одделните стапки. Стапката на активност на населението од 66,3 % (2019) се намалила на 65,5 % (2021 година), стапката на вработеност, од 54,7 % во 2019 и 2020 година, се зголемила на 55,1 % во 2021 година. Промените во стапката на невработеност се нешто поизразени. Имено, таа од 17,4 % (2019) се намалила на 15,8 % (2021 година).

Кварталните податоци за 2020 и 2021 година покажуваат дека како резултат на здравствената криза во текот на 2020 година работната сила во Република Северна Македонија забележа драстичен пад и тоа за повеќе од 26 илјади лица, додека во 2021 година обемот на активно население е намален за скоро 6.500 лица. Во овој период забележливо е намалување и на неактивното население, но, сепак, сè уште значаен број на лица кои се на работоспособна возраст се неактивни. Тоа ја наметнува дискусијата дали овие лица свесно остануваат неактивни (иако тоа е помалку очекувано, со оглед на нивната возраст), дали се неформално вработени или имаат емигрирано во странство.

Расположливите податоците на ДЗС покажуваат дека вработеноста во 2020 година бележи значителен пад и вкупниот број на вработени достигнува најниско ниво во К3 (785.561 лице). Во 2021 година се менува развојниот тренд на пазарот на труд во земјата и започнува зголемување на бројот на вработени, кој достигнува најголема вредност во К3 (796.681 лице). Ваквите промени се карактеристични и за стапката на вработеност, која се намалила само во К1 од 48,1 % (2020) на 47,1 % (2021), додека во другите квартали бележи зголемување. Стапката на вработеност на младите (15-24) во 2021 година во сите квартали беше помала во однос на 2020 година. Невработеноста во периодот 2020-2021 година се одликува со континуиран тренд на намалување кој започнува од К3/2020 година. Опаѓачки тренд се забележува и кај стапката на невработеност и тоа во сите квартали. Стапката на невработеност според возраст во сите квартали бележи пораст кај младите (15-24 години).

Ваквите промени покажуваат дека Ковид-19 пандемијата доведе до одредено намалување на вработеноста и до извесно зголемување на невработеноста, иако овие движења не беа толку изразени, колку што се очекуваше. Тоа, меѓудругото, се должи и на мерките кои ги презема Владата за надминување на кризата и промените кои се случија на пазарот на работната сила. Очекувањата се дека во периодот што следи ќе останат проблемите со сè уште високата невработеност и релативно ниската вработеност. Истите ќе бидат следени со уште поизразена неусоглсеност на понудата и побарувачката на работна сила, особено како резултат на сè поголемиот недостиг на квалификувани работници. Затоа, при креирањето на соодветни политики и мерки на пазарот на работната сила за надминување на проблемите кои произлегоа од Ковид-19 пандемијата, треба да се има предвид намалувањето

и континуираното стареење на работоспособното население и работната сила, потоа интензивната емиграција од земјата на младо и средовечно работоспособно население, како и последиците од светската економска и енергетска криза, кои се одразуваат и врз македонската економија.

Претходно елаборираните промени во македонската економија се одразија и на квалитетот на животот на населението. Така, според презентираните индикатори за човековиот развој, Република Северна Македонија се наоѓа на 78 место на листата од 191 земја и припаѓа на категоријата земји во висок човеков развој. Во периодот од 2010 до 2019 година, индексот на човековиот развој (HDI) бележи позитивно поместување и во 2019 година изнесува 0,784. Пандемијата предизвика намалувања, кои, пред сѐ, се изразија во очекуваното траење на животот, како резултат на влошената здравствена состојба на голем дел од луѓето, особено на старите лица и хронично болните, ненавремената достапност на вакцините, големиот број на смртни случаи како резултат на Ковид-19, како и големиот број на хронични болести, кои поради системската насоченост на здравствениот сектор кон ковид-пациенти, беа занемарени и несоодветно следени и третирани. Во 2021 година очекуваното траење на животот изнесува 73,8 години, очекуваното време на школување 13,6 години и GNI per capita 15.918 $ (според PPP од 2017 година). Според тоа, износот на индексот на човековиот развој во Република Северна Македонија за 2021 година изнесува 0,770.

Податоците за пресметките на индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста (IHDI), за истиот анализиран период, покажуваат дека постои зголемување на нееднаквост во постигнатото ниво на човеков развој. Односно, постигнатото ниво на човеков развој во 2020 и 2021 година, прилагодено на нееднаквоста, е намалено и тоа е прв показател на нерамномерната распределба, пред сѐ, како резултат на проблемите кои се појавија во поглед на достапноста на здравствените услуги и нееднаквите можности за онлајн пристап до образовните содржини. Овој индекс во 2019 година изнесува 0,699, во 2020 година е 0,690, додека во 2021 изнесува 0,686.

Индексот на човековиот развој за жените во 2020 година изнесува 0,750, а за мажите 0,794. Притоа, вкупниот индекс на човековиот развој според полот (GDI) изнесува 0,945 (2020 година). За 2021 година пресметките покажуваат дека HDI за жени е 0,746 и за мажи 0,789. Вредноста на GDI во 2021 останува

иста како и во 2020 година. Според овие податоци економијата се наоѓа во третата група, група на земји со средно ниво на човеков развој според полот. Понеповолната положба на жените во однос на мажите, во периодот на здравствената криза, се должи, пред сè, на зголемените обврски во домаќинството заради онлајн наставата на децата и работата од дома на членови од семејството, зголемената работа околу грижата за домаќинството. Јазот помеѓу мажите и жените се продлабочи и на пазарот на работната сила, затоа што дел од жените требаше да се грижат за децата помлади од 10 години, поради затворањето на градинките и училиштата, што доведе до раскинување на работниот однос, одбивање да се обнови работниот договор, намалување на платата итн.

Индикаторите за квалитетот на животот за Република Северна Македонија покажуваат релативно високи вредности и ја рангираат земјата во групата на земји со високо средно ниво на човеков развој. Но, кај сите индикатори се забележува негативното влијание на пандемијата, кое, пред сè, се одразува во намалениот индекс на човековиот развој, при што нејзиното влијание врз здравјето на населението најмногу се одрази во намалување на очекуваното траење на животот. Истовремено, уште повеќе се нагласи родовата нееднаквост во поглед на активната улога на жените на пазарот на работната сила и неплатената домашна работа.

Во рамки на истражувањето беше спроведено емпириско истражување за ставовите на вработените за влијанието од Ковид-19 пандемијата врз работата и економијата со користење на Анкетен прашалник. Тој се состоеше од три групи на прашања. Првата група на прашања се однесуваше на социо-економски карактеристики на испитаниците, односно полот, возраста, образованието и секторот во кој лицето е вработено. Втората група на прашања ги опфаќа аспектите на влијанието на Ковид-19 пандемијата врз работното место. Последната група на прашања е поврзана со мерките кои ги превземаше Владата за надминување на социо-економските последици предизвикани од пандемијата.

Во однос на социо-економските карактеристики, поголем дел од испитаниците се жени, работат во приватниот сектор, при што доминатни се испитаниците од услужната дејност, а според образованието, најмногу од нив имаат завршено високо образование и се на возраст од 40 до 49 години.

Од анализата на добиените одговори од втората група на прашања

може да се заклучи дека пандемијата предизвика извесни промени на работните места. Притоа, испитаниците со највисок ранг (5) ги оценија промените на нивните работни места кои се однесуваат на поголема примена на дигиталните технологии (47,9 %) и воведувањето на работа од дома (45,2 %). Оценка 5 дале 39,4 % од испитаниците и за потребата за набавка на нова опрема (компјутери, лаптопи, таблети и сл.), а 23,9 % за неопходноста на обуки за користење на дигиталните технологии. Со најнизок ранг (1) во однос на промените во работата, што значи дека во тие домени имало најмали или воопшто немало промени, се оценети отпуштањата од работа (71,8 % од испитаниците), намалување на платите (61,0 %) и зголемено работно време (40,2 %).

Во однос на ставот на вработените за тоа како фирмата/институцијата во која што работат се справила со промените во работењето, 72,6 % од вработените потенцираат дека нивната фирма и во услови на криза не отпуштала работници, а 64,1 % сметаат дека се одржувало исто ниво на плати како пред пандемијата.

Истражувањето покажува дека според 41,7 % од испитаниците, работењето во услови на криза и покрај преземените мерки за надминување на промените, не ја зголемило продуктивноста на ниво на фирмата. Притоа, 66,8 % од испитаниците сметаат дека за зголемување на продуктивноста треба да се инвестира во човечки капитал и тоа преку обуки и доквалификации на вработените за стекнување на нови знаења и вештини. За 42,5 % од испитаниците порастот на продуктивноста ќе се постигне со поголема вклученост на менаџментот во примена на нови начини на работа, а за 43,6 % преку обука на вработените за прилагодување на новите начини на работа и користење на предностите на дигитализацијата. Мошне важен аспект за зголемување на продуктивноста, за 38,2 % од испитаниците, е набавката на нова опрема за процесот на работење, додека за 37,8 % е поголемата дигитализација во работењето.

Ковид-19 кризата предизвика определени промени и на индивидуално ниво, кои се однесуваат на работниот однос, платата, материјалната состојба на семејството, квалитетот на животот и др. Притоа, во текот на пандемијата само 6 % од испитаниците привремено останале без работа, а само на 11 % од вработените им се намалила платата. Кај 23 % од вработените дошло до влошување на материјалната состојба на нивните семејства, а според 93 % од испитаниците, здравствената криза

довела до зголемување на нивото на цените, како на основните добра и услуги, така и на сите други трошоци за живот. Оттаму, може да се констатира дека влошувањето на материјалната состојба на семејствата во овој период настана поради загуба на работата на испитаниците или на членови од нивните семејства, како и заради непроменета или иста плата во услови на зголемени трошоци за живот (домашни залихи на основни производи, на средства за лична хигиена, на лекови и витамини, на трошоци за лекување). Домашните буџети дополнително беа оптоварени поради неопходноста за набавка на информатичка опрема потребна за работа од дома и онлајн настава. Пандемијата предизвика и големи промени во поглед на нееднаквоста меѓу луѓето. Тоа се потврдува со ставот на повеќе од половина од испитаниците (52,3 %) дека нееднаквоста е најмногу изразена во пристапот и можностите за користење на здравствените услуги, за 35,6 % од испитанците во променетите услови и квалитет на живот, за 30,4 % во можностите за вработување во услови на пандемија и за 30,7 % во достапноста на дигиталните технологии неопходни за работа.

Третата група на прашања од анкетниот прашалник се однесуваше на ставовите на испитаниците за улогата на државата во справувањето со социоекономските последици кои настанаа како резултат на Ковид-19 кризата. Дел од мерките на Владата беа насочени кон фирмите/институциите кои се соочија со големи проблеми од аспект на нивното работење, неможноста да остваруваат приход, да исплаќаат плати на своите вработени и да бидат ликвидни. Сепак, дури 50,3 % од испитаниците сметаат дека овие мерки биле задоцнети и делумно соодветни, односно дека добар дел од нив не биле успешно и навремено креирани за да ги олеснат настанатите последици. Само мал дел од испитаниците (10,6 %) се изјаснија дека нивната фирма/институција користела некоја од понудените мерки. Притоа, повеќе од 90 % од овие испитаници ги издвоиле мерките кои се однесувале на субвенционирањето на платите, користењето на кредити без камата; ограниченото работно време; работата од дома и др.

Во рамки на прашалникот беа предложени и дополнителни мерки коибиможеледасепрезематзанадминувањенасоциоекономските последици од пандемијата, а кои испитаниците имаа можност да ги рангираат, согласно нивните ставови за значењето на секоја од предложените мерки. Со највисока оценка (5) речиси една третина од испитаниците (30,4 %) ја рангирале мерката

за инвестирање во човечки капитал, потоа 27,6 % ја оцениле потребата за поголема вклученост на државата во справувањето со последиците од Ковид-19 кризата и 25 % најголема предност и даваат на потребата од реформи во формалното и неформалното образование. Исто така, не помалку значајно е оценета потребата за зголемување на продуктивноста на ниво на фирмите (за 35,3 % од испитаниците), потоа потребата да се зголеми поддршката на фирмите/институциите за дигитализација на нивното работење (28,9 %), како и неопходната поддршка и обуки на вработените за зголемување на дигиталните вештини (27,8 %).

Процесот на економско заздравување после Ковид-19 пандемијата бара спроведување на симултани активности и системски решенија, најчесто насочени кон намалување и минимизирање на расходите и создавање на услови за поттикнување на инвестициите. Економиите кои се зависни од меѓународниот пазар, односно извозно, увозно и финансиски зависни од глобалните текови, најдобри ефекти би постигнале кога својата стратегија за економско заздравување би ја структурирале согласно глобалните стратегии и мерки за економско опоравување. Искуствата во светски рамки покажуваат дека во овој процес државата мора да има активна улога и да биде примарен носител на економското опоравување.

Република Северна Македонија е, исто така, исправена пред предизвикот како да се поттикне економски раст кој, пред сѐ, ќе ги надмине проблемите предизвикани од сѐ уште актуелната здравствена криза, но, едновремено нема да биде само позитивна статистичка бројка, туку ќе биде одржлив на долг рок и ќе се одрази во подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Имајќи ги предвид добиените сознанија од анализата на одделните аспекти кои се предмет на истражување во оваа Монографија, можат да се издвојат повеќе препораки и насоки на делување. Одржувањето на макроекономската стабилност, во услови на зголемување на инфлацијата, пораст на јавниот долг и политичката нестабилност, претставува примарна цел на креаторите на економската политика во Република Северна Македонија. Економскиот раст иако покажува одредени знаци на економско заживување, сепак, неговата одржливост и позитивно влијание врз подобрувањето на квалитетот на живот се неизвесни.

Основни прашања за кои е потребно да се воспостават соодветни стратешки активности се:

- Зајакнување на улогата на државата во креирањето на посигурно макроекономско опкружување, преку намалување на непродуктивните јавни расходи, зголемување на капиталните инвестиции, поттикнување на инвестициите на приватниот сектор.
- Зголемување на институционалната ефикасност, преку намалување на корупцијата, зголемување на ефикасноста на судството и враќање на довербата во институциите.
- Преструктурирање на економијата со пренасочување на ресурсите кон попродуктивни сектори кои создаваат повисока додадена вредност, модернизација на традиционалните сектори и поголема вклученост на нови технологии во производствените процеси.
- Идентификување и поддршка на индустриите кои ќе бидат носители на економското заздравување.
- Преземање на мерки и активности со кои ќе се зголеми продуктивноста, и тоа вкупната продуктивност, продуктивноста на трудот и онаа на ниво на претпријатијата, преку инвестиции во човечки капитал од страна на поединците, претпријатијата и државата, потоа преку поттикнување на истражувањето и развој на нови технологии, како и со поголема дигитализација на работните процеси.
- Поттикнување на способностите на претпријатијата да ги зголемат капацитетите за примена на нови технологии и поттикнување на иновативни активности, охрабрувајќи ги приватните инвестиции во човечкиот капитал, активна вклученост на менаџментот, како и спроведување на техничка обука.
- Надминување на јазот помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, преку промени во формалното и неформалното образование, поголема поддршка на дуалното и доживотното образование, прилагодување на образовните програми на потребите на пазарот на труд и надминување на недостатокот на квалификувани работници.
- Подобрување на квалитетот на образованието треба да овозможи стекнување не само на нови вештини и знаења, туку и да ги оспособи луѓето критички да размислуваат и

да развијат способности за полесно усвојување и примена на новите технологии.

- Преземање на мерки за намалување на емиграцијата во странство, особено на младото население, преку системски решенија со кои ќе се создадат услови овие луѓе да останат во државата.
- Реформи и подобрување на здравствениот сектор, кој во услови на пандемијата покажа бројни слабости и недостатоци. Факт е дека здраво население и работна сила се предуслов за поголема ефикасност во работењето, за зголемување на продуктивноста, тие учат побрзо и полесно се прилагодуваат на новите технологии.
- При концепирањето на одделните социоекономски политики и мерки да се има предвид демографската структура на Република Северна Македонија, особено во контекст на намалувањето на работоспособното население и работната сила, како и на интензивното стареење на населението.
- Преземање на мерки со кои дополнително ќе се поддржува земјоделскиот сектор и производството на храна. Пандемијата и актуелната воена и енергетска криза ставија акцент на недостигот со прехрамбени продукти, пред сè поради нарушените синџири на снабдување и зголемените трошоци за производство и дистрибуција.

Врз основа на анализата на одделните макроекономски индикатори и показатели за пазарот на работна сила, како и добиените одговори од анкетното истражување, Монографијава укажува на неколку неопходни правци кон кои треба да бидат насочени мерките на макроекономската политика, со цел опоравување на економијата и поттикнување на економскиот раст во следниот период. Обезбедувањето на макроекономска стабилност и зголемувањето на продуктивноста се основните предуслови за одржлив економски раст, кои наметнуваат потреба за сеопфатна и доследна примена на предвидените мерки и активности. Сепак, за Република Северна Македонија опоравувањето на економијата и поттикнувањето на економскиот раст се условени од пролонгирањето на пандемијата, забавувањето на економската активност, зголемувањето на инфлацијата, како и од интензивирањето на енергетската криза.

## Библиографија


1. Bloom N. , Bunn P., Mizen P, Smietanka P., Thwaites G., The impact of Covid-19 on productivity, Working Paper 28233, http://www.nber.org/papers/w28233
2. Blazevski-Mojsoska N., Skills mismatch measurement in North Macedonia, European Training Foundation, 2019
3. Башевска, М. Влијанието на Ковид-19 врз жените и мажите во Северна Македонија. СДЦ, Шведска, УН жени, Жените се важни (Women Count), 2020 година, https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf
4. Влада на Република Северна Македонија, Мерки на спречување на ширењето на Ковид-19 (https://vlada.mk/covid19)
5. CEDEFOP, Insights into skill shortages and skill mismatch: Learning from Cedefop's European skills and jobs survey, Cedefop reference series No.106. Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2018, http://data.europa.eu/doi/10.2801/645011
6. Chen S., Igan D., Pierri N., Presbitero, A.F., Tracking the Economic Impact of COVID-19 and Mitigation Policies in Europe and the United States, IMF Research, May 2020
7. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, (https://www.stat.gov.mk/)
8. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Анкета за работна сила, различни години, www.stat.gov.mk
9. D'Adamo G., Bianchi M.,Granelli L. Digitalisation and Beyond The COVID-19 Pandemic and Productivity Growth in G20 Countries, European Commission
10. Directorate-General for Economic and Financial Affairs, Economic Brief 067, July 2021
11. Dieppe A., editor, Global Productivity, Trends, Drivers and Policies, International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank, 2021
12. Димитриева Елка, Движење на резервите на работна сила во услови на стопанска експанзија и стопанска стагнација (на примерот на Југославија во 70-тите и 80-тите години), Труд од научниот собир: Демографски и социјални аспекти на работната сила и вработеноста, одржан на 2 и 3 ноември во Скопје, МАНУ, Скопје, 1991 година

13. Djambaska E., Lozanoska A., Theoretical approach of macroeconomic policy measures for solving economic consequences of Covid-19, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 22 No.1-2, p. 38-51, June, Skopje, 2020
14. Djambaska E., Lozanoska A., Piperkova I., Productivity as a source of economic growth - current situation and prospect in the Republic of North Macedonia, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 24, No. 2, October, p.31-45, Skopje, 2022
15. Djambaska E., Lozanoska A., Growth accounting in the Republic of North Macedonia, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year.21, no. 3/2019
16. Done Ioan, Employment - cause and effect of the economic growth, 1st International Conference 'Economic Scientific Research - Theoretical, Empirical and Practical Approaches', ESPERA 2013, Procedia Economics and Finance 8 (2014) 268 – 274 (PDF) Employment – Cause and Effect of the Economic Growth (researchgate.net)
17. Eftimoski, D., Economic Growth, theoretical concept and models, St. Kliment Ohridski University in Bitola, Faculty of administration and management –Bitola, 2009
18. Eftimoski, D., Petrevski G., Analysis of the source of economic growth in the Republic of Macedonia in transition period, Economic development, Journal of the Institute of Economics, year 5 no. 1-2-3, Skopje, 2003
19. Eurostat, Statistics Explained, Impact of COVID-19 on employment income - advanced estimates (Impact of COVID-19 on employment income - advanced estimates - Statistics Explained (europa.eu) (last accessed: 29.10.2022)
20. Eurostat, Database, Data - COVID-19 - Eurostat (europa.eu) (last accessed: 01.11.2022)
21. Eurostat, Sustainable Development-demographic changes, 2015. http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Archive:Sustainable_development_-_demographic_changes
22. Fernald J., Li H., Ochse M., Labor Productivity in a Pandemic, Research from Federal Reserve Bank of San Francisco, August 2021
23. Guerrieri V., Lorenzoni G., Straub L., Werning I., Macroeconomic implications of Covid-19: Can negative supply shocks cause demand shortages? Working Paper 26918, http://www.nber.org/papers/w26918
24. Hausmann R., Hwang J., Rodric D., What you export matters?, CID Working Papers Series 2005, Harvard University, Cambridge, MA, 2005
25. Извештај за човеков развој 2022, податоци од УН, https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD

26. International Monetary Fund, Boosting Productivity in the aftermath of Covid-19, Juni 2021
27. ILO, Global Employment Trends for Youth 2022: Investing in transforming futures for young people, 11 August 2022 (Report: Global Employment Trends for Youth 2022: Investing in transforming futures for young people (ilo.org) (last accessed: 20.10.2022)
28. ILO, World Employment and Social Outlook: Trends 2022, Report: World Employment and Social Outlook: Trends 2022 (ilo.org) (last accessed: 10.11.2022)
29. ILO, Economic impacts of reducing the gender gap - What Works, Research Brief No. 10, Geneva, International Labour Office, 2017
30. Janeska V., Lozanoska A., Predojević-Despić J., Lukić V., Emigration and remittances during Covid-19: evidence from North Macedonia and Serbia, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 24 No. 5 / 2022
31. Janeska V., Lozanoska A., Impact of Covid-19 pandemic on the mortality in Republic of North Macedonia, Economic Development, Year.24 No. 1/2022, Institute of Economics-Skopje, 2022
32. Janeska V., Lozanoska A., Impact of Digitalization on the Labour Market: The Case of North Macedonia, Economic Analysis (2021, Vol. 54, No. 1, 24-40), 2021
33. Janeska V., Lozanoska A., Features of the active and inactive younger population in the Republic of Macedonia - current conditions and challenges, Institute of Economics - Skopje, Skopje, 2018
34. Janeska V., Lozanoska A., Djambaska E., Demographic Changes and Sustainable Demographic Development in the Western Balkans, Economics Analysis, Vol. 5, No. 1-2, pp. 1-17, Belgrade, 2018
35. Janeska V., Lozanoska A., Changes in the older population of the Republic of Macedonia and social protection challenges, Economic Development, Year.19 No. 1-2/2017, Institute of Economics-Skopje, 2017
36. Janeska, V., Lozanoska. A., Djambaska. E., Demographic Consequences of the Emigration from the Republic of Macedonia, Economic Development-Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year. 18 No. 1-2/2016, Skopje, p. 157-178
37. Lozanoska A., Djambaska E., Piperkova I., Employment aspects related to quality of life in North Macedonia, Journal of Sustainable Development, Vol. 12, Issue 28, June 2022, page 38-55, UDK 330.59:331.5(497.7) https://doi.org/10.54442/JSD221228038l
38. Lozanoska A., Janeska V., Djambaska E., Challenges of the demographic ageing in the Republic of North Macedonia – current situation and prospects, Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 24, No. 2/2022, p. 61-75

39. Lozanoska A., Djambaska E., Macroeconomic Assumptions for the Employment Policy in the Republic of Macedonia, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 17 No. 1-2 June 2015, p. 343-360, Skopje, 2015
40. Lozanoska A., Djambaska E., Economic Growth and Unemployment: An Empirical Analysis (A Case Study on the Republic of Macedonia), Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 16 No. 3 December, Skopje, 2014
41. Лозаноска А., Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија, докторска дисертација, Економски институт-Скопје, 2013 година
42. Lorraine Charles, Shuting Xia, Adam P. Coutts, Digitalization and Employment, A Review, ILO, 26 August 2022 (Report: Digitalization and Employment, A Review (ilo.org)
43. Lukić V., Predojević-Despić J., Janeska V., Lozanoska A., How is COVID-19 reshaping temporary and circular labour migration: Serbia and North Macedonia perspectives, Forum geografic, Studii și cercetări de geografie și protecția mediului, Volume XX, Issue 1 (June 2021), pp. 55-65, http://dx.doi.org/10.5775/fg.2021.051.i
44. Macías Enrique Fernández, Automation, digitisation and platforms: Implications for work and employment, Eurofound, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2018 https://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_publication/field_ef_document/ef18002en.pdf
45. Micevska M., Eftimoski D. Petkovska Mircevska T., Economic growth og the Republic of Macedonia: Experiences and Policy Recomendations, Wold Bank Global Research Project, 2002
46. Министерство за финансии на Република Северна Македонија, (https://finance.gov.mk/)
47. Народна Банка на Република Северна Македонија, (https://www.nbrm.mk/bilteni.nspx)
48. North Macedonia, Enterprise Surveys, The World Bank Group, 2020, www.enterprisesurveys.org
49. Обединети нации, (https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD)
50. OECD, OECD forum, 2016, http://www.oecd.org/forum/issues/forum-2016-issues-the-future-of-education.htm
51. Pavlović D., Bodroža D., Vukmirović V., The Economic Impact of the COVID-19 on the Serbia's Labor Market: Statistics and Facts, Institute of Economic Sciences, Belgrade, Serbia, Economic Analysis (2020, Vol. 53, No. 1, 1-13)

52. Piperkova I., Djambaska E., Lozanoska A., Quality of education – the core value of human capital, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 24 No.1, p. 175-189 April, Skopje, 2022
53. Пробивање пат во неизвесни времиња (Индекс на човековиот развој за 2022 година – Северна Македонија), Програма за развој на Обединетите нации за Северна Македонија (УНДП Северна Македонија), ноември 2022 година
54. Реактор, Платена и неплатена работа, родово-базирана дискриминација и работнички права во време на Ковид-19, 2020 година, https://reactor.org.mk/публикации
55. Sanfey P. Milatovic J., North Macedonia Diagnostic, Economics, Policy and Governance (EPG) Department at the EBRD, 2019
56. Serban Andreea Claudia, Aging population and effects on labour market, International Conference On Applied Economics (ICOAE) 2012, Procedia Economics and Finance 1, 2012
57. Socio-Economic Assessment of COVID19's Impact in North Macedonia: Policy Response, Economic Recovery and Growth, UNDP, Skopje 3.06.2020
58. The World Bank, Republic of North Macedonia: Action Plan for Recovery of Growth and Jobs, June 2020
59. The World Bank (November 2018), "Seizing a Brighter Future for All: Former Yugoslav Republic Of Macedonia Systematic Country Diagnostic" Report Number 121840-MK, November 2018, Skopje
60. The World Data Bank, (https://www.enterprisesurveys.org/en/methodology)
61. The World Bank, Report No: AUS0001042, Finding Solutions to Youth Unemployment in North Macedonia, July 2019
62. Ќурчиев А., Димитриева Е., Јовановиќ А., Јанеска В., Лозаноска А., Демографски терминолошки речник, Економски институт-Скопје, 2012 година
63. Џамбаска Е., Економски ефекти на фискалната политика, Докторска дисертација, Економски факултет-Скопје, 2013 година
64. WEF, Global Agenda: In the age of automation, technology will be essential to reskilling the workforce, 2020, https://www.weforum.org/agenda/2020/03/how-tech-can-lead-reskilling-in-the-age-of-automation/ (last accessed: 20.10.2022)
65. Wertheimer B. Alica, Rašević M., Uticaj demografskog faktora na formiranje radne snage u Jugoslaviji, Demografski, socijalni i ekonomski aspekti radne snage i zaposlenosti, Materijali sa naučnog skupa održanog 2 i 3 Novembra 1989 godine u Skopju, MANU, Skopje, 1991

## Прилог 1 Анкетен прашалник

**Влијанието на Ковид-19 врз работните места и животниот стандард во РСМ**

Почитувани,

Овој прашалник е развиен како инструмент за прибирање на податоци од вработените лица во Република Северна Македонија, за да се согледа нивното мислење за тоа како Ковид-19 пандемијата се одрази врз животниот стандард, работата, продуктивноста и економијата. Добиените резултати ќе бидат ставени во контекст на теоретските сознанија и досегашните истражувања, а во насока на идентификување на можни начини за надминување на настанатите проблеми и последици од Ковид-19 кризата.

Лицата кои ќе го пополнат овој Прашалник ќе останат анонимни. Вашиот објективен одговор на прашањата опфатени во прашалникот ќе ни помогне во *согледување на последиците од Ковид-19 кризата, видени преку ставовите и мислењата на оној дел од работната сила кој силно ги почувствува проблемите и промените кои ги предизвика пандемијата.*

Ве молиме, прашалникот да го пополнувате само ако сте во работен однос, независно дали во приватен или јавен сектор.

1. Возраст ____________________

2. Пол

   а) машки
   б) женски

3. Највисоко завршено образование:

   а) Без образование и непотполно основно образование
   б) Основно образование
   в) Средно образование
   г) Вишо образование
   д) Високо образование
   ѓ) магистратура
   е) докторат

4. Вработен сум во фирма/институција:

а) приватен сектор
б) јавен сектор
в) друго_____________________________

5. Фирмата/институцијата работи во дејноста:

а) производство
б) трговија
в) услужна дејност
г) друго

6. Наведете конкретно во која дејност работи Вашата фирма (на пример. услужна дејност-угостителски услуги)

_____________________________________________________________________

7. Дали сметате дека пандемијата предизвикана од вирусот Covid - 19, доведе до промени во фирмата/Вашето работно место

а) да (ако е да оди на следното прашање)
б) не (ако е не, продолжи со одговарање на прашањата за лични промени прашање број 13)
в) не знам

8. Нивото на промени, според Ваше мислење може да се рангираат, притоа со највисока оценка 5 означете најголем интензитет на промени во работењето, а со најниска 1 најмалку промени.

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| намален интензитет (или обем) на работа | | | | | |
| отпуштања од работа | | | | | |
| намалувања на платите | | | | | |
| зголемување на обврските и одговорностите на работното место | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| зголемено работно време | | | | | |
| работа од дома | | | | | |
| поголема примена на дигитални технологии во работата | | | | | |
| неопходност од обуки за користење на дигитални технологии | | | | | |
| потреба за набавка на нова опрема (компјутери, таблети и сл.) за поефикасно работење | | | | | |

9. Како фирмата се справи со промените на работењето во услови на пандемија? (можност за повеќекратен избор)

а) воведе систем на ротација на вработените кои се физички присутни во работните простории

б) фирмата инвестираше во набавка на опрема и софтвер за работа во домашни услови

в) фирмата подготви соодветна едукација и направи обука за користење на платформите за on-line комуникација

г) го одржуваше нивото на плати на ниво пред почетокот на пандемијата

д) не отпушти работници

ѓ) ја прошири дејноста на работење во пандемијата

е) се зајакна меѓусебната комуникација и взаемна помош помеѓу вработените во компанијата

ж) обезбедуваше поддршка (здравствена, техничка, морална) за вработените во текот на пандемијата

10. Дали имаше пораст на продуктивноста на фирмата/институцијата во која сте вработени?

а) да (ако одговорот е да, продолжете на следно прашање)
б) не
в) не знам

11. Фирмата/институцијата во која сте вработени, сметате дека може да ја зголеми продуктивноста со: (можност за повеќекратен избор)

а) поголема дигитализација во работењето
б) поголема вклученост на менаџментот во примена на нови начини на работа
в) обука на вработените за прилагодување на новите начини на работа и користење на предностите на дигитализацијата
г) набавка на нова опрема за процесот на работење
д) користење на мерките и помош од државата
ѓ) инвестирање во човечи капитал (обуки и доквалификации на вработените за стекнување на нови знаења и вештини

12. Дали во текот на пандемијата бевте во постојан работен однос?

а) да, бев во постојан работен однос
б) не, привремено бев без работа
в) останав без работа

13. Дали Ви се намали платата?

а) да
б) не

14. Дали се влоши материјалната состојба на Вашето семејство?

а) да (ако одговорот е да, продолжете на следно прашање)
б) не
в) не знам

15. Кои беа причините за влошувањето на материјалната состојба на Вашето семејство?

________________________________________

________________________________________

16. Дали сметате дека пандемијата доведе до пораст на цените на производите и услугите?

а) да
б) не
в) не знам

17. Според Вас кои се причините за порастот на цените на производите и услугите?

а) зголемени цени на факторите на производство
б) намален обем на производство и затворени производствени погони
в) зголемени трошоци за транспорт и логистика
г) зголемени даноци
д) недоволна понуда, зголемена побарувачка
ѓ) мерките од страна на државата превземени за време на пандемијата

18. Според Ваше размислување пандемијата предизвика зголемена нееднаквост помеѓу луѓето во однос на: (со 5 означете најголемо влијание, а со 1 најниско)

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| условите и квалитетот на живот | | | | | |
| пристап и можност за користење на здравствените услови | | | | | |
| можностите за образование | | | | | |
| можностите за вработување | | | | | |
| условите за работа | | | | | |
| достапноста на дигиталните технологии неопходни за работа | | | | | |

19. Мерките кои ги превзема Владата за надминување на економските последици предизвикани од вирусот Ковид-19 во Република Северна Македонија, според Вашето мислење ги оценувате како:

а) навремени и соодветни

б)задоцнети и делумно соодветни

в)ненавремени и несоодветни

20. Дали фирмата/ институцијата во која сте вработени е корисник на економските мерки на Владата за надминување на последиците од Ковид-19?

а) да

б) не

в) не знам

21. Ако на претходното прашање сте одговориле ДА, наведете кои мерки ги користи.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

22. Кои други мерки според Вас би требало да бидат превземени од страна на фирмата/институцијата за надминување на последиците од кризата?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

23. Оценете ги следниве мерки за справување со економските последици од Ковид-19 кризата (5 е највисока, а 1 е најниска оценка):

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| зголемување на продуктивно ста на ниво на економијата | | | | | |
| зголемување на продуктивноста на ниво на фирмите | | | | | |
| поддршка на фирмите за зголемување на степенот на дигитализација на нивното работење | | | | | |
| обезбедување поддршка и обуки за вработените за зголемување на дигиталните вештини | | | | | |
| инвестирање во човечки капитал | | | | | |
| промени и реформи во формалното и неформалното образование | | | | | |
| вклученост на државата во справување со економките последици од Ковид-19 | | | | | |

**Ви благодариме!**

ISBN 608-4519-31-7
9 786084 519317